На секои 1000 работни часови (S680, S685 и S690) 160-52
На секои 2000 работни часови (S660 и S670)..... 160-53
На секои 2000 работни часови (S680, S685 и S690) 160-54
На секои 2000 работни часови 160-55
На секои 4500 часа или три години (конечно ниво 4/фаза IV)..... 160-57
4500 работни часови или пет години 160-57
На секои 6000 работни часови или шест години..... 160-58
По потреба 160-59

Решавање проблеми

Доставна комора..... 165-1
Сепаратор 165-2
Хидростатичен земјен погон 165-6
Погон на четири тркала (изборно)..... 165-9
Управување 165-9
Сопирачки..... 165-10
Мотор 165-11
Електричен..... 165-22
Грејач 165-23
Систем за климатизација 165-24
Сензорот за влага (ако е вградено)..... 165-25
Сензор за протокот на маса (ако е вградено)..... 165-25

Складирање

Подготвување на машината за складирање..... 170-1
Вадење на машината од складирање..... 170-2

Спецификации

Работни брзини (S660 и S670)..... 175-1
Работни брзини (S680, S685 и S690) 175-3
Спецификации (S660 и S670)..... 175-5
Спецификации (S680, S685 и S690)..... 175-8
Димензии (S660 и S670)..... 175-11
Димензии (S670 HillMaster™)..... 175-12
Димензии (S680, S685 и S690) 175-13
Димензии (S680 HillMaster™, S685 HillMaster™ и S690 HillMaster™) 175-14
Референтни точки за димензии..... 175-15
Вибрирања на цело тело 175-16
Ниво на звук 175-16
Безбедносна порака во поглед на дополнителните инсталации на електрични и електронски уреди и/или компоненти 175-16
ЕС Декларација за сообразност..... 175-17
Царинска унија–EAC 175-18
Унифицирани вредности на моментот на вртење за цолови завртки и шрафови..... 175-19
Метрички вредности на моментот на вртење за завртките и шрафовите 175-20

Идентификациски броеви на машината


Интерпретирање на серискиот број на машината 180-1
Идентификациски броеви 180-2
Плочка за идентификација на машината..... 180-2
Локација на плочката за идентификација на машината 180-2
Царинска унија–EAC местоположба на ознака за усогласеност 180-3
Толкување на серискиот број на моторот 180-4
Сериски број на моторот (Tier 2/Stage II) 180-5
Сериски број на мотор (конечно ниво 4/фаза IV) 180-5
Пумпа на хидростатичката погонска единица 180-5

Продолжува на следната страница

Страница

Мотор на хидростатичката погонска единица 180-6
Моторите со погонот на четири тркала од две брзини 180-6
Куќиште на запчест пренос на моторот 180-6
Куќиштето на запчестиот пренос на погонот на роторот 180-7
Пренос 180-7
Реверсер на доставната комора 180-7
Куќиштето на запчестиот пренос на повеќе брзинската доставна комора (ако е вградено) 180-8
Дробилката (ако е вградено) 180-8
Крило на задната врата (делукс, средно и премиум ниво на одложување на остатокот) 180-8
Напредна PowerCast™ задна врата (средно и премиум ниво на одложување на остатокот) 180-9
Задната плоча PowerCast (отпад делукс) 180-9
Распрскувач (отпад делукс) 180-9
Чувајте го доказот за сопственост 180-10
Држете ја машината на сигурно место 180-10

Безбедносни карактеристики на машината



Преден/заден поглед на безбедносните карактеристики

A—Безбедносни карактеристики на кабината: Систем за присуство на операторот, блокада на електронското стартување на моторот, безбедносен ремен, прозорец за итен излез, сопирачка за паркирање, трепкачи
B—Држачи за раце
C—Предни светла
D—Подметнувачи отпорни на лизгање
E—Знаци за безбедност
F—Механички безбедносен граничник (Доставна комора)
G—Скалила отпорни на лизгање и платформа со држачи за раце
H—Штитници
I— Ретровизори
J—Предупредувачки светла и рефлектирачка лента
K—Светилници
L—Аларм при возење наназад
M—Сервисна платформа отпорна на лизгање со држачи за раце
N—Карактеристики на ротационен аларм: Светло за празнење, светла за стебла на посевот, светла при отворање врата

Покрај безбедносните карактеристики прикажани овде, другите компоненти и системи, сигурносните светлата на машината и безбедносните пораки и упатства во прирачникот за користење, заедно со вниманието и грижата на способен оператор, придонесуваат кон безбедно работење на оваа машина.

SS43267,0000590 -A8-23MAR15-1/1

Препознавање на информациите за безбедност

Ова е знак за сигурносно предупредување. Кога ќе го видите овој симбол на Вашата машина или во овој прирачник, внимавајте на можна лична повреда.

Следете ги препораките за претпазливост, како и општите правила за безбедна работа.




T81389 —UN—28JUN13

DX,ALERT -A8-29SEP98-1/1

Разбирање на предупредувачките пораки

Предупредувачката порака—ОПАСНОСТ (DANGER), ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ (WARNING) или ВНИМАНИЕ (CAUTION)— се користат со знак за сигурносно предупредување. ОПАСНОСТ (DANGER) означува најсериозни опасности.

Заштитните знаци ОПАСНОСТ (DANGER) или ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ (WARNING) се поставуваат блиску до посебни опасности. Заштитните знаци ВНИМАНИЕ (CAUTION) означуваат општи предупредувања. ВНИМАНИЕ (CAUTION), исто така, упатува на пораки за безбедност во овој прирачник.



TS187 —A8—23APR14

DX,SIGNAL -A8-03MAR93-1/1


Следете ги упатствата за безбедност

Внимателно прочитајте ги сите пораки за безбедност во овој прирачник како и знаците за безбедност на Вашата машина. Одржувајте ги знаците за безбедност во добра состојба. Заменете ги изгубените или оштетените знаци за безбедност. Проверете дали новата опрема и поправените делови ги имаат моментално важечките знаци за безбедност. Резервни знаци за безбедност може да се добијат од Вашиот трговец со John Deere опрема.

Може да постои дополнителна безбедносна информација наведена на деловите и компонентите кои доаѓаат од снабдувачите, кои не се вклучени во овој прирачник.

Научете како да работете со машината и како правилно да ги користите контролите. Не дозволувајте необучено лице да управува со машината.

Одржувајте ја Вашата машина во добра работна состојба. Самоволните модификации на машината



TS201 —UN—15APR13

може да го загрозат нејзиното функционирање и/или безбедноста и да влијаат врз нејзиниот работен век.

Ако не го разбирате кој било дел од овој прирачник и потребна Ви е помош, контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,READ -A8-16JUN09-1/1

Управување со машината


Со машината работете само по поравилното инсталирање на сите штитници.

Пред придвижувањето секогаш проверете ја непосредната околина на машината (на пример, дали има деца). Обезбедете соодветна видливост. Користете ја сирената како предупредување пред да ја придвижите машината.

Секогаш приспособете ја брзината според условите на патот или на теренот. Избегнувајте нагли свртувања кога возите по угорници, удолници или ритчиња. Посебно бидете внимателни кога свртувате по падини со полн резервоар за зрна.

Следете ги упатствата за хедерот во Прирачникот за користење при прикачувањето или откачувањето на хедерот.

Кога свртувате, секогаш земета ја во предвид ширината на приклучниот уред и фактот дека задниот крај на машината се ниша на надвор. Приклучните уреди и условите на теренот влијаат карактеристиките на комбајнот.



ZX002461

ZX002461 —UN—16JUN95

Намалете ја брзината кога возите по падини и по нерамен терен, како и пред остри свртувања. Пред слегување по стрмен рид, префрлете во помала брзина.

Избегнувајте дупки, ендеци и препреки кои можат да предизвикаат превртување на комбајнот, особено на падини.

OUO6075,0000AB7 -A8-21FEB07-1/1

Внимавање на сообраќајните прописи на патиштата

Секогаш внимавајте на локалните сообраќајни прописи кога возите по јавни патита.

OUO6075,0000032 -A8-22JAN01-1/1

Проверка на безбедноста на машината

Секогаш проверете ги патот и општата работна безбедност на машината пред да ја користите.

FX,READY -A8-28FEB91-1/1

Други лица и деца не се возат во машината

Само тој што управува смее да биде во машината. Другите лица нека не бидат на машината, освен во текот на обуката или за време на кратки периоди на набљудување.

Другите лица кои се возат се подлежни на повреди, на пример, може да бидат исгрлени од машината. Освен тоа, другите патници ја нарушуваат прегледноста на возачот што ја загрозува работната безбедност.

Децата никогаш не смеат да бидат на машината или во кабината додека моторот работи.

Седиштето за обука треба да се употребува само за обука или за кратки периоди за набљудување на машината, а не за сместување на деца.



TS253 —UN—23AUG88


HX,AG,SF6904 -A8-22JUL99-1/1

Баластирање за безбеден контакт со земјата

Перформансите за работење, управување и сопирање на комбајнот значително се под влијание од страна на тешки предни приклучни уреди кои го изменуваат центарот на гравитација на комбајнот.

За да го одржите потребниот контакт со земјата, соодветно баластирајте го задниот дел на комбајнот.

Почитувајте ги максималните дозволени оптоварувања за оска и вкупната тежина.



H51907 —UN—10FEB99

HX,AG,SF6782 -A8-05FEB99-1/1

Транспорт по патишта со прикачен хедер

Почитувајте ги националните и локалните законски прописи во врска со работењето со комбајнот по јавни патишта.


Овој комбајн има одобрение за транспорт по патишта во Германија со 8 реден преклопен хедер Geringhoff и 8 реден преклопен хедер Kemper. Транспортот по јавни патишта во Германија со други хедери мора да биде одобрен од локалниот TUEV за да се добие дозвола за транспорт.

OUO6075,0003B9B -A8-03NOV04-1/1

Избегнување на електрични напонски водови

Растоварната спирала на резервоарот за зрна поставете ја во положба за транспорт и спуштете го пристапниот рачен држач на резервоарот за зрна, пред да возите по јавни патишта.

Радио антената поставете ја во положба за транспорт пред да возите по јавни патишта зашто може да дојде во контакт со ниско-обесените електрични кабли. Во тој случај операторот може да доживее тежок електричен шок.



H52022 —UN—14APR99

HX,STSSA,D -A8-22JUL99-1/1


Паркирање и оставање на машината

Спуштете ја единицата за жнеење на земјата.

Пред да ја напуштите машината, исклучете ја единицата за жнеење и сепараторот. Поместете ја рачката за повеќе функции во неутрална положба и ИСКЛУЧЕТЕ ја машината. Нанесете ја сопирачката за паркирање, отстранете го клучот и заклучете ја кабината на возачот.

Никогаш не оставајте ја машината без надзор додека работи моторот.

Никогаш не ја напуштајте кабината на операторот додека возете.



TS230 —UN—24MAY89

OUO6075,0000AEB -A8-11FEB14-1/1

Работете во проветрена просторија

Издувните гасови од моторот може да предизвикаат болест или смрт. Ако е потребно со машината да се работи во затворен простор, отстранете ги издувните гасови од тој простор со продолжена цевка што се става на издувната цевка.

Ако немате продолжена издувна цевка, тогаш отворете ги вратете за да влезе воздух од надвор.



TS220 —UN—15APR13

DX,AIR -A8-17FEB99-1/1

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.

Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.



TS202 —UN—23AUG88

Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.


DX,FIRE1 -A8-12OCT11-1/1

Подготовка за итни случаи

Бидете подготвени во случај на пожар.

Држете ги при рака кутијата за прва помош и апаратот за гасење на пожар.

Во близина на Вашиот телефон, држете ги броевите на лекарите, службата за итна помош, болницата и противпожарната служба.



TS291 —UN—15APR13

DX,FIRE2 -A8-03MAR93-1/1

Безбедно ракување со течност за стартување

Течноста за стартување е лесно запалива.

При користењето, држете подалеку секакви искри или оган. Држете ја течноста за стартување подалеку од акумулатори и кабли.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот и складирајте ја на ладна, заштитена положба.

Не палете или пробивајте контејнер со течност за стартување.

Не употребувајте течности за почетно палење кај мотор опремен со греачи или со греач за доводен воздух.



TS1356 —UN—18MAR92

DX,FIRE3 -A8-14MAR14-1/1

Во случај на пожар

ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда.

Веднаш запрете ја работата на машината на првиот знак на оган. Тоа може да се идентифицира по мирисот на час или појавата на оган. Со оглед на тоа што огнот напредува и се шири брзо, веднаш слезете од машината и внимателно оддалечете се од огнот. Не се враќајте до машината! На прво место е безбедноста.

Повикајте ја противпожарната служба. Преносливиот противпожарен апарат може да изгасне мал оган или да го стави под контрола додека не дојде противпожарната служба, но преносливите противпожарни апарати имаат ограничувања. Секогаш на прво место треба да биде безбедноста на возачот и на луѓето во околината. Ако се обидувате да го изгаснете огнот, грбот нека Ви биде свртен кон ветерот, со непречен пат по кого ќе можете брзо да се оддалечите ако пожарот не може да биде изгаснат.

Внимателна прочитајте го упатството за противпожарниот апарат и запознајте се со неговата локација, деловите и работата, пред да се појави пожар. Локалната противпожарна служба или набавувачите на противпожарна опрема можат да понудат обука и препораки за противпожарни апарати.

Ако Вашиот противпожарен апарат нема упатства, следете ги овие општи насоки:



TS227 —UN—15APR13

1. Повлечете го осигурувачот. Задржете го противпожарниот апарат со прскалка насочена далеку од вас, и ослободете го механизмот за блокирање.
2. Насочете ниско. Противпожарниот апарат насочете го во подножјето на огнот.
3. Стиснете ја рачката пополека и рамномерно.
4. Поместувајте ја прскалката од една на друга страна.

DX,FIRE4 -A8-22AUG13-1/1

Избегнете го ризикот од појава на статичен електрицитет при полнење на гориво

Отстранувањето на сулфур и на други компоненти во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD), ја намалува неговата спроводливост и го зголемува ризикот од акумулирање на статичен електрицитет.


Рафинериите можеби го третирале горивото со антистатични додатоци. Меѓутоа, постојат многу фактори кои можат да ја намалат ефикасноста на тие додатоци со текот на времето.

Статичниот електрицитет може да се акумулира во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур додека тоа тече низ системите за полнење со гориво. Празнењето на статичниот електрицитет во присутност на запаливи пареи би можело да резултира со оган или експлозија.

Затоа е важно да се обезбеди целиот систем кој се користи за полнење со гориво на Вашата машина (резервоар за гориво, пумпа, доводно црево, пиштол за полнење и др.) да е правилно заземјен и меѓусебно поврзан. Побарајте совет од Вашиот снабдувач со гориво или со систем за гориво, за да бидете сигурни дека системот за испорака е во согласност со стандардите за снабдување со гориво во однос на практиката за правилно заземјување и поврзување.



RG22142 —UN—17MAR14




RG21992 —UN—21AUG13

DX,FUEL,STATIC,ELEC -A8-12JUL13-1/1

Носете заштитна облека

Додека работете, носете тесна облека и соодветна опрема за безбедна работа.

Безбедното ракување со опремата го бара целосното внимание на операторот. Не носете слушалки за радио или музика додека работете со машината.



TS206 —UN—15APR13

DX,WEAR2 -A8-03MAR93-1/1

Држете се подалеку од единиците за жнеење

Лентата со сечила, спиралата, намотките и ролните за полнење не можат да бидат целосно заштитени поради нивната функција. Држете се подалеку од овие подвижни елементи за време на работењето. Секогаш исклучете ја главната спојка, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да ја сервисирате или одзатнувате машината.



ES118704 —UN—21MAR95

OUO6075,00009E5 -A8-28SEP10-1/1

Држете ги рацете далеку од ножевите

Никогаш не обидувајте се да ги расчистите препреките што се напред или на хедерот сè додека сепараторот не е исклучен, рачната сопирачка е поставена, моторот е изгаснат и клучот е изваден.

Никој не смее да биде во близина на машината при стартувањето на моторот.




TS254 —UN—23AUG88

OUO6075,00009E6 -A8-28SEP10-1/1

Користење на сигурносни светла и уреди

Спречете ги судирите со другите учесници во сообраќајот, со спорите трактори на кои е приклучена дополнителна опрема или товар и со машините со сопствен погон на јавните патишта. Често проверувајте го сообраќајот зад вас, особено при свртувањата и користете ги трепкачите.

Користете ги предните светла, светлата за предупредување што трепкаат и трепкачите за вртење, и дење и ноќе. Следете ги локалните прописи за осветлување и за означување на опремата. Одржувајте ги светлата и ознаките видливи, чисти и во добра работна состојба. Заменете ги или поправете ги светлата и ознаките што се оштетени или изгубени.




TS951 —UN—12APR90

HX,STSSA,O -A8-22JUL99-1/1

Користење на безбедносен ремен

Користете го безбедносниот ремен секогаш кога управувате со комбајнот или кога се возите како набљудувач.



H47137

H47137 —UN—25OCT95

HX,STSSA,I -A8-22JUL99-1/1


Транспортирајте го безбедно комбајнот со хедер

Кога е тоа можно, избегнувајте транспортирање на јавни патишта со прикачен хедер.

Ако комбајнот мора да биде транспортиран со прикачен хедер, осигурете дека работат светлата за предупредување кои трепкаат на хедерот и рефлектирачкиот материјал да биде чист и видлив.

Се препорачува употреба на лице кое набљудува или пилот-возило при густи, тесни или накосени патишта и кога се преминуваат мостови.

Возете со брзина која е безбедна за условите.



H51909 —UN—07MAY99

OUO6075,0000034 -A8-22JAN01-1/1

Спречување на неконтролирано и неочекувано движење на машината

Избегнете повреди или смрт поради неочекувано движење на машината или на нејзините делови.

Не го стартувајте моторот со краток спој на клемите на стартерот или со соленоидниот приклучок. Машината или нејзините делови може да се придвижат ако е заобиколено вообичаеното струјно коло.



H58737 —UN—08JUL99

AG,OUO1035,792 -A8-08JUL99-1/1

Практикувајте само-одржување

Проучете ги сервисните постапки пред да почнете со работа. Одржувајте го просторот чист и сув.

Никогаш не ја подмачкувајте, не ја поправајте и не ја нагодувајте машината додека таа е во движење. Чувајте ги дланките, стапалата и облеката далеку од погонските делови. Исклучете го погонскиот напон и ослободете го притисокот со активирање на соодветните команди. Спуштете ја приклучената опрема на тлото. Исклучете го моторот. Извадете го клучот. Оставете го моторот да се олади.

Безбедно потпрете го секој елемент на машината што треба да биде подигнат заради сервисирање.

Одржувајте ги сите делови во добра состојба и соодветно наместени. Веднаш поправете го секое оштетување. Заменете ги истрошените или оштетените делови. Отстранете каква било наслага од подмачкувачи, масло и отпадоци.

Кај самодвижечката опрема, одвојте го кабелот за маса од акумулаторот (-) пред да правите нагодувања на електричните системи или да заварувате на машината.

Кај уреди кои се влечат, исклучете ги електричните кабли од тракторот пред да ги сервисирате компонентите на електричниот систем или да заварувате на машината.



TS218 —UN—23AUG88

DX,SERV -A8-17FEB99-1/1

Заварување во близина на електронски контролни единици

ВАЖНО: Не стартувајте го моторот со користење на опрема за заварување. Струјните кола и напоните се премногу високи и може да предизвикаат трајно оштетување.

1. Исклучете го негативниот (-) кабел (кабли) на акумулаторот.
2. Исклучете го позитивниот (+) кабел (кабли) на акумулаторот.
3. Поврзете ги позитивните и негативните кабли заедно. Не прикачувајте на рамот на возилото.
4. Отстранете или поместете ги приклучоците на кабелскиот сноп подалеку од просторот каде ќе се заварува.
5. Поврзете ја масата на апаратот за заварување во близина на точката на заварување и подалеку од контролните единици.



TS953 —UN—15MAY90

6. По остварено заварување, повторете ги чекорите 1—5 во обратен редослед.

DX,WW,ECU02 -A8-14AUG09-1/1

Отстранете ја бојата пред заварување или загревање

Избегнувајте ги потенцијалните токсични гасови и прашината.

Штетни гасови се создаваат кога бојата се загрева во текот на заварувањето, лемењето или користењето на апарат за автогено заварување.

Отстранете ја бојата пред загревање:

- Отстранете ја бојата во круг од најмалку 100 mm (4 in.) од местото што се загрева. Ако бојата не може да се отстрани, тогаш ставете соодветен респиратор пред загревањето или заварувањето.
- Ако ја шмирглате или ја брусите бојата, избегнувајте да ја вдишувате прашината. За таа цел, носете одобрена респираторна маска.
- Ако користите растворувач или растворувач за боја, тогаш отстранете го растворувачот со сапун и вода пред заварувањето. Амбалажата од растворувачите и растворувачите за боја и другиот запалив материјал, отстранете ги од работната зона. Пред заварувањето или загревањето, почекајте најмалку 15 минути за гасовите да исчезнат.



TS220 —UN—15APR13

Не користете хлориран растворувач во зоните каде што се заварува.

Целата работа извршувајте ја на добро вентилирано место за да се отстранат кон надвор штетните гасови и прашината.

Отстранете ги правилно бојата и растворувачот.

DX,PAINT -A8-24JUL02-1/1

Избегнувајте загревање во близина на цевки за течности под притисок

Запаливиот гас може да се создаде поради загревање во близина на цевки за течност под притисок, што може да предизвика сериозни изгореници кај работникот и кај оние што се во близина. Не загревајте преку заварување, лемење или користење на апарат за автогено заварување во близина на цевки за течност под притисок или на други запаливи материјали. Цевките под притисок може одеднаш да пукнат заради топлината што се развива во непосредна близина на пламенот.



TS953 —UN—15MAY90

DX,TORCH -A8-10DEC04-1/1

Избегнување на контакт со движечките делови

Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови. Никогаш не ја чистете, не ја подмачкувајте и не ја нагодувајте машината кога таа работи.



TS256 —UN—23AUG88

H01,9000SA,E -A8-15JUN90-1/1

Чистење на резервоарот за зрна и безбедно отстранување на блокадите

Избегнете сериозни повреди или смрт поради заплеткување на напречните спирали на резервоарот за зрна. Од функционални причини, напречните спирали не можат да бидат потполно покриени. Не влегувајте во резервоарот за зрна додека моторот работи. Пред да влезете во резервоарот за да го исчистите остатокот од зрна, секогаш исклучете го моторот, поставете ја рачната сопирачка и извадете го клучот

Ако зрната се мешаат и не се прелеваат во напречните спирали, изгаснете го моторот, извадете го клучот и од положба на вратата на одделот на моторот употребете ја влечната спона како метла или лопата за да се пробие на мостот и да се врати протокот на зрната.



TS256 —UN—23AUG88

OUO6043,00015E2 -A8-24MAY04-1/1

Бидете оддалечени од ротирачките погонски линии

Невнимателноста во близината на ротирачките погонски линии може да предизвика сериозни повреди или смрт.

Секогаш држете ги сите штитници на своето место. Проверете дали ротирачките штитови се вртат слободно.

Носете облека што ја следи формата на телото. Сопрете го моторот и осигурете се дека сите движечки делови и погонски линии се застанати пред да вршете нагодување, поврзувања или извршување на какво било сервисирање на моторот или на подвижната опремата на машината.



TS1644 —UN—22AUG95


DX,ROTATING -A8-18AUG09-1/1

Монтирање на сите заштитни елементи и штитници

Ротирачките вентилатори, ремени, чекреци и дискови може да предизвика сериозни повреди.

Држете ги заштитните елементи и штитниците на нивните места додека работите.

Носете облека која што е припиена до телото. Изгаснете го моторот и бидете сигурни дека вентилаторите, ремените, чекреците и дисковите се изгаснати пред да правите нагодувања, поврзувања и чистење во близина на вентилаторите и нивните составни делови.



TS677 —UN—21SEP89

OUO6075,0000C23 -A8-03MAY11-1/1

Избегнувајте течности под висок притисок

Прегледувајте ги хидрауличните цевки периодично – најмалку еднаш годишно – од истекување, замотување, исекотини, абразија, меури, корозија, оголени жици или било какви други знаци на абење или оштетување.


Веднаш заменете ги изабените или оштетените склопови и црева со одобрени John Deere резервни делови.

Истекувањето на течноста под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика сериозни повреди.

Избегнувајте ги несреќите со испуштање на притисокот од хидрауличните и од другите црева пред нивно одвојување. Затегнете ги сите приклучоци пред повторно да воспоставите притисок во системот.

Со парче картон проверете нешто да не истекува. Заштитете ги рацете и телото од течностите под висок притисок.

Ако се случи несреќа, веднаш одете на лекар. Ако некоја течност продре под кожата, мора да се



X9811 —UN—23AUG88

отстрани по хируршки пат во рок од неколку часови, во спротивно може да предизвика гангрена. Лекарите кои не се стручни за овој вид повреди, треба да се консултираат со компетентен медицински извор. Информација за ова може да се добие на англиски јазик од Deere & Company Медицински оддел во Молин, Илиноис, С.А.Д., преку повикување на броевите 1-800-822-8262 или +1 309-748-5636.

DX,FLUID -A8-12OCT11-1/1

Не отворајте го системот за гориво под висок притисок

Течноста под високиот притисок во цевките за гориво може да предизвика сериозни повреди. Не ги одвојувајте и не обидувајте се да ги поправате цевките за гориво, сензорите или која било друга компонента помеѓу пумпата за гориво под висок притисок и прскалките на моторите со Општ шински под висок притисок (HPCR) систем за гориво.

Само техничарите кои што се запознаени со ваков тип на системи можат да извршуваат поправки. (Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.)



TS1343 —UN—18MAR92

DX,WW,HPCR1 -A8-07JAN03-1/1

Безбедно сервисирање на акумулаторските системи

Истекувањето на течности или гасови од системите на акумулатори под притисок кои се користат во системите за климатизација, хидрауличните системи и системите на воздушни сопирачки можат да предизвикаат сериозни повреди. Екстремна топлина може да предизвика акумулаторот да испука и цевките под притисок може случајно да бидат отсечени. Не заварувајте и не користете апарат за хомогено заварување на акумулатор под притисок или на цевка под притисок.

Ослободете го притисокот на системот под притисок пред да го отстранете акумулаторот.

Ослободете го притисокот на хидрауличниот систем пред да го отстранете акумулаторот. Никогаш не обидувајте се да го ослободите хидрауличниот систем



TS281 —UN—15APR13

или притисокот во акумулаторот преку олабавување на приклучоците.

Акумулаторите не може да бидат поправени.

DX,WW,ACCLA2 -A8-22AUG03-1/1

Заштита од млаз под висок притисок

Млазот од прскалки под висок притисок може да ја пробие кожата и да предизвика сериозна повреда. Спречете го млазот од контакт со рацете или телото.

Ако се случи несреќа, веднаш одете на лекар. Ако млаз под висок притисок продре под кожата, мора да се отстрани по хируршки пат во рок од неколку часови, во спротивно може да предизвика гангрена. Лекарите кои не се стручни за овој вид повреди, треба да се консултираат со компетентен медицински извор. Информација за ова може да се добие од Одделот за медицина на Deere & Company во Молин, Илиноис, С.А.Д.



TS1343 —UN—18MAR92


DX,SPRAY -A8-16APR92-1/1

Следете ги препораките за гуми

Чувајте ја вашата машина во исправна работна состојба.

Користете само пропишани гуми со правилен сооднос на димензии и напумпајте ги со одредениот притисок даден во овој прирачник.

Користењето на различни гуми од пропишаните може да ја намали стабилноста, да влијае врз управувањето, да резултира со преран дефект кај гумите или да предизвика други проблеми поврзани со издржливоста или безбедноста.



H111235 —UN—13MAY14

DX,TIRE,INFO -A8-19MAY14-1/1

Безбедно сервисирање на гумите

Наглото отстранување на гумите и деловите на бандажот може да предизвикаат сериозни повреди или смрт.

Не обидувајте се да монтирате гума ако не ја поседувате соодветната опрема и искуство за да го сторите тоа.

Секогаш одржувајте го соодветниот притисок на гумата. Не пумпајте ги гумите над препорачаниот притисок. Никогаш не ги заварувајте и не ги загревајте бандажите кои имаат монтирано гума. Затоплувањето може да предизвика зголемување во воздушниот притисок и да предизвика експлозија на гумата. Заварувањето може да ја оштети структурата на бандажот или да го деформира тркалото.

Кога ги пумпате гумите, користете рачка за закочување и продолжено црево кое е доволно долго да ви овозможи да стоите на страна, а НЕ пред или над




RXA0103438 —UN—11JUN09

бандажот со монтирана гума. Ако е можно, користете сигурносен кафез.

Проверете ги тркалата од низок притисок; засеци, меурчиња, оштетувања на бандажите или недостаток на забести завртки и навртки.

DX,WW,RIMS -A8-19AUG09-1/1

Повлекување од употреба — Правилно рециклирање и отстранување на течности и компоненти



TS1133 —UN—15APR13

Мора да биде земена во предвид безбедноста и грижата за животната околина кога се повлекува од употреба една машина и/или компонента. Овие мерки го вклучуваат следново:

- Употреба на соодветни алати и лична заштитна опрема како облека, ракавици, штитници за лице или наочари, за време на отстранување или ракување со предмети и материјали.
- Следење на инстрикциите за специјални компоненти.
- Ослободување на акумулираната енергија со спуштање на суспендираните машински елементи, ослободување на пружините, отспојување на акумулаторот или другите елктрични напојувања, и ослободување на притисокот во хидрауличните компоненти, садови под притисок и други слични системи.
- Минимизирање на изложеност на компоненти кои може да имаат остатоци од земјоделски хемикалии, како што се ѓубривата и пестицидите. Соодветно внимателно ракување и одлагање на овие компоненти.
- Внимателно вршење испуст кај моторите, резервоарите со гориво, хидрауличните цилиндри, резервоарите и линиите пред рециклирање на компонентите. Користете непропустливи садови кога испуштате течности. Не користете садови кои потекнуваат од храна или пијалок.
- Не ги сипувајте отпадните течности на земја, во одвод или било каков друг извор на вода.
- Почитувајте ги сите национални, државни и локални закони, прописи или уредби со кои се регулира начинот на постапување или одложување со отпадните течности (на пример: маслото, горивото, разладните средства, течноста кај сопирачките); филтерите; акумулаторите; и другите материи или делови. Палењето на запаливи течности или компоненти во други печки освен во специјално дизајнираните печки за таа намена, може да биде забрането со закон и може да доведе до изложеност на штетни гасови или пепел.
- Вршете соодветно сервисирање и одложување на системите за климатизација. Државните прописи може да побаруваат овластен сервисен центар за обновување и рециклирање на флуидот во ладилниците од клима уредите кои би можеле да и наштетат на атмосферата доколку им се дозволи да бидат ослободени.
- Проценете ја можноста за рециклирање на гуми, метал, пластика, стакло, гума и електронски компоненти кои може да бидат рециклирани во делови или целосно.
- Контактирајте го вашиот локален центар за рециклирање и животна средина, или вашиот John Deere трговец за информации во врска со правилниот начин на рециклирање или одложување на отпадот.

DX,DRAIN -A8-01JUN15-1/1

Безбедно сервисирање на системот за разладување



TS281 —UN—15APR13

Наглото испуштање на течности под притисок од системот за ладење може да предизвика сериозни изгореници.

Исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Оставете го системот да се олади пред да го отворите капакот. Бавно олабавете го капакот за да го намалите притисокот пред целосно да го извадете.

OUO6075,0000ABC -A8-21FEB07-1/1

Отстранување на акумулираните растителни остатоци

Наталожувањето на плевел и на растителни остатоци во моторниот простор, на моторот и во близината на подвижните делови претставува опасност од пожар. Често проверувајте ги и чистете ги овие делови. Пред извршувањето на било каква проверка или сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.



TS227 —UN—15APR13


HX,9010SA,B -A8-23AUG97-1/1

Безбедно потпирање на машината

Секогаш прво спуштете ја приклучената или дополнителната опрема на земја пред да работите на машината. Ако работата бара машината или приклучениот уред да бидат подигнати, тогаш обезбедете сигурно потпирање за нив. Ако бидат оставени во подигната положба, деловите што хидраулички се потпираат може да се спуштат или да попуштат.

Не ја потпирајте машината со блокови од згура, шупливи тули или со други материјали што можат да се здробат под константниот товар. Не работете под машината која е придржувана само со дигалка. Придржувајте се кон постапките препорачани во овој прирачник.

Кога се користат приклучни уреди или приклучна опрема заедно со машината, секогаш внимавајте



TS229 —UN—23AUG88

на мерките за безбедност што се наведени во прирачниците за приклучните уреди или приклучната опрема.

DX,LOWER -A8-24FEB00-1/1

Безбедно складирање на опремата

Складираната опрема, како што се двојните тркала, гајбите за тркалата и товарачите може да паднат и да предизвикаат тешки повреди или смрт.

Добро прицврстете ја складираната и приклучната опрема за да спречите нејзино паѓање. Деца и неовластени лица не смеат да бидат во близина на просторот за складирање.




TS219 —UN—23AUG88

DX,STORE -A8-03MAR93-1/1

Безбедно сервисирајте ги погонските ремени

Кога ги сервисирате погонските ремени, секогаш придржувајте се кон овие мерки за претпазливост:

- Избегнете сериозна повреда поради заплеткување на дланката или раката. Никогаш не обидувајте се да ги чистите, проверувате или нагодувате ремените додека машината работи. Секогаш исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
- Не обидувајте се да ги чистите ремените со запаливи растворувачи за чистење.



TS285 —UN—23AUG88

OUO6075,00026A4 -A8-06FEB03-1/1

Безбедно ракувајте со електронските компоненти и држачи

Неуспешноста во поставувањето или отстранувањето на електронски компоненти поставени на опремата може да предизвика сериозни повреди. Користете скала или платформа за полесно достигнување на секоја положба за монтирање. Користете цврсти и безбедни држачи за нозете и за рацете. Не поставувајте или отстранувајте компоненти во услови на влага или голомразица.

Ако поставувате или сервисирате РТК основна платформа качени на тврдина или друга висока структура, употребувајте сертификуван подигнувач.

Ако поставувате или сервисирате столб за приемник за глобално позиционирање на некој приклучен уред, употребувајте соодветни техники за подигнување и носете соодветна заштитна опрема. Столбот е тежок и може да биде незгоден за работа. Потребни се двајца луѓе во случај ако не се достапни положби за монтирање од земјата или од платформата за сервисирање.



TS249 —UN—23AUG88

DX,WW,RECEIVER -A8-24AUG10-1/1

Избегнување на несреќи при возење наназад

Пред да ја движете машината, осигурете се дека на патеката за машината нема лица. Завртете се назад и гледајте директно за подобра видливост. Користете лице за сигнализација кога возете наназад доколку погледот Ви е попречен или кога возете во тесни места.

Не сметајте на камера за да одредите дали има некое лице или пречка зад машината. Системот може да биде ограничен од повеќе фактори вклучувајќи практики на одржување, еколошки услови и работен опсег.



PC10857XW —UN—15APR13

DX,AVOID,BACKOVER,ACCIDENTS -A8-30AUG10-1/1

Безбедно ракување со акумулатори

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и оган подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волт-метар или хидрометар.

Секогаш отстранувајте го најпрво заземјениот (-) приклучок од акумулаторот и заменувајте го заземјениот приклучок последен.

Сулфурната киселина во електролитот на акумулаторот е отровна и доволно јака за да ја изгори кожата, да направи дупки во облеката и да предизвика слепило ако дојде во контакт со очите.

Избегнете опасности преку:

- Полнење на акумулаторите во добро проветрена просторија
- Носење на заштита за очи и гумени ракавици
- Избегнувајте употреба на воздушен притисок за да го чистете акумулаторот
- Избегнувајте вдишување на пареата што се ослободува кога се додава електролит
- Избегнувајте пролевање или капење на електролитите
- Користење на соодветна постапка за помошен акумулатор или полнач.

Ако киселината дојде во контакт со кожата или очите:

1. Обилно измијте ја кожата со вода.
2. За да помогнете да се неутрализира киселината, нанесете сода бикарбона или вар на оштетените места на кожата.
3. Мијте ги очите со вода 15—30 минути. Веднаш побарајте медицинска помош.


Ако случајно се проголта киселина:

1. Во никој случај не предизвикувајте повраќање.
2. Пијте големи количини на вода или млеко; но не повеќе од 2 L (2 qt).
3. Веднаш побарајте медицинска помош.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Кутиите на акумулаторите, приклучоците и поврзаните додатни опреми содржат



TS204 —UN—15APR13



TS203 —UN—23AUG88

олово и соединенија на олово, хемикалии познати на државата Калифорнија дека предизвикуваат рак и го оштетуваат репродуктивниот систем. **Измијте ги рацете по работата.**

DX,WW,BATTERIES -A8-02DEC10-1/1

Безбедно чистење на филтерот за издувни гасови

За време на чистењето на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи темеператури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.

Држете ја машината подалеку од луѓе, животни или структури кое може да бидат оштетени од жешките издувни гасови или компонентите. Избегнувајте потенцијални пожари или опасности од експлозии од запаливи материјали и пареа од издувните гасови. Држете го отворот за издувни гасови подалеку од луѓе и од работи кои можат да се стопат, запалат или експлодираат.

Набљудувајте ја машината и околниот простор за отпадок од тлеење за време на и по завршувањето на чистењето на филтерот на издувните гасови.

Додавањето на гориво додека работи моторот може да предизвика пожат или опасност од експлозија. Секогаш исклучете го моторот пред полнење на машината со гориво и исчистете го истуреното гориво.

Секогаш осигурете се дека моторот е исклучен кога ја влечете машината на камион или приколка.

Допирот со компонентите на издувниот систем додека е жешок може да предизвика сериозни лични повреди.

Избегнувајте контакт со овие компоненти додека тие се изладат на безбедна температура.


Ако постапката за сервисирање има потреба од моторот да работи:

- Вклучете ги само оние погонски делови кои се наведени во постапката за сервисирање
- Осигурете се дека нема други лица во близина на платформата на возачот и машината

Држете ги рацете, стапалата и облеката далеку од погонските делови.

Секогаш оневозможете го движењето (неутрална положба), вклучете ја сопирачката или механизмот за паркирање и исклучете го напонот кон приклучните уреди или алатките пред да ја напуштите платформата на возачот.

Исклучете го моторот и извадете го клучот (ако постои) пред да ја оставете машината без надзор.



TS227 —UN—15APR13

TS271 —UN—23AUG88


TS1693 —UN—09DEC09

OUO6075,0000E81 -A8-07FEB12-1/1

Избегнувајте ги врелите издувни гасови

Сервисирање на машината или на приклучните уреди додека работи моторот може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.

Деловите на издувните гасови и самите гасови постануваат врели во текот на работењето. Издувните гасови и делови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.




RG17488 —UN—21AUG09

DX,EXHAUST -A8-20AUG09-1/1

Чистење на филтер на издувни гасови

Сервисирање на машината или на приклучните уреди за време на чистење на филтерот на издувни гасови може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.


За време на автоматска или рачна/стационарна работа при чистење на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи температури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.



RG17488 —UN—21AUG09

DX,FILTER -A8-20JAN10-1/1

Систем на ротационен аларм



H113906 —UN—08MAY15

Ако операторот го напушти седиштето со вклучен хедер и или вклучен одделувач, светлата трепкаат и се огласува аларм. Ако операторот и понатаму не е на седиштето, функциите за жнеење запираат.

Ако функциите за жнеење се запрени, тие треба повторно да се стартуваат пред да се продолжи со жнеењето.

За да се пуштат повторно функциите за жнеење, операторот мора да биде седнат на седиштето и да го рестартира и стартува одделувачот и прекинувачите за хедер на конзолата кај наслонот за рака.

SS43267,00005D8 -A8-08MAY15-1/1

Систем за присуство на оператор

Системот за присуство на оператор го покажува присуството на операторот.

Системот спречува ангажман на следниве функции кога операторот не е присутен на седиштето.

- Вклучување на сепараторот
- Вклучување на хедерот
- Вклучување на растоварната спирала
- AutoTrac™
- Придвижување
- Достава на посев

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

- Контрола на висината на хедерот
- Пловечки режим при возење на кемпер хедер

Ако операторот го напушти седиштето со вклучен хедер и или вклучен одделувач и е отсутен повеќе од 5—7 секунди, светлата трепкаат и се огласува аларм. Ако операторот и понатаму не е на седиштето, функциите за жнеење запираат.

За рестартирање на функциите, операторот мора да се врати во седната позиција и повторно да ги ангажира секоја од функциите.

SS43267,00005EC -A8-18JUN15-1/1

Сликовити безбедносни знаци

На неколку важни места на оваа машина ставени се безбедносни знаци со цел да означат потенцијални опасности. Опасноста е претставена преку слика во предупредувачки триаголник. Соседната слика дава информации за како да се избегне лична повреда. Овие безбедносни знаци, нивната поставеност на машината и краток опис се прикажани подолу.




TS231 —A8—23APR14

OUO6075,0001163 -A8-19JUN12-1/1

Заменете ги знаците за безбедност

Заменете ги изгубените или оштетените знаци за безбедност. Употребете го овој прирачник за користење за точно поставување на знаците за безбедност.

Може да постои дополнителна безбедносна информација наведена на деловите и компонентите кои доаѓаат од снабдувачите, кои не се вклучени во овој прирачник.




TS201 —UN—15APR13

DX,SIGNS -A8-18AUG09-1/1

Прирачник за користење

Овој прирачник за користење ги содржи сите важни информации потребни за безбедна работа со машината. Внимателно почитувајте ги сите правила за безбедност за да избегнете несреќи.




H97195 —UN—14JUN11

OUO6075,00015D7 -A8-09AUG13-1/1

Поправка и одржување

Пред извршувањето на поправка и сервисирање, исклучете го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Користете те го прирачникот за корисникот за сите работи за одржување.




H97196 —UN—13JUN11

OUO6041,0000453 -A8-03SEP10-1/1

Безбедносен ремен

Помошното седиште е предвидено само за обучувачи или при дијагностицирање на проблеми со машината. Не возете други патници или деца на него. Секогаш користете безбедносен ремен кога работите со машината или кога се возите како набљудувач.




H97197 —UN—13JUN11

OUO6041,0000454 -A8-03SEP10-1/1

Сопирачка за паркирање

Поставете ја сопирачката за паркирање пред да ја напуштите машината.

Заклучете ги сопирачките пред да возите на коловоз.



H1104579 —UN—25JAN12

OUO6075,0000DE8 -A8-24JAN12-1/1

Хидраулично масло и гас под притисок


ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на носачот на кабината и само на машини со пренос ProDrive™.

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.



H108688 —UN—01AUG13


OUO6075,00015C0 -A8-05AUG13-1/1

Акумулатор

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на носачот на кабината и само на машини со пренос ProDrive™.

За да спречите ризик од повреда, како и можно оштетување на акумулаторот или на хидрауличниот систем, одржувајте го препорачаниот притисок за азотниот гас.

Променете само со сув азот. Номиналниот работен притисок е 21,500 kPa (3120 psi), посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.




H105072 —UN—23MAR12

OUO6075,00010F3 -A8-18JUN13-1/1

Избегнување на ниско висечките напонски водови

Избегнете сериозна повреда или смрт од струен удар. Не ги допирајте електричните водови. Спуштете ги капаците на резервоарот за зрна кога работите во близина на електрични водови.




H96811 —UN—03AUG10

OUO6041,00003F6 -A8-03SEP10-1/1

Резервоар за зрна

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Не влегувајте во резервоарот за зрна во овој дел.




H96812 —UN—02SEP10

OUO6041,00003F7 -A8-03SEP10-1/1

Излез во случај на опасност

Извадете го чеканот и удрете го прозорецот за да се скрши стакло за да излезете од кабината. Обратете му се на Вашиот трговец со John Deere опрема ако треба да го замените прозорецот.




H97852 —UN—13JUN11

OUO6041,0000455 -A8-14SEP10-1/1

Скали за пристап до кабината/платформата

Избегнете сериозна повреда од паѓање. Не му дозволувајте никому да се качува на скалите или на платформата додека машината се движи.




H96816 —UN—03AUG10

OUO6041,0000404 -A8-03SEP10-1/1

Избегнување на судири со мотрони возила

Избегнувајте судар со друго мотроно возило и сериозна повреда или смрт. Секогаш свртете ја скалата во предна заклучена положба пред да ја возите машината на коловоз.



H96815 —UN—03AUG10


OUO6041,0000403 -A8-03SEP10-1/1

Двојни тркала (ако постојат)

ЗАБЕЛЕШКА: Ознаката се наоѓа на двојните тркала и на двете страни од машината.

Двојните тркала имаат поместување на центарот на тежината. Бидете внимателни кога отстранувате. Тркалата имаат потреба од две лица при нивно поставување или отстранување.

За да избегнете телесна повреда, доставени се специјални пилотски двоглави наврткиза отстранување и поставување. Погледнете во упатствата доставени заедно со двојните тркала.




H1100876 —UN—04APR11

OUO6075,00015C1 -A8-31JUL13-1/1

Безбедносен граничник на доставната комора

ЗАБЕЛЕШКА: Ознака е поставена на надворешната и на внатрешната страна на заштитните елементи и на двете страни на доставната комора.

Избегнете повреда од згмечување. Поставете го хедерот на земја, или поставете ја безбедбиосната сопирачка, сместена на цилиндерот за подигнување на доставната комора пред да пристапите под хедерот.




H96814 —UN—03AUG10

OUO6041,0000405 -A8-03SEP10-1/1

Заштитник на доставната комора

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Никогаш не го подигнувајте штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.



OUO6075,00015C4 -A8-09AUG13-1/1


Хидраулично масло и гас под притисок

Избегнувајте сериозна повреда од контакт со хидрауличното масло и гасот под притисок.

Пред отстранување на хидрауличните компоненти, расклопување или полнење на акумулатори:

1. Испуштете го хидрауличниот притисок на системот. Погледнете во прирачникот за користење и прирачникот за поправање за информации за системот.
2. Исклучете го моторот и извадете го клучот.

Употребувајте само СУВ АЗОТ за полнење на акумулаторот. Посетете го Вашиот локален трговец со John Deere опрема.




OUO6075,00015C3 -A8-31JUL13-1/1

Акумулатор

За да спречите ризик од повреда, како и можно оштетување на акумулаторот или на хидрауличниот систем, одржувајте го препорачаниот притисок за азотниот гас.


Променете само со сув азот. Номиналниот работен притисок е 21,500 kPa (3120 psi), посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.



OUO6075,000091B -A8-18JUN13-1/1

Преносен синџир на доставната комора

Можна повреда предизвикана од ротирачките делови на машината.




H108692 —UN—08AUG13

OUO6075,00015C5 -A8-31JUL13-1/1

Рамка за навалување на доставната комора

ЗАБЕЛЕШКА: Ознака е поставена на двете страни на доставната комора.

Навалувањето на хедерот може да предизвика сериозна повреда или смрт. Избегнете повреди од згмечување. Стоите на страна додека моторот работи.




H96813 —UN—03AUG10

OUO6041,00003F8 -A8-03SEP10-1/1

Лев штитник

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Никогаш не го подигнувајте штитникот додека моторот работи. Исклучете го моторот и извадете го клучот.




H114542 —UN—17JUN15

WM05597,000133A -A8-24JUN15-1/1

Врати за чистење на резервоарот за зрна

Избегнете сериозна повреда или смрт поради заплеткување. Сопрете го моторот и отстранете го клучот пред да ги отворате вратите за чистење.



H1114543 —UN—17JUN15


WM05597,000133B -A8-24JUN15-1/1

Погонска преклопна спирала за истовар (ако постои)

Ако актуаторот на спиралата за истовар откаже, поставете го клинот за блокирање на спиралата за истовар во заклучена положба (видете го делот Резервоар за зрна).

Свртете го вртливото копче кон симболот плус (+) за да го подигнете хедерот и поставената точка (ако сте опремени со HydraFlex™ зголемете го притисокот) или кон симболот (-) за да го спуштите хедерот и поставената точка (ако сте опремени со HydraFlex™ намалете го притисокот).



H94722 —UN—27JAN10

A—Бројченик за контрола на притисокот за висина на хедерот/HydraFlex™

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

WM05597,000134B -A8-06JUL15-1/1

Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Бирање

Автоматско нагодување на брзината на намотката/брзината на ременскиот пикап

Вртливото копче (A) за Dial-A-Speed™ ќе ја промени брзината на ролната или ременестиот подигнувач како што е одредено од возачот. Работната брзина е односот меѓу брзината на движење на машината и брзината на ролната или брзината на ременот (види во систем за бирање брзина (Dial-A-Speed™) CommandTouch™ во делот за аголната контролна единица во кабина).

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап и зададете ја вредноста или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап и зададете ја вредноста.

Рачно нагодување на брзината на намотката/брзината на ременскиот пикап

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (B) за бирање на брзина (Dial-A-Speed™) е нагласена, за да се оневозможи автоматскиот систем на прилагодување и за да се дозволи рачна контрола.

Поставете го бирањето на брзина (Dial-A-Speed™) на рачно менување на брзина на ролната или на ременестиот подигнувач.

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап.


Системот е во рачен режим кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.
- Бирањето на брзина Dial-A-Speed™ е оневозможено или кога движењето на машината е под 0.25 km/h (0.16 mph).

Dial-A-Speed е заштитен знак на Deere & Company
CommandTouch е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H94723 —UN—27JAN10



H109799 —UN—12FEB14

A—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Бирање

B—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Икона

ЗАБЕЛЕШКА: Хедерите за пченка со закачена намотка за долна пченка работат само во рачен режим.

Ролната мора да биде во овозможена состојба, за повеќе информации види за менување на поставки на хедер во управувачкиот центар (CommandCenter™) во делот за приказ на екранот.

WM05597,000134C -A8-06JUL15-1/1

Прекинувач за исклучување на патен транспорт

ВНИМАНИЕ: ProDrive™ Машини: Притискањето на прекинувачот за брзо сопирање додека сепараторот е вклучен предизвикува машината нагло да запре. Се препорачува секогаш да го ставате безбедносниот ремен за да избегнете сериозни повреди.


ЗАБЕЛЕШКА: Машината нема да премине во режим за пат доколку сепараторот е вклучен. Предупредувачка порака за аларм се појавува покажувајќи дека сепараторот е вклучен. ИСКЛУЧЕТЕ го сепараторот за да го вклучите прекинувачот за исклучување на патен транспорт.

Прекинувачот за исклучување на патен транспорт (A) мора да биде во режим за пат кога машината се движи по јавни патишта.

Кога е притиснат прекинувачот за исклучување на патниот транспорт, индикациското светло (B) се ВКЛУЧУВА што покажува дека прекинувачот е во положба за пат. Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт ги оневозможува следниве функции:

- Вклучување на сепараторот
- Вклучување на хедерот
- Подигнување/спуштање на хедерот
- Враќање на висина на хедерот
- Детекција за висината на хедерот
- Странично накосување
- Подигнување/спуштање на намотката и движење напред/назад на намотката
- Растоварување на спиралата

ProDrive е заштитен знак на Deere & Компанија
CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H94726 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за исклучување патен транспорт

B—Индикациско светло

- Нишање на спиралата
- Автоматско преклопување на спиралата (ако постои)
- Капаци за резервоарот за зрна (ако се вградени)

ЗАБЕЛЕШКА: Системот за управување со брзина на моторот (ProDrive™ машини) ќе стартува кога прекинувачот за исклучување на патниот превоз е ВКЛУЧЕН. За повеќе информации, погледајте во управување со брзина на мотор (ProDrive™ машини) во делот за приказ на CommandCenter™ екран.

По возењето на машината по јавни патишта и кога сакате да работите во поле, притиснете го прекинувачот за исклучување на патниот транспорт и задржете **две секунди** овозможувајќи индикациското светло да се ИСКЛУЧИ и овозможувајќи посакуваните функции на прекинувачите повторно да работат.

SS43267,00004DD -A8-18FEB15-1/1

Прекинувач за кратенки на функциите за преклопување (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Екранот ги покажува сите изборни функции за преклопување. Функцијата за преклопување секогаш е поставена на горниот дел на екранот во зависност од опциите.

Прекинувачот за кратенки на функциите за преклопување (A) овозможува директна навигација на екранот по поставката на функциите за преклопување. За повеќе информации, видете Поставка на функциите за преклопување во делот Екрани на приказот на CommandCenter.




H94727 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за кратенки на функциите за преклопување

OUO6075,0000468 -A8-28SEP10-1/1

Команди на CommandARM™



H110014 —UN—01APR14

1— Прекинувач за нагодување на хедерот
2— Прекинувач за нагодување на брзината на вршалката
3— Прекинувач за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење
4— Прекинувач за прилагодување на брзина на распространувачот и прекривката
5— Прекинувач за замена на празнењето (ако постои)
6— Прекинувач за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора
7— Прекинувач за нагодување на зазорот на вршалката
8— Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плевел/ситото
9— Прекинувач за прилагодување на агол на крила за насочување кај задната врата (ако има во опремата)
10— Прекинувач за намалување на брзина на страничен ремен
11— Потврден прекинувач
12— Прекинувач за откажување
13— Прекинувач за главното мени
14— Прекинувач за дома
15— Копче за бирање
16 - 25—Прекинувачи за брз пристап A - J
26— Прекинувач за рачно лево накосување на HillMaster™ (ако постои)
27— Прекинувач за рачно десно накосување на HillMaster™ (ако постои)
28— Контролен прекинувач за автоматско порамнување HillMaster™ (ако постои)
29— Контрола на брзина на вентилаторот
30— Прекинувач за одмрзнување
31— Прекинувач за клима уредот
32— Копче за контрола на температурата
33— Прекинувач за работни светла 1 (предно за стрниште)
34— Прекинувач за работни светла 2 (задни за празнење)
35— Прекинувач за автоматски светилници
36— Прекинувач за светилници
37— Прекинувач за светлото за предупредување
38— Прекинувач Push To Talk (ако постои)
39— Прекинувач за барање напред (ако постои)
40— Прекинувач за барање наназад (ако постои)
41— Прекинувач за зголемување јачина на глас (ако постои)
42— Прекинувач за намалување јачина на глас (ако постои)
43— Прекинувач за исклучување на гласот (безгласно) (ако постои)

Продолжува на следната страница

OUO6075,000180F -A8-28MAY14-1/2

ЗАБЕЛЕШКА: Секој прекинувач на CommandARM™ не е достапен за секој модел од машината.

Пред да работите со машината, запознајте се со прекинувачите и со контролите.

CommandARM е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,000180F -A8-28MAY14-2/2

Прекинувач за нагодување на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од опциите на машината и типот на хедерот, бројот на притисливи прекинувачи ќе варира. Притискајте го прекинувачот додека не се покаже посакуваното прилагодување на екранот.

Притиснете го прекинувач за нагодување на хедерот (A) колку што е потребно за да го нагодите следново.

Прилагодување на притисок кај шипката за косење

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи кај платформи HydraFlex.

Нагодувањето на притисокот на лентата за сечење овозможува на возачот да го зголемува или намалува количеството на притисок на лентата за сечење.

1. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите притисокот и да ја зададете вредноста.
2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Прилагодување на пловечка положба

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи кај транспортни ленти 600D.

Детекцијата за висината на хедерот (над земјата) мора да биде вклучен за да се нагоди положбата на лебдење. Ова не е достапно со детекцијата за висината на хедерот (на земјата).

Детекцијата за висината на хедерот не мора да биде вклучена за да се нагоди притисокот на лебдење.

Нагодувањето на положбата на лебдење му овозможува на возачот да го зголемува или намалува количеството на притисок во тркалата за мерење и во цилиндарите на лебдечката рамка.

1. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите притисокот во тркалата за мерење и во цилиндарите на лебдечката рамка и да ја зададете вредноста.
   - Вредностите се нагодуваат од 1 до 10, а стандардната поставеност изнесува 5.
   - Нивото од теренот на машините треба да има поставка од 3 или пониска.
   - Страничното накосување на машините треба да започне со поставка 5.

ЗАБЕЛЕШКА: Вредноста треба да се постави пониско во случаи кога висината на косење не останува на исто ниво (од лево кон десно). Стрмите падини треба да имаат пониска вредност.



H94660 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на хедерот

2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Прилагодување на брзина на ремен

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи кај транспортни ленти и ременски пикапи.

Нагодувањето на брзината на ременот од транспортната лента му овозможува на операторот да ја зголемува или намалува брзината на ременот.

1. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на ременот.
2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Прилагодување на наваленост на драпер на шипката за косење

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи кај транспортни ленти од серијата 600D.

Нагодувањето на накосувањето на лентата за сечење од транспортната лента му дозволува на возачот да го зголемува или намалува аголот на лентата за сечење.

1. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-) или ротирајте го копчето за бирање за да го нагодите аголот на лентата за сечење.
   - Зголемување на аголот на лентата за сечење надолу.
   - Намалување на аголот на лентата за сечење нагоре.
2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Хидраулично прилагодување на наваленоста напред/назад на куќиштето за достава

ЗАБЕЛЕШКА: Работи само ако во опремата има хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава

Продолжува на следната страница

Хидрауличното прилагодување на наваленоста напред/назад на куќиштето за достава му дозволува на возачот да го зголеми или намали аголот на наваленост на рамката од куќиштето за достава.

1. Допрете го знакот плус (+) или минус (-) или завртете го копчето за бирање за да го прилагодите аголот на наваленост на рамката од куќиштето за достава.
   - Зголемува наваленост на аголот на рамката од куќиштето за достава нанапред.
   - Намалува наваленост на аголот на рамката од куќиштето за достава наназад.
2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Прилагодување на положбата напред/назад на шипката за косење

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи на европските хедер платформи 600X.

Прилагодувањето на положбата на шипката за косење му дозволува на операторот да ја контролира положбата на шипката за косење.

1. Допрете го знакот плус (+) или минус (-) или завртете го копчето за бирање за да ја прилагодите положбата на шипката за косење.
   - Зголемувањето ја издолжува положбата на шипката за косење на напред.
   - Намалувањето ја вовлекува положбата на шипката за косење на назад.
2. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

OUO6075,00017CB -A8-23APR14-2/2

Прекинувач за нагодување на брзината на вршалката

Прекинувачот за нагодување на брзината на вршалката (A) ја зголемува или намалува брзината на вршалката.

1. Вклучете го сепараторот.
2. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината на вршалката.
3. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на вршалката.
4. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за брзината на вршалката го ресетира тахометерот на аларм за ниска брзина. Секогаш кога се менува брзината на вршалката, алармот исто така се ресетира. Врзината на вршалката може да се зголеми за 30 rpm во текот на четири часа, како што се зголемува температурата на маслото. Нагодете ја брзината на вршалката колку што е потребно.



H94669 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на брзината на вршалката

OUO6075,000044A -A8-28SEP10-1/1

Прекинувач за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење


Прекинувачот за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење (A) ја зголемува или намалува брзината на вентилаторот за чистење.

1. Вклучете го сепараторот.
2. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење.
3. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на вентилаторот за чистење.
4. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Моторот за брзината на вентилаторот има термичко (топлотно) исклучување што ја сопира работата на моторот ако се случи нешто од следново:

- Прекинувачот се користи непрекинато повеќе од две или три минути.
- Системот за нагодување е блиску до сопирање додека моторот и понатаму се обидува да ја промени брзината.
- Претерано поврзување или влечење во спојките.

Ако се сомневате дека постои било која од горенаведените причини, исчистете и нагодете како што е потребно.



H94670 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење

ЗАБЕЛЕШКА: Оставете го моторот да се олади 10 до 15 минути пред да пробате повторно да го вклучите.

OUO6075,000044B -A8-28SEP10-1/1

Прекинувач за прилагодување на брзината на распространувачот (распространувач на слама и заден PowerCast™ распространувач)

Распрскувач со една брзина (ако постои):

ЗАБЕЛЕШКА: Брзината на распрскувачот може да биде нагодена кога сепараторот е исклучен. Ова му овозможува на операторот да ја нагоди зададената брзина на распрскувачот. Кога сепараторот ќе се вклучи, распрскувачот работи на моменталната брзина.

Опсегот на брзина на распространувачот е 0—550 врт/мин. Зголемувајте ја брзината на распрскувачот сè додека не се постигне саканата широчина.

Прекинувачот за нагодување на брзината на распрскувачот (A) ја зголемува или ја намалува брзината на двата диска на распрскувачот, од внатрешноста на кабината.

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината на распрскувачот.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на распрскувачот.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ја брзината на распрскувачот на нула кога распрскувачот не се користи.

Распрскувач со две брзини (ако постои):

ЗАБЕЛЕШКА: Брзината на распрскувачот може да биде нагодена кога сепараторот е исклучен. Ова му овозможува на операторот да ја нагоди зададената брзина на распрскувачот. Кога сепараторот ќе се вклучи, распрскувачот работи на моменталната брзина.

Опсегот на брзина на распространувачот е 0—550 врт/мин. Зголемувајте ја брзината на распрскувачот сè додека не се постигне саканата широчина.

Прекинувачот за нагодување на брзината на распрскувачот (A) ја зголемува или ја намалува брзината на двата диска на распрскувачот, или независно еден од друг, од внатрешноста на кабината.

1. Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот:
   - Притиснете го прекинувачот **еднаш** за да ја нагодите брзината на двата диска на распрскувачот.
   - Притиснете го прекинувачот **двапати** за да ја нагодите брзината на левиот диск на распрскувачот.



H94671 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот

   - Притиснете го прекинувачот **трипати** за да ја нагодите брзината на десниот диск на распрскувачот.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на распрскувачот.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ја брзината на распрскувачот на нула кога распрскувачот не се користи.

Заден распространувач PowerCast™ (ако има во опремата):

ЗАБЕЛЕШКА: Брзината на задниот распространувач PowerCast™ може да биде прилагодена со исклучен одделувач. Ова му овозможува на операторот да ја нагоди зададената брзина на распрскувачот. Кога сепараторот ќе се вклучи, распрскувачот работи на моменталната брзина.

Опсегот на брзина на распространувачот е 0—550 врт/мин. Зголемувајте ја брзината на распрскувачот сè додека не се постигне саканата широчина.

Прекинувачот за нагодување на брзината на распрскувачот (A) ја зголемува или ја намалува брзината на двата диска на распрскувачот, или независно еден од друг, од внатрешноста на кабината.

1. Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот:

Продолжува на следната страница

- Притиснете го прекинувачот **еднаш** за да ја нагодите брзината на двата диска на распрскувачот.
- Притиснете го прекинувачот **двапати** за да ја нагодите брзината на левиот диск на распрскувачот.
- Притиснете го прекинувачот **трипати** за да ја нагодите брзината на десниот диск на распрскувачот.

2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на распрскувачот.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

PowerCast е заштитен знак на Deere & Company

WM05597,0001354 -A8-06JUL15-2/2

Прекинувач за прилагодување на прекривка (напреден PowerCast™ заден распространувач)

Напреден заден распространувач PowerCast™ (ако има во опремата):

ЗАБЕЛЕШКА: Погледајте за поставки кај управување со остатоци во делот за приказ на екран CommandCenter™ за повеќе информации за прилагодување на брзина на распространувачот.

Брзината на распрскувачот има опсег од:

- *350—550 врт/мин. (Пченка) (Стандардни 500 врт/мин.)*
- *600—800 врт/мин. (Мали зрна) (Стандардни 700 врт/мин.)*

Прекинувачот за нагодување на брзината на распрскувачот (A) го зголемува или го намалува процентот на ширењето или поместувањето на ширината на обвивката на двата диска на распрскувачот, од внатрешноста на кабината.

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете го еднаш прекинувачот за да ја прилагодите ширината на распространување или притиснете го прекинувачот двапати за да го прилагодите офсет прилагодувањето.

Напредниот заден распространувач PowerCast™ користи независно прилагодливи прекривки за да ги прекрие дисковите на распространувачот, со што се прилагодува широчината и насоката на распространување на остатоците. Кога обвивките се нагодени да покријат повеќе од дискот на распрскувачот, материјалотот се турка подалеку од машината и во таа насока.

Нагодување на ширината:

1. Притиснете го прекинувачот **еднаш** за да ја нагодите ширината за остатоците.

ЗАБЕЛЕШКА: Внесувањето на опсег од 0 до 100% ги движи двете обвивки и рамномерно го зголемува ширењето на ширина на двата диска на распрскувачот.

Пример: Машината е опремена со 10.7 m (35 ft.) хедер без ветер. Стандардната ширина на распрскувачот е 0%. Со поставка 0% остатокот е проширен крато на 1 м (3 ft) од крајот на хедерот. Притиснете го прекинувачот еднаш и нагодете ја вредноста на ширината на ширење. Зголемете ја ширината на ширење на 50% овозможувајќи им на двете обвивки да се движат со иста вредност, што ја зголемува ширината на ширење на двете, лево и десно, на приближно саканата ширина на ширењето.



H94671 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот

2. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се прикаже саканата вредност.

3. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати за да ја зачувате саканата вредност.
4. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Прилагодување на офсет (компензација на ветар):

1. Притиснете го прекинувачот **двапати** за да го нагодите поместувањето на распрскувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Внесувањето на опсег од 0 до 100% лево или десно (означено со стрелка на приказот) го движи ширењето на остатоците во таа насока.

Пример: Машината е опремена со хедер од 10.7 m (35 ft.) со насока на ветар од десна страна од машината. Широчината на распространувачот е поставена на 50% за распространување на цела ширина од хедерот (со без ветар). Со поставка од 0% офсет на прекривка, остатоците се расфрлаат 1 m (3 ft.) недалеку и спротивно од правецот на ветрот (десна страна) и 1 m (3 ft.) подалеку и во правецот на ветрот (лева страна). Притиснете го прекинувачот двапати и прилагодете ја вредноста на офсетот на прекривката. Со зголемување на вредноста на офсетот на 50% се овозможува левата прекривка да се придвижи према внатре (се намалува широчината на распространување на левата страна) и десната прекривка да се придвижи према надвор (се зголемува широчината на распространување на десната страна).

Продолжува на следната страница

2. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната цифра.

ЗАБЕЛЕШКА: Повторувајте ја постапката сè додека не се прикаже саканата вредност.

3. Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати за да ја зачувате саканата вредност.
4. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PowerCast е заштитен знак на Deere & Company

WM05597,0001355 -A8-06JUL15-2/2

Прекинувач за замена на празнењето (ако постои)

Лопатки на дробилката (ако постојат): Прекинувачот за замена на празнењето (A) автоматаки ги движи лопатките на дробилката од десно кон лево или од лево кон десно.

Распрскувач со две брзини (ако постои): Прекинувачот за замена на празнењето (A) автоматаки ја нагодува брзината на распрскувачот со забрзување или со забавување на дисковите на распрскувачот.

Распрскувач на задниот дел PowerCast (ако постои): Прекинувачот за замена на празнењето (A) автоматаки ја нагодува брзината на распрскувачот со забрзување или со забавување на дисковите на распрскувачот.

Напреден распрскувач на задниот дел PowerCast (ако постои): Прекинувачот за замена на празнењето (A) автоматаки ги нагодува обвивките на распрскувачот покривајќи ги дисковите на распрскувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Пример: Ако ветрот ја носи плевата или сламата кон неисечените култури, или операторот дојде до крајот на редот па вози назад во спротивен правец, притиснете го прекинувачот да се:



H94672 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за замена на празнењето

- *движат лопатките на дробилката автоматски на другата страна.*
- *преместат брзините на распрскувачот автоматски на другата страна.*
- *преместат обвивките на распрскувачот автоматски на другата страна.*

OUO6075,000046D -A8-19NOV10-1/1

Прекинувач за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора

Прекинувачот за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора (A) му овозможува на операторот да компензира за нерамниот терен и да ги контролира хоризонталните и вертикалните положби на хедерот. Системот постојано ги споредува поставената положба и реалната положба, одржувајќи го така хедерот во посакуваната работна положба.

Брзина за рачно подигнување/спуштање:

Брзината за рачно подигнување/спуштање ја контролира стапката на одзив на функциите за подигнување/спуштање на хедерот при рачна контрола или за време на режимот за автоматско продолжување на висината.

ЗАБЕЛЕШКА: По нагодувањето, избраната стапка се прикажува на приказот. Поставките се нагодуваат помеѓу 0 и 100.

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора (A) **еднаш** за да ја изберете брзината за рачно подигнување/спуштање.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на одзив.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Осетливост на висината на хедерот:

Сензорот за висината и активната осетливост на притисок при лебдење на хедерот (автоматски функции) ја регулираат брзината на одзив на движењата на хедерот кога се наоѓа во режимите за автоматски сензор и за автоматско лебдење.

ЗАБЕЛЕШКА: По нагодувањето, избраната поставка е прикажана на приказот. Поставките се нагодуваат помеѓу 0 и 100.

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора (A) **двапати** за да ја изберете осетливоста на висината на хедерот.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите осетливоста.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Брзина на рачно накосување:

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за брзината на рачното накосување е активна кај машини со затворен хидрауличен центар со страничното накосување.



H94674 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора

Брзината на рачното накосување го контрола одговорот на движењата на страничното накосување кога е поставен режимот за рачна стапка.

ЗАБЕЛЕШКА: По нагодувањето, избраната стапка се прикажува на приказот. Поставките се нагодуваат помеѓу 0 и 100.

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора (A) **трипати** за да ја изберете брзината на рачното накосување.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите брзината на накосување.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Осетливост на автоматското накосување:

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за брзината на осетливоста на автоматското накосување е активна само кај машини опремени со странично накосување.

Осетливоста на автоматското накосување ја контролира брзината на одговор за движењата на страничното накосување кога се наоѓа во режимите за автоматски сензор и за автоматско лебдење.

ЗАБЕЛЕШКА: По нагодувањето, избраната поставка е прикажана на приказот. Поставките се нагодуваат помеѓу 0 и 100.

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за брзината на осетливоста на автоматското накосување на доставната комора е активна само кај машини опремени со странично накосување.

Продолжува на следната страница

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на брзината/осетливоста на доставната комора (A) **четири пати** за да ја изберете осетливоста на автоматското накосување.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зголемите или намалите осетливоста на накосувањето.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

OUO6075,0000447 -A8-01DEC10-2/2

Прекинувач за нагодување на зазорот на вршалката

Прекинувачот за нагодување на зазорот на вршалката (A) ја зголемува или намалува конкавноста на зазорот.

1. Притиснете го прекинувачот за нагодување на зазорот на вршалката.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите зазорот на вршалката.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

A—Прекинувач за нагодување на зазорот на вршалката



H94675 —UN—27JAN10

OUO6075,00004D3 -A8-28SEP10-1/1

Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плевел/ситото


Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плевел/ситото ја зголемува или намалува вредноста на зазорот на отстранувачот на плевел/ситото.

Нагодување на отстранувачот на плевел

1. Притиснете го прекинувачот **еднаш** за да го нагодите зазорот на отстранувачот на плевел.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите зазорот на отстранувачот на плевел.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

Нагодување на ситото

1. Притиснете го прекинувачот **двапати** за да го нагодите зазорот на ситото.
2. Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да го зголемите или намалите зазорот на ситото.



H94676 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на отстранувачот на плевел/ситото

3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.

OUO6075,00004D4 -A8-07OCT10-1/1

Прекинувач за прилагодување на агол на крила за насочување кај задната врата (ако има во опремата)

Прекинувачот за прилагодување на крилата за насочување кај задната врата му овозможуваат на операторот прилагодување на правецот на крилата за насочување кај задната врата од внатрешноста на кабината.

1. Притиснете го прекинувачот за прилагодување на аголот на крилата за насочување кај задната врата.
2. Допрете го знакот плус (+) или минус (-) или завртете го копчето за бирање за да ги прилагодите крилата за насочување кај задната врата во лево или десно.
3. Приказот ги покажува нагодувањата на операторот.



H94677 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за прилагодување на крила за насочување кај задната врата

OUO6075,0001812 -A8-28MAY14-1/1


Прекинувач за намалување на брзина на страничен ремен

ЗАБЕЛЕШКА: Единствено работи на платформи со драпер.

Успорувањето на брзината на страничните ремени на драперот ги подобрува перформансите на достава кога посевот се жнее од една страна на платформата, поради неправилна форма на полето.

Прекинувачот (A) за намалување на брзина на страничен ремен овозможува брзината на ременот на драперот автоматски да се намали на фабрички поставената брзина.

1. Притиснете го прекинувачот за намалување на брзина на страничен ремен.
2. На екранот ќе се појави дека е вклучен режимот за бавна брзина и брзината на ременот на драперот автоматски ќе успорува до фабрички зададената брзина.
3. Повторното притиснување на прекинувачот за намалување на брзина на страничниот ремен или обидот да се направи рачно поставување на брзина на ременот, додека режимот е во спора брзина ќе направи брзината на ременот автоматски да се врати во претходно одредената брзина од страна на возачот.



H110013 —UN—01APR14

A—Прекинувач за намалување на брзина на страничен ремен

ЗАБЕЛЕШКА: Ако тековната брзина на ременот на драперот е помала од фабрички одредената брзина, системот нема да се вклучи и ќе се појави дијагностички код за грешката.

Видете го вашиот трговец со John Deere опремата доколку е потребно прилагодување на фабричката брзина.

OUO6075,00017AA -A8-26MAR14-1/1

Команди на работниот интерфејс

- **Копчето за бирање (A):** му овозможува на операторот да се движи од една ставке во друга на приказот на CommandCenter. Кога ставката е означена, се појавува “алатка за совет” опишувајќи што е означениот објект. Копчето за бирање исто така се користи за внесување на податоци за да се зголеми/намали нумеричката вредност.
  - Со ротирањето на копчето за бирање на напред се зголемуваат вредностите во полињата за внес.
  - Со ротирањето на тркалцето на копчето за бирање на назад се намалуваат вредностите во полињата за внес.
- **Прекинувачот за потврдување (B):** му овозможува на операторот да ја избере “целната” област на приказот на CommandCenter, или да го потврди означеното дејство.
- **Прекинувачот за откажување (C):** му овозможува на операторот да го откаже или поништи дејството на приказот во секое време.
- **Прекинувачот за главното мени (D):** се користи за да се промени активната “апликација” која што се одвива на приказот на CommandCenter. Ставки или апликации вклучени во менито:
  - Центар за пораки
  - Поставки на приказот
  - Управувач на распоредот
  - Комбајн
  - Монитор на перформанси
  - GreenStar
  - Видео
- **Прекинувачот за дома (E):** му овозможува на операторот да се врати на почетната станица.



H94960 —UN—27JAN10

A—Копче за бирање
B—Прекинувач за потврдување
C—Прекинувач за откажување
D—Прекинувач за главното мени
E—Прекинувач за дома

- **Прекинувачите за кратенки (F):** му овозможува на операторот да ја избере соодветната икона на единицата на секундарниот приказ или на Greenstar приказот (ако постои).


OUO6075,00004D5 -A8-07OCT10-1/1

Режими на зададени вредности (рачно или автоматски)

Притискањето на прекинувачот за потврдување (A) или на прекинувачот за откажување (B) додека се прикажува екранот со зададени вредности, предизвикува екранот со зададени вредности да исчезне и да се врати на почетната страница.

Притискањето на прекинувачот за потврдување или на прекинувачот за откажување ги има следниве ефекти при нагодувањето:

- Притискање на прекинувачот за потврдување во текот на нагодувањето:
  - Рачен режим - системот се исклучува.
  - Автоматски режим - системот продолжува да се нагодува во позадина.
- Притискање на прекинувачот за откажување во текот на нагодувањето:
  - Рачен режим - системот се исклучува.
  - Автоматски режим - системот се исклучува.



H94659 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за потврдување
B—Прекинувач за откажување
C—Копче за бирање

Вртењето на копчето за бирање (C) во двата режима или ја зголемува (на напред) или ја намалува (на назад) зададената вредност.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000441 -A8-11OCT10-1/3


Рачен режим

Овозможува основно зголемување/намалување на контролната функција. Се користи кога во режимот за пат или кога во автоматскиот режим барањата не се исполнети.

Кога контактниот клуч е на ON (вклучен), а сепараторот и хедерот се исклучени, следниве зададени вредности може да бидат нагодени:

- Притисок HydraFlex
- Брзина на транспортната лента
- Брзина на намотката
- Отворање на отстранувачот на плева
- Отворање на ситото
- Зазор на вршалката
- Брзина на вентилаторот за чистење
- Брзина на вршалката
- Накосување на платформата напред/назад
- Агол на лопатката на дробилката
- Брзина на ременот

CommandARM е регистриран заштитен знак на Deere & Company



Притиснете го саканиот прекинувач на CommandARM™.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зададете вредноста.

OUO6075,0000441 -A8-11OCT10-2/3

Автоматски режим

ЗАБЕЛЕШКА: Црната вредност (A) ја покажува моменталната зададена вредност. Сината вредност (B) ги покажува зголемените или намалените зададени вредности кога е допрен симболот плус (+) или симболот минус (-), или е завртено копчето за бирање.

Се обезбедува напредна "dial-in" контролна функција.


Кога моторот е во брз празен од и сепараторот е вклучен, може да бидат нагодени следниве зададени вредности:

- Брзина на вршалката
- Брзина на вентилаторот за чистење

Кога моторот работи, може да бидат нагодени следниве зададени вредности:

- Отворање на отстранувачот на плева
- Отворање на ситото
- Зазор на вршалката
- Агол на лопатката на дробилката
- Брзина на распрскувачот
- Стапка на висината на хедерот
- Осетливост на висината на хедерот
- Осетливост на рачното странично накосување
- Осетливост на автоматското странично накосување
- Опсег 1 на максималната брзина на преносот ProDrive

CommandARM е регистриран заштитен знак на Deere & Company



A—Црна вредност **B—Сина вредност**

- Опсег 2 на максималната брзина на преносот ProDrive
- Положба на лебдење на сензор за висината на хедерот

Притиснете го саканиот прекинувач на CommandARM™.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или ротирајте го копчето за бирање за да ја зададете вредноста.

OUO6075,0000441 -A8-11OCT10-3/3

Контролни прекинувачи за порамнување HillMaster

Автоматско порамнување

Контролниот прекинувач за автоматско порамнување (A) му дозволува на сепараторот на машината автоматски да се порамни како што машината се движи по лизгав терен.

Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

1. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување за да го активирате системот за автоматско порамнување.
2. Индикациското светло (B) ќе се вклучи покажувајќи дека е во автоматски режим.
3. Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Со помош на висок се одредува стрмнината на машината додека се движи по теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активирањето на контролен систем за автоматско порамнување,прекинувачите за рачно накосување може да се употребат за да се надминат автоматските функции (машината може да се накоси рачно лево или десно).

Рачно порамнување

Прекинувачите за рачно накосување и дозволуваат на шасијата на машината рачно да се накоси лево или десно како што машината се движи на лизгав терен.


Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Машини со притисно копче за менување на брзини: Притиснете го десниот прекинувач за рачно накосување (C) или левиот прекинувач за рачно накосување (D) за да го вклучите режимот HillMaster. Притиснете го прекинувачот на сопирачката за паркирање за да ја ослободите сопирачката за паркирање.

Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно (C) за да ја накосите шасијата на машината надесно.

Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево (D) за да ја накосите шасијата на машината налево.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога прекинувачот за рачно саканото накосување е ослободен, автоматскиот режим ја презема и автоматски ја нивелира шасијата на машината.



H94961 —UN—27JAN10

A—Контролен прекинувач за автоматско порамнување
B—Индикациско светло
C—Прекинувач за рачно накосување надесно
D—Прекинувач за рачно накосување налево

Дисплејот ја покажува положбата на шасијата на машината графички.

Со помош на висок се одредува стрмнината на машината додека се движи по теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Со активирањето на контролен систем за автоматско порамнување,прекинувачите за рачно накосување може да се употребат за да се надминат автоматските функции (машината може да се накоси рачно лево или десно).

Положба на патен транспорт:

⚠ ВНИМАНИЕ: Избегнувајте да изгубите контрола за време на патен транспорт и сериозна повреда или смрт. Никогаш не транспортирајте машина на пат со HillMaster во автоматски режим. Никогаш не обидувајте се рачно да ја накосите машината додека ја транспортирате на пат.

Следното го блокира системот за порамнување HillMaster и обезбедува системот за порамнување да не ја накоси машината при патен транспорт.

Системски барања:
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.

1. Доведете ја машината на рамен терен.
2. Притиснете го контролниот прекинувач за автоматско порамнување **пет секунди** или додека не светне индикациското светло (B).
3. Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување надесно (C) за да ја накосите шасијата на машината надесно.


Продолжува на следната страница

4. Притиснете и држете го прекинувачот за рачно накосување налево (D) за да ја накосите шасијата на машината налево.


Машината е сега во неутрална положба и може да се вози на патишта.

OUO6075,00010C8 -A8-14MAR12-2/2

Автоматска контрола на температура на ClimaTrak™



H96249 —UN—30APR10



H96250 —UN—30APR10

Брзина на вентилаторот

ЗАБЕЛЕШКА: Кога работи во услови на студ, најдобро е отворите за вентилација да се насочат кон подот на кабината и да се намести брзината на вентилаторот во автоматска положба. Ова помага протокот на воздух да циркулира во целата кабина.

Контролно вртливо копче за брзина на вентилатор (A): ја нагодува брзината на вентилаторот и количеството на воздух што излегува од отворите за воздух.

- Положба OFF (исклучено) - целата струја кон системот е ИСКЛУЧЕНА.
- Автоматска положба - брзината на вентилаторот е одредена од разликата меѓу избраната температура и фактичката темпетатура во кабината.

ЗАБЕЛЕШКА: Како што температурата се приближува до зададената вредност, брзината на вентилаторот се намалува.

Индикатор за брзина на вентилатор (B): стрелката на индикаторот се движи во зависност од нагодената поставка на саканата брзина на вентилаторот.

Одмрзнување

Прекинувач за одмрзнување (C): рачно ги отвора отворите за одмрзнување.

ЗАБЕЛЕШКА: Индикациското светло се пали кога одмрзнувањето е вклучено.

Уредот за климатизација се вклучува кога прво се притиска прекинувачот за одмрзнување. Со ова се отстранува влажноста од воздухот и му дозволува на сувиот воздух да дува во прозорците. Притиснете го прекинувачот на уредот за климатизација за да го исклучите.

- Одмрзнувањето помага да се отстрани влажноста од воздухот дури и во режим на топлење.

Индикатор за одмрзнување (D): ја вклучува или исклучува иконата ON/OFF (вклучи/исклучи) кога се притиска прекинувачот за одмрзнување.

Уред за климатизација

Прекинувач за клима (E): го активира уредот за климатизација за да ја излади кабината.

ЗАБЕЛЕШКА: Индикациското светло светнува кога климатизацијата е вклучена на ON.

Икона за клима (F): ја вклучува или исклучува иконата ON/OFF (вклучи/исклучи) кога се притиска прекинувачот за уредот за климатизација.

Контрола на температура на ClimaTrak™

Контролно вртливо копче за температура (G): ја нагодува температурата во кабината. Завртете го бројченикот кон црвената зона за да ја зголемите температурата, а кон синатa зона за да ја намалите температурата.

ЗАБЕЛЕШКА: Надворешната амбиентна температура (H) ја покажува тековната температура на воздухот.

Индикатор за контрола на температура (I): Стрелката на индикаторот се движи во однос на посакуваната ClimaTrak™ поставка за прилагодување на температурата.

ClimaTrak е регистриран заштитен знак на Deere & Company

WM05597,000134A -A8-06JUL15-1/1

Прекинувачи за светла

ЗАБЕЛЕШКА: За подетални информации за местата на светлата на машината, видете го делот за Светла и сигнали.

Прекинувач за предни светла за стрниште (A):

Притиснете го прекинувачот за да ги ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ предните светла за стрниште.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако светлата за возење се ВКЛУЧЕНИ, светлата за стрниште, светлата на шоферската табла и задните светла за празнење не ќе може да се ВКЛУЧАТ.

- Светлата за стрниште му обезбедуваат на операторот осветлување на подрачјето зад хедерот за ноќно работење и во услови на слаба осветленост.

Прекинувач за задните светла за празнење (B):

Притиснете го прекинувачот за да ги ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ задните светла за празнење.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако светлата за возење се ВКЛУЧЕНИ, светлата за стрниште, светлата на шоферската табла и задните светла за празнење не ќе може да се ВКЛУЧАТ.

- Задните светла за празнење му обезбедуваат на операторот осветлување на задниот дел за ноќно работење и во услови на слаба осветленост.

Автоматски прекинувач за ротационо светло (C):

Притиснете го прекинувачот за да ги ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ автоматските ротациони светла.

- Ротационите светла се палат за да му сигнализираат на операторот со количката за зрна дека резервоарот за зрна е 3/4 или целосно полн и е подготвен за растовар.



H94962 —UN—27JAN10

Прекинувач за ротационо светло (D):

Притиснете го прекинувачот за да ги ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ ротационите светла.

- Ротационите светла се лоцирани на двете страни на машината напред и назад предупредувајќи ги другите возачи при транспорт на патишта.

Прекинувач за предупредувачкото светло (E):

Притиснете го прекинувачот за да ги ВКЛУЧИТЕ/ИСКЛУЧИТЕ предупредувачките светла.

- Предупредувачките светла се лоцирани на двете страни на машината напред и назад предупредувајќи ги другите возачи при транспорт на патишта.

OUO6075,00004D7 -A8-29JUN11-1/1

Прекинувачи за функција на радио (ако постои)

Прекинувач Push To Talk (A)[1]:

Притиснете го прекинувачот за побрза навигација до страницата со телефонски повици, како и за да одговорите на дојдовните повици или да ги прекинете повиците кои се во тек.

Прекинувач за барање напред (B):


- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (кратко притискање) за да промените во наредната претходно поставена станица.
- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (долго притискање) за БАРАЊЕ НАГОРЕ.
- SiriusXM™ Сателитско радио: Притиснете и држете го прекинувачот за да промените во нареден/повисок канал..
- ЦД/MP3: Притиснете го прекинувачот за да поминете на наредната достапна песна.

Прекинувач за барање наназад (C):

- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (кратко притискање) за да промените во претходно поставената станица.
- AM/FM/WX/MW/LW: Притиснете го прекинувачот (долго притискање) за БАРАЊЕ НАДОЛУ.
- SiriusXM™ Сателитско радио: Притиснете и држете го прекинувачот за да промените во претходен/понизок канал..
- ЦД/MP3: Притиснете го прекинувачот за да одете на почетокот од песната која свири моментално или на претходната песна.

SiriusXM е заштитен знак на Sirius XM Radio Inc.

[1]Прекинувачот е достапен само за Премиум радија.



H105408 —UN—11MAY12

Прекинувач за зголемување јачина на глас (D):

Притиснете го прекинувачот за да ја зголемите јачината на звукот на аудиото.

Прекинувач за намалување јачина на глас (E):

Притиснете го прекинувачот за да ја намалите јачината на звукот на аудиото.

Прекинувач за исклучување на гласот (безгласно) (F):

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете го прекинувачот за исклучување на гласот на микрофонот за време на телефонски повик.

Притиснете го прекинувачот за исклучување на гласот на аудиото. Притиснете го прекинувачот за продолжување на репродукцијата на аудио музиката.

WM05597,0001357 -A8-06JUL15-1/1

Повеќенаменска рачка и нагодување за дланката

ВАЖНО: Ако на приказот се вклучи предупредувачкото светло за хидростатичниот притисок на полнењето кога ќе се повлече повеќенаменската рачка, проверете го нивото на хидрауличното масло или заменете го филтерот.

Повлечете ја повеќенаменската рачка напред за да ја придвижите машината нанапред, или вратете ја малку надесно и назад за да ја придвижите машината наназад.

Потпирачот за дланка (A) е нагодлив во три задржани положби. За да го подигнете или спуштите потпирачот за дланка, повлечете ја рачката (B) под потпирачот за дланка и нагодете го потпирачот за дланка во саканата положба.




H109717 —UN—29JAN14

A—Потпирач за дланката **B—Рачка**


OUO6075,000173A -A8-30JAN14-1/1

Прекинувачи на повеќе функционалната рачка



H109637 —UN—15JAN14

Преден поглед



H109638 —UN—15JAN14

Заден поглед

A—Прекинувач за брзо запирање
B—Прекинувач за свртување на растоварната спирала
C—Прекинувач за вклучување/исклучување на погонот на растоварната спирала и индикациско светло
D—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот и прекинувач на страничното накосување (изборно)
E—Копчиња за синхронизација на машината (ако постои)
F—Ролна подигнување/спуштање, ролна напред/назад (по избор), брзина на задно вратило кај куќиштето за достава, прилагодлива плоча на палубата за хедер на пченка (по избор)
G—Копчиња за активирање (1, 2, 3)
H—Продолжување со AutoTrac™ (ако е вградено)
I— Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење, прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, прекинувач за напред/назад на шипката за косење[1]
J— Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење, прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, прекинувач за напред/назад на шипката за косење[1]
K—Не се користи

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company

[1]Во зависност од можностите на машината и типот на хедерот, прекинувачите може да се репрограмираат за да ја контролираат навалеността на драперот на шипката за косење (600D драпери), хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата) или шипката за косење напред/назад (европски хедер платформи 600X)

OUO6075,000172A -A8-19MAR14-1/1

Прекинувач за брзо сопирање

ВНИМАНИЕ: ProDrive™ Машини: Притискањето на прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач прави машината споро да врти до запирањето. Повеќе функционалната рачка мора да биде вратена во неутрална позиција за ресетирање на придвижувачкиот систем.

Притиснете го копчето за менување на пренос или механичко менување на машини: Кога се притиска прекинувачот за брзо запирање со вклучен одделувач, операторот е одговорен за повлекување назад на повеќе функционалната рачка за да се запре машината.

Се препорачува секогаш да го ставате безбедносниот ремен за да избегнете сериозни повреди.

ВАЖНО: Погонот на хедерот може да се исклучи со овој прекинувач во случај на дефект.

Прекинувачот за брзо запирање (A) му дозволува на возачот истовремено да го ИСКЛУЧИ следното во случај на итност:

- Вклучување на хедерот
- Погон на растоварната спирала
- Свртување на растоварната спирала
- Капаци за резервоарот за зрна (ако се вградени)
- Автоматско преклопување на спиралата (ако постои)
- ProDrive™ (споро запирање на погонското движење) (ако има во опремата)

ProDrive е заштитен знак на Deere & Company



H109720 —UN—29JAN14

A—Прекинувач за брзо сопирање

Притискање на прекинувачот за погонот на растоварната спирала на повеќенаменската рачка го рестартира погонот на растоварната спирала. За да го вклучите погонот на хедерот, завртете го прекинувачот на OFF (икслучување) и повторно на ON (вклучување).

SS43267,00004E0 -A8-30JAN15-1/1

Прекинувач за свртување на растоварната спирала

Прекинувачот за свртување на растоварната спирала (A) му дозволува на возачот рачно или автоматски да ја сврти растоварната спирала кон внатре или надвор.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Возачот мора да седи.

Притиснете го врвот на прекинувачот за вртење на растоварната спирала за да ја свртите кон надвор или притиснете го долниот дел од прекинувачот за да ја свртите спиралата кон внатре.

Рачна контрола: Притиснете и држете го прекинувачот делумно навнатре додека спиралата не се постави во саканата положба. Спиралата застанува кога ќе се отпушти прекинувачот.

Автоматска контрола: Притиснете го прекинувачот до крај внатре и ослободете го. Спиралата ќе се ниша целосно нанадвор или навнатре без да го држите прекинувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за автоматско нишање на спиралата нема да работи кога е вклучен погонот на растоварната спирала. Кога растоварната спирала не се користи, се препорачува да ја свртите растоварната спирала назад во положба за транспорт.



H109721 —UN—29JAN14

A—Прекинувач за свртување на растоварната спирала

OUO6075,000173C -A8-30JAN14-1/1

Прекинувач за погонот на растоварната спирала

Прекинувачот за погонот на растоварната спирала (A) му дозволува на возачот да ја вклучи или исклучи растоварната спирала.


Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Возачот мора да седи.

Притиснете го прекинувачот за погонот на растоварната спирала еднаш за да го ВКЛУЧИТЕ или притиснете го уште еднаш за да го ИСКЛУЧИТЕ. Индикациското светло се ВКЛУЧУВА кога е вклучен системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Погонот на растоварната спирала може да се ИСКЛУЧИ и со прекинувачот за брзо запирање (B) во случај на итност. За да ја вклучите растоварната спирала доколку хедерот и растоварната спирала се запрени со прекинувачот за брзо запирање, притиснете го повторно прекинувачот на растоварната спирала.

Погонот на растоварната спирала ќе се вклучи единствено кога копчето се држи додека спиралата е во режим на автоматско нишање или кога спиралата рачно се ниша кон надвор за помалку од 50%.

Доколку возачот го напушти седиштето по вклучувањето, погонот на растоварната спирала ќе продолжи да функционира уште пет секунди пред да се исклучи. За да го вклучите системот, седнете



H109722 —UN—29JAN14

A—Прекинувач на погонот на растоварната спирала **B—Прекинувач за брзо запирање**

на седиштето на возач и притиснете го повторно прекинувачот за растоварната спирала.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако системот за растовар не успее да се вклучи или неочекувано запре, седнете на седиштето и притиснете го прекинувачот за растоварната спирала еднаш.

OUO6075,000173D -A8-30JAN14-1/1


Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (A) му дозволува на возачот да го подигне или спушти хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот има две задржани положби. Со делумно туркање на делот од прекинувачот навнатре хедерот полека се подигнува или се спушта. Со туркање на целиот прекинувачот навнатре, хедерот се подигнува или се спушта многу побрзо.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Возачот мора да седи.

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот за да го подигнете или притиснете и задржете го долниот дел



H109723 —UN—29JAN14


A—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

од прекинувачот за подигнување/спуштање за да го спуштите хедерот.

OUO6075,000173E -A8-30JAN14-1/1

Прекинувач за странично накосување

ЗАБЕЛЕШКА: На комбајни опремени со доставна комора за рамен терен или со странично накосување, која работи заедно со платформа на транспортна лента 600D, опремена со додатокот Dual Zone Float, прекинувачот за странично накосување обезбедува независно нагодување на притисокот при лебдење во десната и левата рака за лебдење и цилиндри на тркалото за мерење (ако е вградено).



H109724 —UN—29JAN14

A—Прекинувач за странично накосување

Прекинувачот на страничното накосување (A) му дозволува на операторот да ја накоси доставната комора лево или десно.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

Притиснете ја десната страна на прекинувачот за странично накосување за да ја накосите доставната комора десно, или притиснете ја левата страна на прекинувачот за да ја накосите лево.


OUO6075,000173F -A8-30JAN14-1/1

Копчиња за синхронизација на машината (ако постои)

Копчињата за синхронизација на машината му овозможуваат на операторот да ја користи функцијата за поттурнување во Синхронизација на машината со користење на иконите ма приказот GreenStar™ 3 2630. Погледнете во Прирачникот за користење на синхронизирање на машината за понатамошни информации.

Притиснете го копчето за зголемување (A) за да го поместите тракторот нанапред или притиснете го копчето за намалување (B) за да го поместите тракторот наназад.

Системски барања:
- Приказот GreenStar™ 3 2630 да биде поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.



H109728 —UN—29JAN14

A—Копче за зголемување **B—Копче за намалување**

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001740 -A8-30JAN14-1/1

Прекинувач за кревање на платформата на ролната и напред/назад на ролната

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот исто така се користи и за контрола на брзината на задното вратило на хедерот за пченка и нагодливото растојание на плочата на платформата (ако постои). Видете поглавје Прекинувач за брзина на задно вратило на хедер за пченка и за нагодливо растојание на плоча на платформата за повеќе информации.

Прекинувачот (A) за кревање на ролната и за напред/назад на ролната му овозможува на возачот да ја контролира положбата на ролната.

Системски барања:

- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.



H109725 —UN—29JAN14

A—Прекинувач за подигнување на намотката и движење на намотката напред и назад

Притиснете и држете го горниот дел од прекинувачот за да ја подигнете намотката или притиснете и држете го долниот дел од прекинувачот за да ја спуштите намотката.

Притиснете и држете ја левата страна на прекинувачот за да ја движите намотката напред или притиснете и држете ја десната страна на прекинувачот за да ја движите намотката назад.

OUO6075,0001741 -A8-19MAR14-1/1

Прекинувач за брзината на задното вратило на хедерот за пченка / нагодливо растојание на плочата на платформата

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот исто така се користи за да ја контролира платформата на ролната, нејзиното подигнување и напред/назад движење. За повеќе информации видете за: прекинувач за кревање на платформата на ролната и напред/назад на ролната во овој дел.

Прекинувачот за брзината на задното вратило и за растојанието на плочата на платформата (A) му дозволува на операторот да ја контролира брзината на задното вратило на хедерот за пченка и да го нагодува растојанието на плочата на платформата (ако е вградено).

Системски барања:


- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Повеќебрзински погон на доставната комора може да се нагодува со вртење на клучот на ON (вклучи). Кога машината ќе се вклучи и работи, доставната комора работи на мемориранатa брзина.

CommandTouch™ повеќе степенски погон на куќиштето за достава (по избор): Кога се додава хедер за пченка или хедер за култури во редови, брзината на задното вратило и растојанието на плочата на платформата се користи за контрола на брзината на задното вратило и за нагодливото растојание на плочата на платформата.

Притиснете го врвот или дното на прекинувачот еднаш за да го активирате приказот. Притиснете го врвот на прекинувачот за да го зголемите изборот на брзина или притиснете го дното на прекинувачот за да го намалите изборот на брзина.

Моменталната брзина се прикажува во црно, а саканата брзина светка во сино на приказот додека саканата брзина не се достигне.



H109725 —UN—29JAN14

A—Прекинувач за брзината на задното вратило и за растојанието на плочата на платформата

Покажаните брзини се во висок празен од и без товар:

- 1ва брзина: 480—510 вртежи/мин.
- Втора брзина: 535—565 вртежи/мин.
- Трета брзина: 590—620 вртежи/мин.
- 4-та брзина: 665—695 вртежи/мин.
- 5-та брзина: 735—765 вртежи/мин.

Проред на палубни плочи (ако има во опремата): Притиснете ја левата или десната страна на прекинувачот еднаш за да го активирате приказот. Притиснете ја левата страна на прекинувачот повторно за да го зголемите растојанието и притиснете ја десната страна на прекинувачот за да го намалите растојанието.

SS43267,000050A -A8-12FEB15-1/1

Копчиња за активирање на хедерот


Кога копчињата за активирање на хедерот (A), (B) или (C) ќе се притиснат, се извршуваат следните функции:

- Враќање на висина на хедерот
- Детекција на висината на хедерот
- Контрола на страничното накосување
- Враќање на положбата на намотката
- Враќање на положбата на плочата на платформата
- Активно лебдење на хедерот
- Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)
- Положба на шипката за косење (европски хедер платформи 600X)

Системот за електронска контрола го враќа хедерот во положба претходно избрана од операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Положбите на хедерот добиени со притискање на активирачките копчиња може да бидат надминати со притискање на прекинувачот (D) за подигање/ спуштање на ролната или напред/назад на ролната или на прекинувачот за странично навалување (E), за подигање/спуштање на хедерот. Еднаш кога копчињата за активирање рачно ќе се надвладеат, притиснете го саканотот копче за активирање за повторно активирање.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.



H109726 —UN—29JAN14

A—Копче за активирање 1
B—Копче за активирање 2
C—Копче за активирање 3
D—Прекинувач за подигнување на намотката и движење на намотката напред и назад
E—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот и рачно странично накосување

- Овозможено е враќање на висината на хедерот, детекција на висината на хедерот или режим на активно лебдење на хедерот.
- Хедерот е вклучен.

Со притискањето на копчињата за активирање на хедерот се активира системот. Системот за контрола на хедерот презема контрола и го движи хедерот во положба избрана од операторот.

OUO6075,0001743 -A8-19MAR14-1/1


Копче за продолжување на AutoTrac™ (ако има во опремата)

Копчето (A) за продолжување на AutoTrac™ го вклучува или исклучува AutoTrac™ системот.

Копчето за обновување на AutoTrac исто така го активира или деактивира системот RowSense™. За повеќе информации, погледнете во Приračникот за користење на AutoTrac™.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Хедерот е вклучен.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
RowSense е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H109727 —UN—29JAN14

A—Копче за обновување на AutoTrac™

WM05597,000134D -A8-06JUL15-1/1

Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење, прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, прекинувач за напред/назад на шипката за косење

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од можностите на машината и типот на хедерот, прекинувачите може да се репрограмираат за да контролираат:

- *Наваленост на драперот на шипката за косење (600D драпери)*
- *Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)*
- *Напред/назад на шипката за косење (европски хедер платформи 600X)*

За повеќе информации околу репрограмирањето видете во поставките за повеќе функционалната рачка во делот за приказ на екран на CommandCenter™.

Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење (600D драпери)

Прекинувачот за наваленост на драперот на шипката за косење (600D драпери) (A или B) му дозволува на возачот да го зголеми или намали аголот на шипката за косење.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Хедерот е вклучен.
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да го зголемите аголот на шипката за косење.


Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да го зголемите аголот на шипката за косење.

Прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)

Прекинувачот за хидрауличното навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата) (A или B) му дозволува на возачот да управува со положбата на наваленост на рамката од куќиштето за достава.

Системски барања:
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на напред.



H109639 —UN—15JAN14

Повеќе функционална рачка (поглед од позади)

A—Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење, прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, прекинувач за напред/назад на шипката за косење

B—Прекинувач за наваленост на драперот на шипката за косење, прекинувач за хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава, прекинувач за напред/назад на шипката за косење

Притиснете и задржете го долниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на назад.

Прекинувач за напред/назад на шипката за косење (европски хедер платформи 600X)

Прекинувачот за напред/назад на шипката за косење (европски хедер платформи 600X) (A или B) му дозволува на возачот да управува со положбата на шипката за косење.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Хедерот е вклучен.
- Распределбата на прекинувачите на повеќе функционалната рачка е според функциите.

Притиснете и задржете го горниот дел од прекинувачот за да ја продолжите положбата на шипката за косење.

Притиснете и задржете го долниот дел од прекинувачот за да го навалите куќиштето за достава на назад.

OUO6075,000172B -A8-19MAR14-1/1

Столпче во аголот на кабината CommandTouch™

(1)—Индикатор за лев трепкач: му укажува на операторот дека е вклучен левиот трепкач.

(2)—Предупредувачки индикатор за изгаснат мотор (црвен): свети и потребно е машината да сопре веднаш и да се реши проблемот. Дијагностичкиот код за грешка се прикажува на екранот на потпирачот за раце се додека проблемот не се реши.

(3)—Предупредувачки индикатор за сервис (жолт): свети и трепка кога постои проблем со машината. Потребно е машината да сопре колку што е можно побрзо. Дијагностичкиот код за грешка се прикажува на екранот на потпирачот за рака.

(4)—Предупредувачки индикатор за информации (син): свети и трепка кога дијагностичкиот код за грешка е активен. Го предупредува операторот да биде свесен за оваа состојба. Кога предупредувањето е прифатено, исчезнува пораката на екранот и индикаторот за предупредување се ИСКЛУЧУВА.

(5)—Индикатор за десен трепкач: му укажува на операторот дека е вклучен десниот трепкач.

(6)—Индикатор за светла на приклока: светнува кога кабелскиот сноп на приколката е поврзан и активиран е трепкачот.


(7)—Индикаторот за долги светла: му укажува на операторот дека тековно се избрани долгите светла.

ВАЖНО: Final Tier 4/Stage IV: Може да настане оштетување на компонентите за чистење на издувните гасови ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека вршите чистење на филтерот на издувни гасови или кратко откако ќе заврши чистењето. Алармот се активира и на приказот се прикажува порака за предупредување. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на приказот за да овозможите компонентите да се изладат.

(8)—Индикатор за чистење на издувен филтер (конечно ниво 4/фаза IV): свети кога системот на филтерот за издувни гасови активно врши чистење на филтерот за издувни гасови.

(9)—Индикаторски мерач на моторна сила: го прикажува на операторот процентот моќност со кој моторот работи во кој било зададен момент.

ВАЖНО: Ако индикаторот се движи во црвениот регион, моќноста на моторот е максимизирана и машината потенцијално би можела да се закочи. Намалете го оптоварувањето на машина, додека индикатор не се врати во зелениот и жолтиот регион.



H1105895 —UN—01OCT12

- Зелен регион (35 до 100%)
- Жолт регион (101 до 110%)
- Црвен регион (111 до 114%)

Продолжува на следната страница

SS43267,00004F1 -A8-06FEB15-1/3

(10)—Индикатор на температура на мотор: за нормална работна температура, се прикажуваат седум до девет ленти.

Ако се озвучи алармот и се појави порака за температурата на моторот, исклучете го моторот и веднаш проверете го проблемот.

(11)—Индикаторски мерач на гориво: покажува колку гориво има останато во резервоарот. Кога нивото ќе достигне 10% (приближно еден работен час) на преостанато гориво, индикаторот за гориво трепка, алармот се озвучува и се појавува порака за ниско ниво на гориво.

Индикаторот покажува нула ленти кога резервоарот за гориво е празен.

(12)—Индикатор на ниво на течноста за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV): покажува колку течност има преостанато во резервоарот.

- Кога нивото ќе достигне 10%, индикаторот за ниво трепка, алармот се озвучува и се појавува порака за ниско ниво на течност.
- Кога нивото ќе достигне 0%, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност и ограничена моќност на моторот.
- Кога ќе се достигне загуба на налевањето, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност, ограничена моќност на моторот и ограничена брзина. Индикаторот за предупредување за исклучување на моторот (црвен) светнува, моторот е во редуцирана состојба и функциите на машината се ограничени.

(13) — индикатор за брзината на преносот или опсегот на брзините:


- **3-брзински машини што не се ProDrive™:** прикажува која брзина е тековно избрана. Индикаторите 1, 2, 3 светнуваат во зависност од изборот на брзина.
- **2-брзински машини што се ProDrive™:** прикажува кој опсег на брзина е тековно избран. Индикаторите 1, и 2 светнуваат во зависност од изборот на опсегот на брзина.

(14)—Индикатор за паркирна сопирачка: светнува кога е избрана сопирачката за паркирање.

(15)—Индикатор за неутрална: прикажува дека машината е моментално во неутрална положба.

(16)—Индикатор за брзина на мотор: ја прикажува брзината на моторот во вртежи во минута.

(17)—Индикатор за брзина на движење: ја прикажува теренската брзина на машината (km/h или mph).



H105895 —UN—01OCT12

Продолжува на следната страница

(18)—Бројчен приказ на висина на хедер: ја прикажува тековната висина на хедерот.

(19)—Позиционен приказ на висина на хедер: ја прикажува тековната положба за висина на хедерот.

(20)—Приказ на поставка на висина на хедер: ја прикажува посакуваната поставена точка од операторот.

(21)—Активирачки број за хедерот: го прикажува тековно избраната активација.

(22)—Продолжување со функција за позицијата на палубна плоча: покажува дека системот е тековно активен.

(23) - Обновување на Dial-A-Speed/намотката:

- **Вртливо копче за бирање брзина (лева икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Продолжување со функција за ролна (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.

(24) - Обновување на висината на хедерот/Детекција на висината на хедерот/Активно лебдење на хедерот:

- **Продолжување со функција за висина на хедер (лева икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Детекција на висина на хедер (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Активно пловење на хедерот (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.


(25)—Приказ на странична наваленост: ја прикажува положбата на рамката на доставната комора.

(26)—Индикатор за загуби кај чистачот во форма на чевел: ја покажува загубата на зрна од решетото.

(27)—Индикатор за вкупни загуби: го покажува просечната загуба на зрна од подрачјето на решетото и на сепараторот.

(28)—Индикатор за загуби кај одделувачот: ја покажува загубата на зрна од подрачјето на сепараторот.

(29)—Индикатор на волумен на плева што се враќа за повторно вршење: го прикажува количеството на повратени отпадоци.



SS43267,00004F1 -A8-06FEB15-3/3

Приказ за контрола на активен хедер

Копче за брзина Dial-A-Speed (A): му дозволува на операторот автоматска контрола на работната брзина за намотката или за хедерите на ременските пикапи. Работната брзина е сооднос помеѓу теренската брзина на машината и брзината на намотката или ременот.


Вражање на висината на хедерот (B): му дозволува на операторот да ја избере положбата на хедерот релативно со шасијата на машината и автоматски да се врати во таа положба.

Враќање на положбата на плочата на платформата (C): му дозволува на операторот да ја избере положбата на плочите на платформата (ако се вградени) и автоматски да се врати во таа положба.

Враќање на положбата на намотката (D): му дозволува на операторот да ја избере висината на намотката и предната/задната положба на намотката и автоматски да се врати во таа положба.

Детекција на висината на хедерот (E): му дозволува на операторот да ја избере положбата на хедерот релативно со тлото и автоматски да се врати во таа положба.

Детекција на висината на хедерот (HydraFlex) (E): му дозволува на операторот да го нагоди земјениот притисок на лентата со сечила или на тежината на лентата со сечила и автоматски да се врати во таа поставка. HydraFlex работи заедно со детекцијата на висината на хедерот за да одржи положба на хедерот релативна со земјата, да ја следи контурата на земјата и автоматски да се врати во таа положба.



H98580 —UN—01DEC10

Активно лебдење на хедерот (F): дозволува работа со крут хедер при контакт со тлото и одржување на однапред поставен контактен притисок. Операторот избира колку е цврст контактот на хедерот со земјата и автоматски се враќа во тој притисок.

Странично накосување (G): му овозможува на операторот да одржува положба на хедерот релативна со земјата. Сензорите на секој крај на хедерот го мерат растојанието до тлото. Хедерот се накосува за да се порамнат растојанијата до тлото за секој крај на хедерот. Ако се вградени лев и десен сензор за детекција на висината на хедерот и страничното накосување е активно, системите работат заедно за да ја одржуваат најблиската положба на лентата со сечила релативна со тлото.

OUO6075,00004C4 -A8-01DEC10-1/1

Опис на систем за автоматска контрола на висината на хедерот

Системот за автоматска контрола на висината на хедерот врши компензација за нерамната земја и ја контролира хоризонталната и вертикалната положба на хедерот. Системот постојано ги споредува поставената положба и реалната положба, одржувајќи го хедерот во посакуваната работна положба.

Системски барања:

- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.
- Моторот работи.
- Хедерот е вклучен.
- Активирана е посакуваниот режим за контрола на хедерот.

Нагодување на страничното накосување (A)

- Паралелните нагодувања на хедерот во однос на земјата се извршуваат преку сензорите сместени на секој крај од хедерот. Ова обезбедува растојанието меѓу хедерот и земјата да е еднакво и на левата и на десната страна.

Нагодување на висината на платформата (B и C)

- Враќање на висината на хедерот — платформата може да биде поставена во која било положба во рамките на опсегот на доставната комора.



H98581 —UN—14OCT10

A—Странично накосување
B—Детекција на висината на хедерот/активно лебдење на хедерот
C—Враќање на висина на хедерот

- Детекција на висината на хедерот — висината на платформата се одржува преку сензорите за висина прикачени на платформата. Ова овозможува висината на хедерот секогаш да биде константна низ нерамен терен.
- Активно лебдење на хедерот — машината одржува постојан притисок на контактот на хедерот со земјата.

OUO6075,00004C5 -A8-01DEC10-1/1

Комбинации на режими на копчињата за активирање

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете ги и задржете ги две секунди активирачките копчиња 1,2 или 3 на повеќе функционалната рачка за да влезете во посакуваниот режим во меморијата.

Подолу се покажани неколку вообичаени режими, но постојат многу комбинации.

Вклучени режимите на команди	Копче за активирање 1	Копче за активирање 2	Копче за активирање 3
Враќање на висината	Враќање на висината		
Враќање на висината, детекција на висината	Враќање на висината	Детекција на висината	
Продолжување на висината, HydraFlex™ детекција на висина	Враќање на висината	Детекција на висина HydraFlex™	
Продолжување на висината, детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™ [a]	Враќање на висината	Детекција на висината	Детекција на висина HydraFlex™
Продолжување на висината, детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™ [b]	Враќање на висината	Детекција на висината	Детекција на висина HydraFlex™
Враќање на висината, детекција на висината, активно лебдење на хедерот	Враќање на висината	Детекција на висината	Активно лебдење на хедерот
Продолжување на висината, детекција на висина HydraFlex™, активно пловење на хедерот	Враќање на висината	Детекција на висина HydraFlex™	Активно лебдење на хедерот
Враќање на висината, активно лебдење на хедерот	Враќање на висината		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висината	Детекција на висината		
Детекција на висина HydraFlex™	Детекција на висина HydraFlex™		
Детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™ [a]	Детекција на висината		Детекција на висина HydraFlex™
Детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™ [b]	Детекција на висината		Детекција на висина HydraFlex™
Детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™, активно пловење на хедерот [a]	Детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висината, активно лебдење на хедерот	Детекција на висината		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висина HydraFlex™, активно пловење на хедерот	Детекција на висина, детекција на висина HydraFlex™		Активно лебдење на хедерот
Активно лебдење на хедерот	Активно лебдење на хедерот		
Враќање на положбата на намотката	Враќање на положбата на намотката		
Враќање на положбата на плочата на платформата	Враќање на положбата на плочата на платформата		
Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава (ако има во опремата)	Хидраулично навалување напред/назад на куќиштето за достава		
Предна/задна положба на шипката за косење [c]	Предна/задна положба на шипката за косење		

[a] Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за да ја вклучите детекцијата на висината и детекцијата на висината HydraFlex, што бара 600F или 600FD со помошен сензори за висина или 600D со тркала за мерење.
[b] Стандарден режим со платформа 600D ако тркалата за мерење не се закачени со клинови за време на калибрација, што бара 600D со тркала за мерење.
[c] Европски хедер платформи 600X.

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001746 -A8-19MAR14-1/1

Враќање на висина на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за кофигурација на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му овозможува на возачот да ја избере положбата на доставната комора релативно со машината и автоматски да се врати во таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (види поглавје Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на една од трите различни висини на хедерот што можат да се програмираат.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога автоматски ќе се означи иконата за режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10




Икони за поставки на хедерот



H109800 —UN—12FEB14

Приказ на хедерот за пченка



H109801 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона на враќање на висина на хедерот

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001747 -A8-06FEB14-1/2

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за враќање на висината на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте го враќањето на висината на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за враќање на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.


За да се промени зададената вредност на висината (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете ја висината користејќи го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завретете го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот кон симболот (+) за да го подигнете хедерот и да ја зголемите зададената вредноста или кон симболот (-) за да го спуштите хедерот и да ја намалите зададената вредност.

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) ја покажуваат положбата на хедерот во однос на тлото, врз основа на сензорот за враќање на висината на хедерот поврзан со доставната комора.

Рачното нагодување на висината на хедерот со употреба на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (G) го деактивира системот.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраната висина.



H98582 —UN—14OCT10



H95079 —UN—27JAN10



H109729 —UN—29JAN14

A—Икона на враќање на висина на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена вредност на висина
D—Бројченик за контрола на висината на хедерот
E—Столбест дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

OUO6075,0001747 -A8-06FEB14-2/2

Детекција за висината на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за кофигурација на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му овозможува на возачот да ја изберете положбата на хедерот релативно со земјата и автоматски да се врати во таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (види поглавје Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на една од трите различни висини на хедерот што можат да се програмираат.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога автоматски ќе се означи иконата за режими на висината на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за детекција на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10




Икони за поставки на хедерот



H109802 —UN—12FEB14

Приказ на хедерот за пченка



H109803 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона за детекција на висината на хедерот

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за детекција на висина на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте ја детекцијата на висината на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за детекција на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададената вредност на висината (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете ја висината користејќи го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завретете го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот кон симболот (+) за да го подигнете хедерот и да ја зголемите зададената вредноста или кон симболот (-) за да го спуштите хедерот и да ја намалите зададената вредност.

Столбестиот дијаграм (E) и нумеричкиот приказ (F) ја покажуваат релативната положбата на хедерот врз основа на сензорот за висината на хедерот поврзан со хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести за веднаш да го исклучи системот додека не се притисне копчето за активирање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Рачното нагодување на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) привремено го надвладува системот додека не се ослободи. Еднаш кога прекинувачот ќе се ослободи, системот се враќа во автоматски режим.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести да не го активира повторно системот кога ќе се притисне прекинувачот на хедерот за спуштање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Со употреба на прекинувачот за подигнување на хедерот (G) привремено се деактивира системот додека не се притисне прекинувачот за спуштање на хедерот. Кога прекинувачот ќе се притисне, системот повторно се активира.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраната висина.



H99253 —UN—01DEC10



H95079 —UN—27JAN10



H109729 —UN—29JAN14

A—Икона за детекција на висината на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена вредност на висина
D—Бројченик за контрола на висината на хедерот
E—Столбест дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

OUO6075,0001748 -A8-06FEB14-2/2

Детекција на висина на хедер (HydraFlex™ платформи)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот да го нагоди земјениот притисок на лентата со сечила или на тежината на лентата со сечила и автоматски да се врати во таа поставка. Системот HydraFlex™ работи во спрега со системот за детекција на висина на хедерот за да ја одржува положбата на хедерот во однос на подлогата, да ги следи контурите на подлогата и да се враќа автоматски во таа положба. Предниот дел од системот HydraFlex™ користи сензор кој се наоѓа од десната страна на хедерот за да го мери хидрауличниот притисок кој се користи за да ја држи шипката за косење.

ЗАБЕЛЕШКА: Системот HydraFlex™ не го контролира меѓусебното растојание меѓу шипката за косење и подлогата. Тоа е автоматски управувано од системот за детекција на висина и не може да се прилагодува преку активните команди за бирање кај хедерот кога системот HydraFlex™ е присутен.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).


Активирачките копчиња 1, 2 или 3 кои се наоѓаат на повеќе функционалната рачка се употребуваат за да се избере еден од трите различни програмирани притисоци на HydraFlex™ системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.

Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H109803 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона за детекција на висината на хедерот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за режими за автоматска висина на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за детекција на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

HydraFlex е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за детекција на висина на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте ја детекцијата за висина на хедерот (HydraFlex™) со притискање на активирачките копчиња 1, 2 или 3 на повеќе функционалната рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за детекција на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададената вредност на притисокот (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете го притисокот користејќи го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот (D).

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) го покажуваат зададениот притисок врз основа на притисокот во лентата со сечила на платформата.

ЗАБЕЛЕШКА: Системот HydraFlex™ не може да работи независно од системот за детекција на висина на хедерот кога последниов е во автоматски режим на работа. Овие системи реаботат заедно за да ја контролираат тежината на лентата со сечила и движењето на хедерот.

Свртете ги активните команди за бирање на висина на хедерот кон знакот (+) за да го зголемите HydraFlex™ притисокот и одредената точка или кон знакот (-) за да го намалите HydraFlex™ притисокот и одредената точка.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести за веднаш да го исклучи системот додека не се притисне копчето за активирање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Рачното нагодување на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) привремено го надвладува системот додека не се ослободи. Еднаш кога прекинувачот ќе се ослободи, системот се враќа во автоматски режим.


ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести да не го активира повторно системот кога ќе се притисне прекинувачот на хедерот за спуштање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.



H99253 —UN—01DEC10



H95079 —UN—27JAN10



H109729 —UN—29JAN14

A—Икона за детекција на висината на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена вредност на притисок
D—Бројченик за контрола на висината на хедерот
E—Столбест дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Со употреба на прекинувачот за подигнување на хедерот (G) привремено се деактивира системот додека не се притисне прекинувачот за спуштање на хедерот. Кога прекинувачот ќе се притисне, системот повторно се активира.

Продолжува на следната страница

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно активирање на системот или со самото рачно спуштање на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) системот се реактивира. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраниот притисок.

WM05597,000134E -A8-06JUL15-3/3

Систем Dial-A-Speed™ (вртливо копче за бирање брзина)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот автоматска контрола на работната брзина за намотката или за хедерите на ременските пикапи. Работната брзина претставува сооднос помеѓу теренската брзина на машината и брзината на намотката или ременот.

Системот работи со каков било хедер опремен со соодветните сензори за брзина на намотката или на пикап ременот.

Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за режими за автоматска висина на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го копчето за потврда кога Dial-A-Speed™ иконата (B) е потенцирана.


ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

Dial-A-Speed е заштитен знак на Deere & Company

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H109804 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Икона

Продолжува на следната страница

SS43267,000050D -A8-16FEB15-1/3

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.
- Системот за бирање на брзина (Dial-A-Speed™) е овозможен.
- Теренска брзина поголема од 0.25 km/h (0.16 mph).

ЗАБЕЛЕШКА: Системот за бирање на брзина (Dial-A-Speed™) нема да работи ако брзината на движење е помала од 0.25 km/h (0.16 mph).

Кога хедерот е над забележаната висина за запирање, брзината на ролната нема да се зголеми додека е во автоматски режим. Тоа ја заштитува ролната од зголемување на брзината кога се прави завртување на крајот од полето.



H98584 —UN—14OCT10



H95084 —UN—27JAN10

A—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Икона

B—Бирање на брзина (Dial-A-Speed™) Бирање

Иконата (A) за бирање на брзина (Dial-A-Speed™) се појавува на екранот покажувајќи дека системот е активен.

Односот меѓу брзината на движење од една страна, и брзината на ролната или на ременестниот подигнувач од друга страна, е поставен со користење на бирањето (B) на Dial-A-Speed™. Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап.

Приказот ја покажува поставката на соодносот на тековната брзина. Колку што е поголем бројот на избраниот сооднос, толку побрзо работи намотката или пикап ременот во однос на теренската брзина на машината.

Продолжува на следната страница

Промена на минималната брзина на намотката или на ременскиот пикап

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на ширината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи квадратчето за минималната брзина на намотката или на пикап ременот (B).

Без екран на допир или екран на допир: Ротирајте го изборникот додека не се прикаже вредноста за саканиот хедер. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја зачувате вредноста.


Само екран на допир: Внесете ја саканата вредност на хедерот на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата внесување/прифаќање за да ја зачувате вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималната брзина на намотката или на ременскиот пикап има низок опсег од 1 вртежи/мин.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот




H109862 —UN—18FEB14

A—Икона за поставка на ширината на хедерот

B—Квадратче за минимална намотка или брзина на пикап ременот


SS43267,000050D -A8-16FEB15-3/3

Систем за странично накосување (изборно)



H52277 —UN—04MAR99

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за кофигурација на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му овозможува на операторот да одржува положба на хедерот релативна со земјата. Сензорите се употребуваат за одредување на висината на секој крај од хедерот. Системот за странично накосување го накосува хедерот за да се порамнат растојанијата до тлото за секој крај на хедерот. Системот за странично накосување користи специјална доставна комора што му дозволува на хедерот да се накоси лево и десно.

Ако се вградени лев и десен сензор за детекција на висината на хедерот и страничното накосување е активно, системите работат заедно за да ја одржуваат најблиската положба на лентата со сечила релативна со тлото.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (види поглавје Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 поставени на повеќенаменската рачка се користат за активирање на системот.


Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога автоматски ќе се означи иконата за режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата на странично накосување (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.



H109805 —UN—12FEB14

Приказ на хедерот за пченка



H109806 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

A—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

B—Икона на странично накосување

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот е калибриран.
- Хедерот е вклучен.
- Системот за странично накосување е вклучен.

Активирајте го страничното накосување со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за странично накосување (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.


ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за странично накосување (B) го надвладува системот. Кога прекинувачот ќе се ослободи во рок од пет секунди, системот се враќа во автоматски режим.

Притиснете ја десната страна од прекинувачот за да го накосите хедерот кон десно, или притиснете ја левата страна од прекинувачот за да го накосите кон лево.

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во автоматски режим.



H98585 —UN—14OCT10



H109731 —UN—29JAN14

A—Икона на странично накосување

B—Прекинувач за странично накосување

OUO6075,000174B -A8-06FEB14-2/2

Активно лебдење на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Системот работи само со крути платформи, флексибилни платформи и платформи на транспортната лента.

Промени на иконата за кофигурација на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Дозволува работа со крут хедер при контакт со земјата и да се одржува однапред поставен контактен притисок. Возачот избира колку цврст ќе биде контактот на хедерот со земјата и автоматски се враќа кон тој притисок. Сензор го мери притисокот на маслото во цилиндрите за подигнување во доставната комора и го одржува тој притисок додека хедерот се движи преку тлото. Прецизноста најмногу зависи од поставките на претполнењето на акумулаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Додека се движи низ полето, сензорот го мери притисокот во цилиндарите за подигнување. Системот го активира соленоидниот вентил за подигнување/спуштање на хедерот врз основа на притисокот на маслото во цилиндарите за подигнување. Ова одржува постојан притисок при контактот за хедерот со земјата како што се менува теренот.


Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (види поглавје Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на еден од трите различни притисоци на хедерот што можат да се програмираат.


Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H109807 —UN—12FEB14

Приказ на транспортна лента/платформа/пикап ремен

А—Икона на автоматски режими на висина на хедерот

В—Икона за активно лебдење на хедерот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога автоматски ќе се означи иконата за режими на висината на хедерот (А).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за активно лебдење на хедерот (В).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан со машината.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Вклучен е режимот за активно лебдење на хедерот.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте го лебдењето на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за активно лебдење на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададената вредност на притисокот (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете го притисокот користејќи го бројченикот за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завртете го бројченикот кон симболот плус (+) за да ја зголемите зададената вредност на притисокот на цилиндарот за подигнување (се подига хедерот) или кон симболот минус (-) за да ја намалите зададената вредност на притисокот на цилиндарот за подигнување (се спушта хедерот).

Столбестиот дијаграм (E) и нумеричкиот приказ (F) го покажуваат реалниот притисок на лебдење на хедерот. Единици: бар за метричкиот систем и psi за англискиот систем.

Рачното подигнување на активното лебдење на хедерот со употреба на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (G) го деактивира системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот го исклучува системот за пет секунди.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраниот притисок.



Овие прекинувачи прават прекини во распосланиот проток на посевот што се движи, што овозможува дополнителни зрна да се просеат, зголемувајќи го на тој начин капацитетот на одделувачот.



H99873 —UN—27JAN11

OUO6075,00016F7 -A8-19DEC13-1/1

Локации на решеткаст прекинувач кај одделувачот (ако има во опремата)



A—Решеткасти прекинувачи на одделувачот
B—Локации (употребени се 8)
C—Завртки со глава и навртки (употребени се 32)

ВАЖНО: Решеткастите прекинувачи на одделувачот се наменети за употреба кај првиот и третиот ред од десна страна на одделувачките решетки како на приказот. Нивното поставување на други локации може да предизвика меѓусебно влијание или намалување на ефикасноста на машината.

Проверете дали роторот се врти слободно откако сте ги поставиле решеткастите прекинувачи на одделувачот, пред да ја стартувате машината или да го вклучите одделувачот.

1. Решеткастите прекинувачи на одделувачот (A) МОРА да бидат поставени на локациите (B) како на приказот.
2. Прицврстете ги решеткастите прекинувачи на одделувачот со завртките со глава и навртките (C).
3. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент	73 N·m (54 lb.-ft.)

OUO6075,00016F8 -A8-19DEC13-1/1

Завртки за смолкнување на конкавниот дел на преносот (стандардно конкавно прилагодување)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Употребувајте сигурносни винтови (A) доставени само од John Deere, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни сигурносни винтови.

Ако сигурносните винтови се скршат, заменете со дополнителните сигурносни винтови (B), кои се доставени во носачот на секторниот запченик.

Стегнете ги сигурносните винтови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносни винтови—Вртлив момент.....15 N·m (133 lb-in.)



H88917 —UN—14JUN07

A—Сигурносни винтови

B—Дополнителни сигурносни винтови (4 употребени)


OUO6075,0001800 -A8-13MAY14-1/1

Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување

ВНИМАНИЕ: Одделите за корпа се тешки и незгодни за ракување. Можеби ќе биде потребно и второ лице за да се отстранат и постават одделите за корпа.

ЗАБЕЛЕШКА: За полесно отстранување, целосно затворете ја корпата.

1. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).



H96927 —UN—17JUN10

A—Рачка

B—Неутрална положба


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-1/15

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.

2. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
3. Прегледајте ја потрошеноста на конкавните делови користејќи го уредот за мерење на зазор KXE10110.

A—Капаци на сепараторот




H111238 —UN—13MAY14

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-2/15

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува ротирачкиот ротор да има максимално растојание помеѓу корпата и елементот на вршалката.


4. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).

A—Завртки со глава **B—Решетка на сепараторот**




H100377 —UN—22FEB11

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-3/15



H100378 —UN—22FEB11



H100380 —UN—22FEB11

A—Завртки со глава **B—Пренасочувач** **C—Картон**


5. Олабавете ги завртките со глава (A) и отстранете го металниот пренасочувач (B) на левата плоча.
6. Ставете парче картон (C) или полиестер врз транспортните површини кај сврдлите. Ова овозможува заштита на спиралите и овозможува мазна површината за отстранување на корпите.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-4/15

7. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
8. Отстранете ги клиновите за брзо заклучување и предните два капаци на сепараторот (A) на десната страна на машината.

A—Капак на сепараторот




H96929 —UN—17JUN10

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-5/15

9. Отстранете го клинот за заклучување со пружина (A) од држачот на корпата (B).
10. Подигнете го држачот на корпата и отстранете ја рачката од секој оддел на корпата.

A—Клин со пружина **B—Држач на корпата**




H75040 —UN—04FEB03

Држач на корпата

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-6/15

11. Олабавете ги завртките со глава (A).

A—Завртки со глава (12 употребени)




H100381 —UN—23FEB11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-7/15

12. Отстранете ги завртките со глава (A).
13. Отстранете ги расцепките, клиновите (B) и ”Z” шипката (C).
14. Завртете го роторот така што ќе се појави празнина во патеката на елементот на вршалката во средината на корпата.
15. Отстранете го средниот оддел на корпата.
16. Лизгајте ја задната корпа до средишната положба и отстранете ја.
17. Лизгајте ја предната корпа до средишната положба и отстранете ја.
18. Поставете ги корпите во обратниот редослед.




H100382 —UN—23FEB11

A—Шрафови со глава (12 во употреба)
B—Клинови (употребени се 2)
C—”Z” шипка

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-8/15

19. Поставете ја рачката на корпата (A) во жлебот (B) на одделите на корпата.
20. Поставете го држачот на корпата (C) и прицврстете го со клинот со пружина (D).

A—Рачка
B—Жлеб
C—Држач на корпата
D—Клин со пружина




H75041 —UN—04FEB03

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-9/15

21. Поставете ја ”Z” шипката (C) над рабовите од корпата и поставете ги завртките со глава, но не ги затегнувајте.
22. Поставете ги клиновите (B).

A—Шрафови со глава (12 во употреба)
B—Клинови (употребени се 2)
C—”Z” шипка




H100382 —UN—23FEB11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-10/15

23. Осигурете дека краевите на корпите тесно влегуваат во ”Z” шипката и најпрво затегнете го горниот ред завртки со глава (A).
24. Последно затегнете го долниот ред завртки со глава.
25. Нагодете го нивото на корпата. (Погледнете во Порамнување на корпата, понатаму во ова поглавје.)

A—Завртки со глава (6 употребени)




H100383 —UN—23FEB11

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-11/15

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали горниот раб на капакот на сепараторот е под држачите.

26. Поставете ги капаците на сепараторот (A).
27. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.

A—Капаци на сепараторот




H96929 —UN—17JUN10

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-12/15

28. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).

A—Шрафови со глава (4 во употреба)


B—Решетка на сепараторот




H100377 —UN—22FEB11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-13/15



H100380 —UN—22FEB11



H100378 —UN—22FEB11


A—Картон
B—Пренасочувач
C—Завртки со глава (4 употребени)

29. Отстранете го парчето картон (C) или полиестерот од транспортните површини кај сврдлите.
30. Инсталирајте го разделителот (B) во почетна положба и стегнете ги завртките со глава (C).

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-14/15

31. Поставете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
32. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.
33. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.

A—Капак на сепараторот



H111238 —UN—13MAY14

OUO6075,0001801 -A8-15MAY14-15/15

Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување

⚠ ВНИМАНИЕ: Одделите за корпа се тешки и незгодни за ракување. Можеби ќе биде потребно и второ лице за да се отстранат и постават одделите за корпа.

1. Стартувајте го моторот и притиснете го прекинувачот (A) за прилагодување на зазорот на вршење.
2. За да овозможите полесен пристап до "Z" шипката, допрете го знакот плус (+) или минус (-) или завртете го копчето за бирање за да го поставите зазорот на вршење на 5.

ЗАБЕЛЕШКА: Зазорот на вршење можеби треба да го зголемите во зависност од машинската конфигурација.

3. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.




H94675 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на зазорот на вршалката

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-1/19

4. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).

A—Рачка **B—Неутрална положба**




H96927 —UN—17JUN10

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-2/19

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.

5. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
6. Прегледајте ја потрошеноста на конкавните делови користејќи го уредот за мерење на зазор KXE10110.

A—Капаци на сепараторот



H111239 —UN—13MAY14


Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-3/19

7. Олабавете ги завртките со глава (A) и отстранете го металниот пренасочувач (B) на левата плоча.

ЗАБЕЛЕШКА: Ставете парче картон или полиестер врз транспортните површини кај свредлите. Ова овозможува заштита на спиралите и овозможува мазна површината за отстранување на корпите.

A—Завртки со глава **B—Пренасочувач**




H109597 —UN—18DEC13

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-4/19

8. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
9. Отстранете ги клиновите за брзо заклучување и предните два капаци на сепараторот (A) на десната страна на машината.

A—Капак на сепараторот




H96929 —UN—17JUN10

Продолжува на следната страница SS43267,00004EC -A8-05FEB15-5/19


10. Завртките со глава (A) за нивелирање на конкавниот дел отстранете ги од држачот на “Z” шипката (B) и ставете ги на шина за да се држи склопот на конкавниот дел и шипката “Z”.
11. Рачно стегнете ја навртката (C) за држачот на шипката “Z” и малку стегнете ја навртката (D) за шината од двете страни.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали има соодветен простор меѓу навртката (E) и шината за анулирање на прилагодувањето. НЕ затегнувајте навртка на шината.

A—Нивелирачки завртки со глава (употребени се 2)
B—“Z” Шипка
C—Навртка (2 употребени)
D—Навртка (2 употребени)
E—Навртка (2 употребени)



H109919 —UN—27FEB14




H109920 —UN—27FEB14

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-6/19

12. Извадете ја основата на гумената заптивка (A) и подигнете нагоре на двата цилиндри.

A—Гумена заптивка (употребени се 2)




H109276 —UN—16OCT13

Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-7/19

13. Отстранете го клинот (A) и безбедносниот запирач на цилиндарот (B) на двата цилиндри.

A—Клинови (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (се употребуваат 2)




H111261 —UN—22MAY14

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-8/19

14. Олабавете ја контра навртката (A) од цилиндричниот запирач (B) и спуштете ги запирачите на двете шипки од цилиндрите.

ЗАБЕЛЕШКА: Контра навртката и запирачот мора да бидат спуштени најмалку 15 mm (19/32 in.) од моменталната положба.

A—Контра навртки (употребени се 2)
B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)




H109683 —UN—22JAN14

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-9/19

15. Отстранете го брзо заклучувачкиот клин (A) и клинот (B) од шипката на цилиндарот од двете страни.

A—Клин за брзо заклучување (се користат 2)
B—Клинови (употребени се 2)




H109593 —UN—16DEC13

Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-10/19

16. Отстранете го еластичниот клин (A) од држачот на конкавниот дел (B).
17. Подигнете го држачот на корпата и отстранете ја рачката од секој оддел на корпата.


A—Клин со пружина **B—Држач на корпата**



H75040 —UN—04FEB03

Држач на корпата

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-11/19



H109599 —UN—19DEC13

A—Завртки со глава (14 употребени)

18. Олабавете ги завртките со глава (A).

Продолжува на следната страница


SS43267,00004EC -A8-05FEB15-12/19

19. Употребете ја нивелирачката завртка со глава (A) за да ги прилагодите шипката “Z” и горниот конкавен дел на приближно 10 mm (13/32 in.) или додека средниот конкавен дел ќе може лесно да се отстрани.


ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинската конфигурација, шипката “Z” можеби треба да се отстрани.

20. Ако ја отстранувате шипката “Z”, извадете ги навртките (B) и поврзувачките раце (C).

A—Нивелирачка завртка со глава (употребени се 2)
B—Навртки (2 употребени)
C—Поврзувачки раце (употребени се 2)




H109677 —UN—21JAN14



H111243 —UN—16MAY14

Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-13/19



H109599 —UN—19DEC13

A—Завртки со глава и навртки (употребени се 14)

21. Отстранете ги завртките со глава и навртките (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го роторот така што ќе се појави празнина во патеката на елементот на вршалката во средината на корпата.

22. Отстранете го средниот оддел на корпата.

23. Лизгајте ја задната корпа до средишната положба и отстранете ја.

24. Лизгајте ја предната корпа до средишната положба и отстранете ја.


25. Поставете ги корпите во обратниот редослед.

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-14/19

26. Поставете ја рачката на корпата (A) во жлебот (B) на одделите на корпата.

27. Поставете го држачот на корпата (C) и прицврстете го со клинот со пружина (D).

A—Рачка
B—Жлеб
C—Држач на корпата
D—Клин со пружина



H75041 —UN—04FEB03

Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-15/19


ЗАБЕЛЕШКА: Ако претходно шипката “Z” била отстранета, сега вратете ја.


28. Користејќи нивелирачки завртки со глава, спуштете ја шипката “Z” и конкавниот дел на приближно 10 mm (13/32 in.) или за еднакво растојание на растојанието за кое е претходно подигната.

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали конкавните делови се цврсто прилепени еден за друг без празен простор пред да го затегнете хардверот.


29. Проверете ги краевите на конкавниот дел за добро да се склопат на шипката ”Z”; потоа најнапред стегнете го горниот ред на завртките со глава и навртките (A).
30. На крај стегнете го долниот ред на завртките со глава и навртките (B).
31. Ако шипката “Z” била отстранета, инсталирајте ги поврзувачките раце (C) користејќи ги навртките (D).
32. Нагодете го нивото на корпата. (Видете за нивелирање на конкавниот дел (Активна конкавна изолација) подоцна во овој дел.)

A—Завртки со глава и навртки (употребени се 6)
B—Завртки со глава и навртки (употребени се 8)
C—Поврзувачки раце (употребени се 2)
D—Навртки (2 употребени)





H109684 —UN—22JAN14




H111244 —UN—16MAY14

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-16/19

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали горниот раб на капакот на сепараторот е под држачите.

33. Поставете ги капаците на сепараторот (A).
34. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.

A—Капаци на сепараторот



H96929 —UN—17JUN10


Продолжува на следната страница

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-17/19

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете го парчето картон или полиестерот од транспортните површини кај свредлите.

35. Поставете го пренасочувачот (B) во оригиналната положба и затегнете ги завртките со глава (A).

A—Шрафови со глава (4 во употреба) **B—Пренасочувач**




H109597 —UN—18DEC13

SS43267,00004EC -A8-05FEB15-18/19

36. Поставете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
37. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.
38. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.

A—Капак на сепараторот



H111239 —UN—13MAY14


SS43267,00004EC -A8-05FEB15-19/19

Нивелирање на конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)

ЗАБЕЛЕШКА: Капаците на корпа со кружна шипка (ако се поставени) треба да се отстранат пред да се започнува со порамнување на корпата.

1. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
2. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).

A—Капак на сепараторот



H111238 —UN—13MAY14


Продолжува на следната страница OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-1/9

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.

3. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).

A—Завртка со глава (4 употребени)

B—Решетка на сепараторот




H100377 —UN—22FEB11

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-2/9

4. Запирачки завртки (A) при повлекување назад.

A—Запирачки завртки (употребени се 2)




H100391 —UN—23FEB11

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-3/9

5. Олабавете ги сигурносните навртки (A) и одвртете ја секоја од навртките (B) за пет кругови.

A—Долна навртка (2 употребени)

B—Горна навртка (2 употребни)




H100392 —UN—23FEB11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-4/9

6. Поставете го конкавниот дел во затворена положба користејќи го прекинувачот во кабината се додека полжавестиот запчаник (B) и секторскиот запчаник (A) го достигнат дното во горна положба.

A—Секторен запченик **B—Полжавест запченик**




H100393 —UN—23FEB11

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-5/9

7. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).

A—Рачка **B—Неутрална положба**




H96927 —UN—17JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-6/9

8. Прилагодете ја полека горната предна прстенеста навртка (A) се додека елементите да направат ”тик” на конкавниот дел додека роторот се врти спротивно од насоката на стрелките на часовникот. Одвртете за три целосни кругови.
9. Прилагодете ја полека горната задна прстенеста навртка (C) се додека елементите да направат ”тик” на конкавниот дел додека роторот се врти спротивно од насоката на стрелките на часовникот. Одвртете за три целосни кругови.
10. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на предниот винт со окце (A) додека елементите не ја “потчукнат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши “потчукнувањето”, одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.
11. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на задниот винт со окце (C), сè додека елементите не ја “потчукнуваат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши “потчукнувањето”, одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.
12. Затегнете ја долната предна навртка за нагодување на корпата. Задржете ја горната предна прстенеста навртка (A) со клуч и стегнете ја долната предна прстенеста навртка (B) за заклучување.



H100394 —UN—23FEB11


A—Горна навртка на предниот винт со окце
B—Долна сигурносна навртка на предниот винт со окце
C—Горна навртка на задниот винт со окце
D—Долна сигурносна навртка на задниот винт со окце

13. Затегнете ја долната задна навртка за нагодување на корпата. Задржете ја горната задна прстенеста навртка (C) со клуч и стегнете ја долната задна прстенеста навртка (D) за заклучување.

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-7/9

14. Нагодете го предниот и задниот граничен винт на корпата (A) преку затегнување на долната навртка (B) сè додека главата на винтот (C) не е тесно поставен кон корпата. Стегнете ја горната навртка (D) додека ја држите долната навртка (B) со клуч.

A—Граничен винт (2 употребени)
B—Сигурносна навртка
C—Глава на винтот
D—Сигурносна навртка




H100395 —UN—23FEB11

Запирачки завртки

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-8/9

15. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).
16. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.
17. Поставете ги претходно отстранетите капаци за проверка на сепараторот и штитниците.
18. Калибрирајте ја положбата на корпата од внатре во кабината. (За повеќе информации погледнете во поглавјето Постапки за калибрација.)



H100377 —UN—22FEB11

A—Завртка со глава (4 употребени)

B—Решетка на сепараторот

OUO6075,0001802 -A8-15MAY14-9/9

Нивелирање на конкавни делови (активна конкавна изолација)

ЗАБЕЛЕШКА: Округлите шипки кај капаците на конкавниот дел (ако се инсталирани) треба да бидат отстранети пред да почне нивелирањето на конкавниот дел.

1. Стартувајте го моторот и притиснете го прекинувачот (A) за прилагодување на зазорот на вршење.
2. Допрете го знакот плус (+) или минус (-) или завртете го копчето за бирање за да го прилагодите зазорот на вршење на 0.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако високите и густо пакуваните запци за вршење или пак елементите за вршење на ориз се заменети со соодветни елементи за житарици, тогаш прилагодете го зазорот за вршење на 15.

3. ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и ставете го контактниот клуч на ВКЛУЧЕНО.




H94675 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за нагодување на зазорот на вршалката

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-1/21

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.

4. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).




H111239 —UN—13MAY14

A—Капаци за проверка


Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-2/21



H109596 —UN—17DEC13

Стандардни лиени решетки на одделувачот



H109682 —UN—22JAN14

Решетки на одделувачот за во тешки работни услови

A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Решетка на сепараторот
C—Завртки со глава и навртки
D—Прсти на решетката на одделувачот

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.

5. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Ако машината е опремена со решетки на одделувачот за во тешки работни услови, отстранете ги завртките со глава и навртките (C) и прстите на решетката на одделувачот (D).

Можеби ќе биде неопходно да се отстранат два или повеќе прсти од одделувачот за да биде овозможен пристап до вртечкиот ротор.


SS43267,00004ED -A8-05MAR15-3/21

6. Завртките со глава (A) за нивелирање на конкавниот дел отстранете ги од држачот на “Z” шипката (B) и ставете ги на шина за да се држи склопот на конкавниот дел и шипката “Z”.
7. Рачно стегнете ја навртката (C) за држачот на шипката “Z” и малку стегнете ја навртката (D) за шината од двете страни.


ЗАБЕЛЕШКА: Доволното затегнување на навртката за подршка на тежината на конкавниот дел му помага на отстранувањето на клинот од шипката на цилиндарот подоцна.

Проверете дали има соодветен простор меѓу навртката (E) и шината за анулирање на прилагодувањето. НЕ затегнувајте ја целосно навртка на шината.

A—Нивелирачки завртки со глава (употребени се 2)
B—“Z” Шипка
C—Навртка (2 употребени)
D—Навртка (2 употребени)
E—Навртка (2 употребени)



H109919 —UN—27FEB14




H109920 —UN—27FEB14

Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-4/21

8. Извадете ја основата на гумената заптивка (A) и подигнете нагоре на двата цилиндри.

A—Гумена заптивка (употребени се 2)




H109276 —UN—16OCT13

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-5/21

9. Отстранете го клинот (A) и безбедносниот запирач на цилиндарот (B) на двата цилиндри.

A—Клинови (употребени се 2)

B—Безбедносен запирач на цилиндар (се употребуваат 2)



H111261 —UN—22MAY14


SS43267,00004ED -A8-05MAR15-6/21

10. Олабавете ја контра навртката (A) од цилиндричниот запирач (B) и спуштете ги запирачите на двете шипки од цилиндрите.

ЗАБЕЛЕШКА: Контра навртката и запирачот мора да бидат спуштени најмалку 15 mm (19/32 in.) од моменталната положба.

A—Контра навртки (употребени се 2)

B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)




H109683 —UN—22JAN14

Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-7/21

11. Отстранете го брзо заклучувачкиот клин (A) и клинот (B) од двете шипки на цилиндарот.


A—Клин за брзо заклучување (се користат 2) **B—Клинови (употребени се 2)**



H109593 —UN—16DEC13

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-8/21

12. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).
13. Завртете го роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на задната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава три целосни круга на назад.
14. Завртете го роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на предната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава три целосни круга на назад.
15. Продолжете да го вртите роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на задната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава еден ипол круга на назад.



H96927 —UN—17JUN10

A—Рачка **B—Неутрална положба**


16. Продолжете да го вртите роторот во насока спротивна од насоката на стрелките на часовникот и стегнете ги завртките со глава за нивелирање на предната страна, повлекувајќи го конкавниот дел нагоре се додека елементите направат “тик”. Веднаш откако ќе се слушне звукот “тик”, завртете ги нивелирачките завртки со глава еден ипол круга на назад.

Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-9/21

17. Стегнете ја навртката (A) на шината за да помогнете конкавниот дел да се зацврсти во положбата.

A—Навртка




H109594 —UN—16DEC13

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-10/21

ЗАБЕЛЕШКА: Ќе се појави дијагностички код на грешка (DTC) штом е откачен сензорот за позиција на конкавниот дел. Игнорирајте го засега дијагностичкиот код на грешка.

18. Откачете го сензорот (A) за позиционирање на конкавниот дел за да овозможите системот да влезе во рачен режим на работа.

A—Сензор за позиционирање на конкавниот дел



H111245 —UN—16MAY14

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-11/21

19. Од внатрешноста на кабината, стартувајте го моторот и притиснете го прекинувачот (A) за прилагодување на зазорот на вршење.
20. Допрете го знакот минус (-) или завртете го копчето за бирање се додека цилиндрите целосно се вовлечат до запирачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Зазорот на вршење нема да биде прикажан на екранот бидејќи системот е во рачен режим на работа.

21. ИЗГАСНЕТЕ ја машината и ставете го контактниот клуч на ВКЛУЧЕНО.
22. Внесете **нивелирање на конкавен дел** калибрирање од внатрешноста на кабината. (За повеќе информации погледнете во поглавјето Постапки за калибрација.)
23. Следете ги упатствата на приказот за да калибрирате.



H94675 —UN—27JAN10

A—Прекинувач за прилагодување на зазор на вршењето


Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-12/21

ЗАБЕЛЕШКА: Контактниот клуч МОРА да биде вклучен додека се изведуваат следниве чекори надвор од кабината.

24. За време на 3-от чекор од **нивелирање на конкавен дел** односно неговата калибрација, од клучно значење е цилиндричните запирачи да се прилагодат правилно.
25. Завртете ги цилиндричните запирачи (A) во насока на стрелката.

ВАЖНО: Од клучно значење е врвовите од цилиндричните запирачи да бидат на цилндричните цевки (B) кога се порамнуваат шипките на шипката “Z”. НЕ се дозволени празнини. Неисполнувањето да се направи тоа може да доведе до оштетување кај одделувачот.



H109602 —UN—19DEC13


A—Запирачи на цилиндар (употребени се 2) **B—Цилиндрични цевки (употребени се 2)**

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-13/21

ВАЖНО: Не ги присилувајте клиновите (B) во цилиндричните шипки.

26. Откако цилиндричните запирачи се правилно поставени, ставете го претходно отстранетиот клин (B) и прицврстете го со брзо заклучувачки клин (A) на двата цилиндра.

A—Клин за брзо заклучување (се користат 2) **B—Клинови (употребени се 2)**



H109593 —UN—16DEC13


Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-14/21

27. Стегнете ја контра навртката (A) на цилиндричниот запирач (B) на секој цилиндар.

A—Контра навртки (употребени се 2)

B—Безбедносен запирач на цилиндар (употребени се 2)




H109683 —UN—22JAN14

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-15/21

28. Ставете го претходно отстранетиот безбедносен цилиндричен запирач (B) и клинот (A) на секој цилиндар.

A—Клинови (употребени се 2)

B—Безбедносен запирач на цилиндар (се употребуваат 2)



H111261 —UN—22MAY14


SS43267,00004ED -A8-05MAR15-16/21

29. Поврзете го сензорот (A) за позиционирање на конкавниот дел.

ЗАБЕЛЕШКА: Нивелирачките завртки со глава МОРА да останат прицврстени на држачот на “Z” шипката и шината.

30. Продолжете со следниот чекор од **нивелирање на конкавен дел** со калибрација.

A—Сензор за позиционирање на конкавниот дел




H111245 —UN—16MAY14

Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-17/21

31. Ако калибрацијата е прифатена, излезете од режимот за нивелирање, контактниот клуч ИСКЛУЧЕТЕ го и отстранете ги нивелирачките завртки со глава (A).
32. Ставете ги нивелирачките завртки со глава на полиците за складирање (B).
33. Стартувајте го моторот, влезете во менито за калибрација и калибрирајте **зазор на вршење** (за повеќе информации видете го делот за постапки на калибрирање).

ВАЖНО: Може да се појави предупредувачка порака на екранот наведувајќи да ја напуштите калибрацијата зашто системот детектирал нулта положба на конкавниот дел што не се поклопува со нивелирачката положба за конкавниот дел. Ако се случи ова, напуштете ја калибрацијата на зазор на вршење повторете ја постапката за нивелирање на конкавниот дел и направете ја калибрацијата на зазор на вршење повторно.



H109603 —UN—19DEC13


A—Нивелирачка завртка со глава (употребени се 2)

B—Полица за складирање (употребени се 2)

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-18/21

34. Ставете го долниот дел од гумената заптивка (A) на двата цилиндри.


A—Гумена заптивка (употребени се 2)



H109821 —UN—10FEB14


Продолжува на следната страница

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-19/21



H109596 —UN—17DEC13

Стандардна решетка од леано железо на сепараторот



H109682 —UN—22JAN14

Решетка на одделувач за во тешки работни услови


A—Шрафови со глава (4 во употреба)
B—Решетка на сепараторот
C—Завртки со глава и навртки
D—Прсти на решетката на одделувачот

35. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).
36. Ако машината е опремена со решетки на одделувачот за во тешки работни услови, ставете ги прстите на решетката на одделувачот (D) и завртките со глава и навртките (C).
37. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-20/21

38. Ставете го поклопецот (A) за проверка на одделувачот и штитниците, што претходно беа отстранети.

A—Капаци за проверка



H111239 —UN—13MAY14

SS43267,00004ED -A8-05MAR15-21/21

Лопатки на горниот капак на сепараторот (ако постојат)


Лопатките на горниот капак на сепараторот (A) се наоѓаат на десната страна од машината, зад товарната спирала за чисти зрна.

Лопатките на горниот капак на сепараторот може да се нагодуваат во две различни положби со користење софтвер.

ЗАБЕЛЕШКА: Работењето на лопатките на сепараторот во напредна положба може да ја зголеми загубата на зрна во одредени култури и услови. Времето за задржување на културата во сепараторот се намалува за да се подобри квалитетот на сламата.

- (B) — Напредна положба
- (C) — Стандардна положба

Погледнете во Конфигурација на управувањето со остатоците во поглавјето Екрани на приказот на CommandCenter за повеќе информации за како да ги промените положбите преку софтверот.



H97060 —UN—22JUN10

A—Лопатки на горниот капак на сепараторот
B—Напредна положба
C—Стандардна положба


OUO6075,0000811 -A8-12OCT10-1/1

Елементи на вршалката и запци (ротор TriStream) - отстранување и поставување


ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Елементите и запците мора да бидат поставени во сетови од три со цел да се одржи рамнотежата. Комплети за замена се достапни како сервисни делови и вклучуваат нови завртки со глава со претходно нанесено средство за запирање на навојот и заптивката. Запците или елементите кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.

Ако запците и елементите мора да бидат отстранети поради други причини освен нивно заменување, пред отстранувањето означете ја положбата на забецот (запците) / елементот (елементите). Поставете во истата положба пред отстранувањето за да се задржи рамнотежата. Секогаш употребувајте нови завртки со глава.

Погрижете се да ги исчистите отпадоците и предната напречна спирала ако заменувањето на забецот е поради скршени или оштетени запци. Неуспешноста да се направи тоа пред почетното стартување може да предизвика скршените запци да рециркулираат и да предизвикаат оштетување на забецот.



H82539 —UN—07MAR05



H73898 —UN—30OCT02

A—Завртка со глава

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
2. Отстранете ги решетките на сепаратор или одделите на решетката по потреба за да пристапете до роторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

3. Проверете го абењето на елементите на вршалката и запците на сепараторот со користење на Мерач за растојание KXE10110.
4. Отстранете ги завртките со глава (A) и елементот на вршалката или забецот.


Продолжува на следната страница

5. Проверете ги RIVNUT® додатоците со навој (A). Заменете ако постои оштетување.
6. Ако едниот елемент или забец треба да се замени, заменете ги сите во групата. Пример: Ако елементот 2 треба да се замени, исто така заменете ги и елементите 1 и 3.
7. Употребете го дијаграмот за положба на елементите на вршалката и запците на сепараторот за да ги препознаете елементите и запците.
8. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава за елементот на вршалката и забецот на сепараторот—Вртлив момент.....90 N·m (66 lb.-ft.)

RIVNUT е регистриран заштитен знак на RIVNUT Engineered Products Inc.




H54006 —UN—18FEB99

A—Додаток со навој

OUO6075,0001804 -A8-13MAY14-2/2

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор TriStream за тешки зрна)




H82830 —UN—23MAR05

ЗАБЕЛЕШКА: Можат да се додаваат дополнителни елементи кон конфигурацијата за тешки зрна во положбите означени со “O” на самиот ротор ако се посакува конфигурацијата за густа бала.

Групи на елемент на вршалката (конфигурација на ротор за тешки зрна)	Групи на забец на сепараторот (конфигурација на ротор за тешки зрна)
Елементи од група 1 = 1, 2, 3	**Запци од група 1 =** 1, 4, 5
Елементи од група 2 = 4, 5, 6	**Запци од група 2 =** 2, 3, 6
Елементи од група 3 = 8, 10, 12	**Запци од група 3 =** 8, 9, 11
Елементи од група 4 = 14, 16, 18	**Запци од група 4 =** 7, 10, 12
Елементи од група 5 = 19, 21, 23	**Запци од група 5 =** 13, 16, 18
	Запци од група 6 = 14, 15, 17
	Запци од група 7 = 19, 22, 23
	Запци од група 8 = 20, 21, 24

OUO6075,0000B81 -A8-22MAR11-1/1

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор TriStream за густа бала)



ЗАБЕЛЕШКА: Конфигурацијата за густа бала е само за конверзија на поле.


Групи на елемент на вршалката (конфигурација на ротор за густа бала)	Групи на забец на сепараторот (конфигурација на ротор за густа пала)
Елементи од група 1 = 1, 2, 3	**Запци од група 1 =** 1, 4, 5
Елементи од група 2 = 4, 5, 6	**Запци од група 2 =** 2, 3, 6
Елементи од група 3 = 7, 9, 11	**Запци од група 3 =** 8, 9, 11
Елементи од група 4 = 8, 10, 12	**Запци од група 4 =** 7, 10, 12
Елементи од група 5 = 13, 15, 17	**Запци од група 5 =** 13, 16, 18
Елементи од група 6 = 14, 16, 18	**Запци од група 6 =** 14, 15, 17
Елементи од група 7 = 19, 21, 23	**Запци од група 7 =** 19, 22, 23
Елементи од група 8 = 20, 22, 24	**Запци од група 8 =** 20, 21, 24

OUO6075,0000B80 -A8-22MAR11-1/1

Елементи на вршалката и запци (ротор со променлив проток) — отстранување и поставување

Елементи на вршалката

ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Елементите мора да бидат поставени во група од три за да се одржи рамнотежата. Кога поставувате повеќе од еден комплет, не ги мешајте и усогласувајте елементите. Комплети за замена се достапни како сервисни делови и вклучуваат завртки со глава со претходно нанесено средство за запирање на навојот и заптивката. Секогаш употребувајте ги доставените завртки со глава. Елементите кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.



H94732 —UN—22SEP09

A—Завртки со глава
B—Лента со навој
C—Елемент на вршалката

1. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.
2. Отстранете ги одделите на корпата по потреба за да пристапите до елементите на вршалката.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

3. Проверете го абењето на елементите на вршалката и со користење на Мерач за растојание KXE10110.
4. Отстранете и фрлете ги завртките со глава (A) и задржете ја лентата со навој (B) од елементот на вршалката (C) по потреба.

Продолжува на следната страница

5. Поставете го резервниот елемент на вршалката (A) на основата на роторот. (Употребете го дијаграмот за положба на елементот на вршалката за да ги идентификувате елементите на вршалката).

Групи за елемент на вршалката
Елементи од група 1 = 1, 2, 3
Елементи од група 2 = 4, 5, 6
Елементи од група 3 = 7, 8, 9
Елементи од група 4 = 10, 11, 12
Елементи од група 5 = 13, 14, 15

6. Осигурете дека главниот дел на елементот (B) е целосно налегнат низ отворите на основата на роторот (C).
7. Поставете ја претходно отстранетата летна со навој (D) и доставените завртки со глава (E).
8. Стегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на елементите на вршалката—Момент на вртење.....87 ± 9 N·m (64 ± 7 lb.-ft.)


ВАЖНО: Осигурајте дека елементите се налегнати правилно откако ќе ги затегнете.

Елементите на вршалка за ориз се повисоки од елементите на вршалка за пченка/зрна. Порамнувањето на корпата мора да биде нагодено.


9. Нагодете ја порамнетоста на корпата. (Погледнете во Порамнување на корпата во ова поглавје).
10. Нагодете ја порамнетоста на корпата.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Нивелирање на конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)*
- *Нивелирање на конкавни делови (активна конкавна изолација)*




H94747 —UN—24SEP09



H97768 —UN—25AUG10

Целосно налегнати



H97769 —UN—26AUG10

Нецелосно налегнати

A—Елемент на вршалката
B—Главен дел на елементот
C—Отвор за основата на роторот
D—Лента со навој
E—Завртки со глава

Продолжува на следната страница

Запци на сепараторот


ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Запците мора да бидат поставени во парови за да се одржи рамнотежата. Кога поставувате повеќе од еден комплет, не ги мешајте и усогласувајте запците. Секогаш употребувајте ги доставените завртки со глава. Запците кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.

1. Отстранете ги решетките на сепараторот по потреба за да пристапите до запците на сепараторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од машинските опции, погледнете на следново од овој дел:

- *Конкавни делови (стандардно конкавно прилагодување)—отстранување и поставување*
- *Конкавни делови (стандардна конкавна изолација)—отстранување и поставување*

2. Проверете го абењето на запците на сепараторот со користење на Мерач за растојание KXE10110.



H94733 —UN—22SEP09

A—Завртки со кружна глава
B—Сигурносни навртки (2 употребени)
C—Запци на сепараторот

ЗАБЕЛЕШКА: За полесно отстранување, променете го запчестиот пренос на роторот во неутрална положба.

3. Отстранете и фрлете ги завртките со кружна глава (A), навртките (B) и запците на сепараторот (C) по потреба.

OUO6075,0001805 -A8-13MAY14-3/4


ВАЖНО: Запците на сепараторот МОРА да бидат поставени во парови за да се одржи соодветна рамнотежа.

Парови запци на сепараторот	
1-2	11-12
3-4	13-14
5-6	15-16
7-8	17-18
9-10	19-20

4. Поставете го доставениот забец на сепараторот (A) на основата на роторот (B). (Употребете го дијаграмот за положба на забец на сепараторот за да ги идентификувате запците на сепараторот).
5. Поставете ги доставените завртки со кружна глава (C) и затегнете ги со навртките (D).
6. Затегнете ги навртките според спецификацијата.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на забецот—Момент на вртење.....75 ± 11 N·m (55 ± 8 lb.-ft.)




H94751 —UN—25SEP09

A—Забец на сепараторот
B—Основа на роторот
C—Завртки со кружна глава
D—Навртки


OUO6075,0001805 -A8-13MAY14-4/4

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (стандардна конфигурација за ротор со променлив проток)



OUO6075,0000B83 -A8-07APR11-1/1

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор со променлив проток за густа бала)



OUO6075,0000B84 -A8-07APR11-1/1

Одделувач Posi-Torq™—двоен-опсег

ВНИМАНИЕ: ИЗГАСНЕТЕ го моторот, поставете ја паркирната сопирачка и отстранете го контактниот клуч пред менување на преносот на Posi-Torq™ одделувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: Користете ја најниската можна брзина кај култури со големи семиња за да спречете оштетување.

За да промените од ниска во висока брзина или од висока во ниска брзина, поместете ја рачката (A) во задржана неутрална положба.

За положба за ниска брзина (B), притиснете ја рачката кон страничната обвивка на сепараторот.

За положба за висока брзина (C), повлечете ја рачката подалеку од страничната обвивка на сепараторот.


За целосно да го вклучите погонот, можеби ќе биде потребно малку да ги ротирате променливите ременици додека ја поместувате рачката за менување.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека запчениците се целосно зафатени.

Кога ги менувате брзините на сепараторот, исклучете го и вклучете го погонот за да го видите новиот опсег на брзини.


Промените во ниска брзина ако работите под 530 вртежи/мин за продолжени периоди.

A—Рачка
B—Положба за ниска брзина (1)
C—Положба за висока брзина (2)




H96714 —UN—02JUN10

Опсези на брзина (S660)



H96715 —UN—02JUN10

Опсези на брзина (S670, S680, S685 and S690)



H96936 —UN—17JUN10

Posi-Torq е регистриран заштитен знак на Deere & Company

WM05597,0001351 -A8-06JUL15-1/1

Растојание на ременицата на погонот на сепараторот — нагодување

ВАЖНО: Ако растојанието е повеќе од 10 mm (3/8 in.), тоа го ограничува движењето на затегата. Кога погонот работи во високиот крај кај погони со променлив опсег, може да настане кој било од следниве дефекти:

- **Оптегнување на ременот или дефект**
- **Дефект во лежиштето или во оската**

Ако растојанието е помало од 6 mm (1/4 in.), тоа ја ограничува детекцијата на затегнувањето. Кога погонот работи во нискиот крај при променлив опсег, може да настане кој било од следниве дефекти:

- **Дефект на ременот**
- **Пролизгување на ременот**

Ако не можете да добиете висока брзина кога работете во високиот крај од погонот со променлив опсег или настанува пролизгување на ременот додека се работи во нискиот крај од променливиот погон, проверете од неисправно растојание. За најдобри перформанси, поставете го растојанието според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Ременици—Отвор..... 8 mm ± 2 mm (5/16 in. ± 1/16 in.)


Кога е вклучен сепараторот, поставете го погонот на сепараторот во најмалата брзина што овозможува погонуваните ременици да се затворат.

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Олабавете ги завртките со глава (A) околу куќиштето на запчестиот пренос.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете го запчестиот пренос во неутрална положба за исправно да го поставите ременот помеѓу ременициte. Рачно ротирајте ги ременициte додека ја нагодувате затегата.

Олабавете ја навртката (B) и нагодете ја затегата (C) за да го добиете наведеното растојание помеѓу погонуваните ременици.



H750081 —UN—07FEB03



H1011227 —UN—26APR11

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Навртка
C—Затега

Технички податоци (спецификации)

Ременици—Отвор..... 8 mm (5/16 in.)

Затегнете ја навртката (B) и завртките со глава (A).

Поставете го запчестиот пренос во посакуваниот опсег.

OUO6075,0000BE3 -A8-27APR11-1/1

Ремен на променливиот погон на сепараторот — заменување

Кога е вклучен сепараторот, поставете го погонот на сепараторот во најмалата брзина што овозможува погонуваните ременици да се затворат.

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Поставете го запчестиот пренос во неутрална положба.

Исклучете го цревото (A) на ротирачкото хидраулично поврзување користејќи два клуча.

Исчистете и отстранете го чепот (B) за да го испуштите вакумот од празнината за подмачкување.

Целосно отворете ги погонските ременици.

ЗАБЕЛЕШКА: По потреба, отстранете ги заштитните елементи за да пристапете до ременот на променливиот погон на сепараторот.

Олабавете ги завртките со глава (C) околу куќиштето на запчестиот пренос.

Олабавете ја навртката (D) и нагодете ја затегата (E) за да ги поместите налево куќиштето на запчестиот пренос и склопот на ремениците.

Отстранете и заменете го ременот. Ротирајте ги макарите со рака за да го поставите ременот.

Ротирајте ги макарите и нагодете ја затегата за да го добиете наведеното растојание помеѓу погонуваните ременици.

Технички податоци (спецификации)


Ременици—Отвор	8 mm (5/16 in.)

Затегнете ја навртката (D) и завртките со глава (C).


ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ги отстранетите заштитни елементи кои се претходно отстранети за да пристап до ременот на променливиот погон на сепараторот.

Поставете го чепот (B) и хидрауличното црево (A) на погонската ременица.

Поставете го запчестиот пренос во посакуваниот опсег.



H101228 —UN—26APR11



H101229 —UN—26APR11

A—Црево
B—Чеп
C—Завртки со глава (4 употребени)
D—Навртка
E—Затега

Стартувајте го моторот и вклучете го сепараторот. Менувајте го неколку пати променливиот погон низ опсегот на брзини. Исклучете го погонот на сепараторот.


ЗАБЕЛЕШКА: Повторно проверете го растојанието на ремениците по неколку часа и нагодете ако е потребно.

OUO6075,0000BE4 -A8-27APR11-1/1

Разделници на подлогата на спиралата

За да спречите загуби при брзи жетви или за да спречите наталожување на материјал на едната страна кога жнеете на угорници, поместете ги разделниците на подлогата на спиралата (A) во насока кон нагоре.


A—Разделници на подлогата на спиралата



H83545 —UN—20MAY05


OUO6075,0000755 -A8-20MAR07-1/1

Ремен на битерот за празнење — нагодување



H108263 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108264 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690


A—Навртка **B—Навртка** **C—Подлошка** **D—Мерач**

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.


OUO6075,0001528 -A8-18JUN13-1/1

Ремен на битерот за празнење — заменување



H108265 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108266 —UN—18JUN13


S680, S685 и S690

A—Шрафови со глава **B—Штитник**

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B) од левата задна страна на машината.

OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-1/8



H108267 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108268 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690

A—Навртки **B—Ремен на битерот за празнење**

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го ременот (B) од ременицата.


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-2/8

Машини опремени со распрскувач

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).

A—Шрафови со глава **B—Штитник**



H99547 —UN—05JAN11


OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-3/8

Извадете и фрлете го ременот (A) од вратилото за подигање.

Поставете резервен ремен на битерот за празнење во вратилото за подигање.

Поставете го претходно извадениот штитник и завртките со глава.


A—Ремен на битерот за празнење



H100562 —UN—03MAR11


Продолжува на следната страница OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-4/8

Машини опремени со дробилка



H108269 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108270 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690

A—Навртки
B—Внатрешен погонски ремен на дробилката
C—Ремен на битерот за празнење


Целосно подигнете го склопот на дробилката со прекинувачот на левата страна од страничната обвивка и извадете ги штитниците на дробилката.

ЗАБЕЛЕШКА: Означете ја положбата на навртките на затегнувачот пред да ги олабавувате за помош при повторното склопување.

Олабавете ги навртките (A) и отстранете го внатрешниот ремен (B) од ременицата.


Извадете и фрлете го ременот (C) од вратилото за подигање на дробилката.

Продолжува на следната страница



H108271 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108272 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690

A—Ремен на битерот за празнење
B—Внатрешен погонски ремен на дробилката
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка

Поставете резервен ремен на битерот за празнење (A) во вратилото за подигање на дробилката.


Поставете го внатрешниот ремен (B) и обезбедете дека ременот се порамнува со ремениците.

Целосно спуштете го склопот на дробилката со прекинувачот на левата страна од страничната обвивка.

Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).


Поставете ги претходно изваденитe штитници на дробилката.

Продолжува на следната страница



H108273 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108274 —UN—18JUN13


S680, S685 и S690

A—Ремен на битерот за празнење
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач
E—Сигурносна навртка

Поставете го ременот на битерот за празнење (A) во ременикот.


Затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Стегнете ја сигурносната навртка (E).

OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-7/8



H108265 —UN—18JUN13

S660 и S670



H108266 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690

A—Шрафови со глава
B—Штитник

Поставете го штитникот (B) и затегнете го со завртките со глава (A).

OUO6075,0001529 -A8-18JUN13-8/8

Носечки ленти на тупалка за празнење—промена (S660 и S670)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Носечките ленти може да се вратат назад за дополнително носење.

Крилата на битерот за празнење и лентите за носење можат да се заменат без да се отстранува битерот за празнење.

- Ако сте опремени со напредна PowerCast™ задна врата, поставете ја брзината на дискот на нула. За повеќе информации видете за прекинувачот за прилагодување на брзина на распространувачот во CommandTouch™ делот на конзолата за наслон на рака.


CommandCenter е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PowerCast е заштитен знак на Deere & Company

SS43267,0000608 -A8-04JUN15-1/1

Гребла за конвергенција на откос



Формирање премиум сламен ред



H114822 —UN—22JUN15

H98368 —UN—30SEP10

A—Гребла за конвергенција

Греблата за конвергенција (A) се користат за пренасочување на отсечениот сламен материјал во потесен откос.

OUO6045,00007D6 -A8-22JUN15-1/1

Задна врата—прилагодување (остаток делукс)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги завртките со глава (A) од двете страни на задната врата.

Прилагодете ја задната врата нагоре или надолу во засеците (B) за контрола на широчината на распостилање на сламата.

Стегнете ги завртките со глава од двете страни на задната врата за да ја заклучите во дадената положба.

A—Завртки со глава (4 употребени) **B—Засеци**



H98131 —UN—20SEP10

SS43267,000060A -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (мануелно прилагодување)—прилагодување (остаток делукс)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.)

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) како што е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (рачно прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.



H98133 —UN—20SEP10

A—Навртки **B—Крила на задна врата**

SS43267,000060B -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (електро мотор)—прилагодување (остаток делукс)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.)

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) на различните отвори (C) доколку е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.




H98134 —UN—21SEP10

A—Навртки
B—Крила на задна врата
C—Отвори

SS43267,000060C -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (мануелно прилагодување)—фабрички поставки (остаток делукс)




Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од горната страна на крилата на задната врата)

A—693 mm (27.3 in.)
B—548 mm (21.6 in.)
C—382 mm (15 in.)
D—262 mm (10.3 in.)
E—133 mm (5.2 in.)
F—48 mm (1.9 in.)

SS43267,000060D -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки (остаток делукс)



H100408 —UN—23FEB11

Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од долната страна на крилата на задната врата)

A—Лопатка 1
B—Втор отвор
C—Лопатка 2
D—Трет отвор
E—Лопатка 3
F—Шести отвор
G—Лопатка 4
H—Петти отвор
I— Лопатка 5
J—Четврти отвор
K—Лопатка 6
L—Прв отвор

ЗАБЕЛЕШКА: Местото на отворите се од средината на надворешната страна на задната врата кога ги прилагодувате крилата на надворешната врата.

Ако се посакува патека на ширина на ширењето од 7,6 m (25 ft.) контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема за понатамошни информации за изборен комплет.

SS43267,000060E -A8-04JUN15-1/1

Задна плоча PowerCast — нагодување (изборно)

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад задната плоча која се шири додека таа работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите нагодување.


За најдобри перформанси, погонската задна плоча треба секогаш да работи рамно на земјата или паралелно со земјата. Во зависност од комбинацијата на гуми, можеби ќе биде потребно да се подигне или спушти задната плоча.

Паркирајте ја машината на рамен терен.

Олабавете ги завртките (A) на двете страни на дробилката.

Нагодете ја погонската задна плоча нагоре или надолу во жлебовите (B) за да ја порамните задната плоча.

Затегнете ги завртките со глава на двете страни на дробилката за да ја затворите во положбата.



H98132 —UN—20SEP10

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Засеци

OUO6075,00009CC -A8-14OCT10-1/1


Сечило на задна плоча PowerCast — заменување (изборно)

ВНИМАНИЕ: Склоповите на дискот тежат приближно 13 kg (29 lb.).

ВАЖНО: Склоповите на дискот се леви и десни. Означете ги положбите на склопот на дискот пред да го отстранувате.

Одвртете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B) од склоповите на дискот на распрскувачот (C).

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Склопови на дискот на распрскувачот



H98170 —UN—22SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009CE -A8-22SEP10-1/2


ВАЖНО: Кога заменувате истрошени или оштетени сечила, осигурете дека истовремено ги заменувате и сечилата на спротивните страни од дискот за да се одржи рамнотежата при ротирање на дискот.

Сечилата се ориентирани во наизменични патеки на отвори за да се добие оптимална ширина за материјалот. Осигурете дека резервните сечила се поставени назад во истите отвори како и претходно отстранетите сечила.

Поставете ги резервните сечила по потреба и затегнете ги машинските делови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Машински делови на сечило—Вртлив момент.....22 N·m (16 lb.-ft.)



H98171 —UN—22SEP10

OUO6075,00009CE -A8-22SEP10-2/2

Задни обвивки на задната плоча PowerCast (изборно)


ЗАБЕЛЕШКА: Обвивките може да се отстранат за да се носи повеќе материјал кон средината на машината при жнеење во услови на груба или тешка слама.

Предните и задните обвивки треба секогаш да бидат поставени за да се овозможи оптимално распоредување при жнеење пченка.

Положба за теренска работа:

Обвивките се употребуваат за управување на распрскувањето отпадоци преку распоредување кај широки платформи.

Поставете ги задните обвивки (B) зад заварената лента, како што е прикажано, и затегнете ги со машинските делови (A).



H98180 —UN—22SEP10

A—Машински делови (8 употребени)

B—Задни обвивки

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009CF -A8-30SEP10-1/2


Положба за складирање:

Отстранете и задржете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

Поставете ги задните обвивки (C) на заварената двоглава навртка, како што е прикажано, и затегнете со крилестата навртка (D).

Поставете го претходно отстранетиот штитник и клиновите за брзо заклучување.

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Задни обвивки
D—Крилеста навртка



H98181 —UN—22SEP10

OUO6075,00009CF -A8-30SEP10-2/2

Насочувачки дел за кочан

ВАЖНО: За спречување на телесни повреди или оштетување на машината не ја поместувајте рачката за насочувачкиот дел за кочан кога машината работи.

Положба за мали зрна (C):


Повлечете го блокирачкиот клин (A) и поместете ја рачката за насочувачкиот дел за кочан (B) во ”ГОРНА” позиција. Рачката за насочувачкиот дел за кочан треба да биде поставена во ”ГОРНА” позиција кога се сервисира елементот за чисење во облик на чевел.

Положба за големи зрна (D):


ЗАБЕЛЕШКА: Кога се врши жнеење на пченка или сончоглед, рачката за пренасочувачот на култура треба да биде во “ГОРНА“ положба.

Повлечете го блокирачкиот клин (A) и поместете ја рачката за насочувачкиот дел за кочан (B) во ”ДОЛНА” позиција. Насочувачкиот дел за кочан го заштитува елементот за чисење во облик на чевел од оштетување преку спречување на материјалот да биде фрлан према напред.

A—Клин за блокирање
B—Рачка за насочувачки дел за кочан
C—Положба за мали зрна
D—Положба за големи зрна



H98135 —UN—20SEP10



H99171 —UN—23NOV10

SS43267,0000615 -A8-04JUN15-1/1


Воздушни канали

Воздушниот канал (A) сместен и на двете страни од дробилката овозможува чистачот на зрна да дише послободно, особено кога работи на ниска брзина. Во зависност од условите на жнеењето, квалитетот на резервоарот за зрна може да се подобри и да се намали прашината во доставната комора.

Носачот на воздушниот канал (B) спречува материјалот од културата да не се наталожува и да ги затнува воздушните канали.

A—Воздушен канал

B—Носач на воздушниот канал



H98136 —UN—20SEP10

OUO6075,00009BD -A8-28SEP10-1/1

Контролна шипка на дробилката (изборно)


ВАЖНО: Контролната шипка мора да биде отстранета и поставена во складирана положба кога се врши жнеење на пченка. Неуспешноста да се отстрани контролната шипка може да резултира во оштетување на елементот на отстранувачот на плева.

Контролната шипка го подобрува квалитетот на отсечувањето, распределбата и ширината на ширењето во услови на груба слама. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

Отстранете ги машинските делови (A) и контролната шипка (B) од долната страна на дробилката.

A—Машински делови

B—Контролна шипка




H98138 —UN—21SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009BF -A8-21SEP10-1/2

Целосно подигнете ја дробилката за да ја поставите контролната шипка (A) од внатрешната страна на дробилката, како што е прикажано, и затегнете ја со машинските делови (B).

A—Контролна шипка **B—Машински делови**



H98139 —UN—21SEP10

OUO6075,00009BF -A8-21SEP10-2/2

Стационарен блок ножеви на дробилка — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: Блокот ножеви мора да биде целосно исклучен за пченка.

ЗАБЕЛЕШКА: Дробилката може да работи со исклучени ножеви, но во тој случај се намалува квалитетот на отсечувањето.

Употребете ја средишната положба за да ја оптимизирате потрошувачката на моќноста и да достигнете задоволителна должина на отсечување.


Ножевите можат да бидат нагодени во која било положба. Положбата на ножевите ја одредува должината на отсечувањето на материјалот.

Вклучена положба за блокот ножеви:

Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.

Поместете ја рачката за нагодување (B) кон надолу додека блокот ножеви не биде на врвот од отворот за нагодување.

Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.



H98137 —UN—20SEP10

Вклучена положба за блокот ножеви

A—Крилеста навртка **B—Рачка**

Исклучена положба за блокот ножеви:

Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.

Поместете ја рачката за нагодување (B) кон нагоре додека блокот ножеви не биде на дното од отворот за нагодување.

Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.

OUO6075,00009C1 -A8-21SEP10-1/1

Сечила на стационарен нож на дробилката — заменување


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Сечилата на ножот се остри.

Олабавете ја крилестата навртка (A) на дробилката.

Поместете ја рачката за нагодување кон нагоре додека блокот ножеви не биде на дното од отворот за нагодување.

ЗАБЕЛЕШКА: Задржете ја чаурата на надворешните краеви од блокот ножеви за подоцнежно склопување.

Потпрете го блокот ножеви и отстранете ја шипката за затегнување (B) преку нејзино турнување надвор од десната страна на машината.



H98140 —UN—21SEP10

A—Крилеста навртка **B—Шипка за затегнување**

OUO6075,00009C0 -A8-21SEP10-1/2

Отстранете го клинот (A) од потпорната шипка (B).

Олабавете ги сигурносните навртки (C) на држачите кои ја држат потпорната шипка.

Лизгајте ја потпорната шипка додека не излезе од ножевите кои треба да бидат заменети.

Обрнете ги ножевите за дополнителна употреба или заменете ги ножевите ако се истрошени на двете страни.


Порамнете ја потпорната шипка со ножевите.

Затегнете ги сигурносните навртки на држачите и поставете го клинот.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ја повторно во положба чаурата на надворешните страни од блокот ножеви.

Поставете го склопот на блокот ножеви и лизгајте ја шипката за затегнување од десната страна на машината.

Поставете ја крилестата навртка и нагодете го блокот ножеви во посакуваната положба.



H82430 —UN—14FEB05

A—Клин **C—Сигурносни навртки**
B—Потпорна шипка

ВАЖНО: Блокот ножеви мора да биде целосно исклучен за пченка.

Затегнете ја крилестата навртка за да го заклучите блокот ножеви во таа положба.


OUO6075,00009C0 -A8-21SEP10-2/2

Пристапна врата на дробилката


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги завртките со глава (A) од двете страни на дробилката за да ја отстраните пристапната врата (B).

A—Шрафови со глава **B—Пристапна врата**



H98689 —UN—19OCT10



H98690 —UN—19OCT10

OUO6075,0000A30 -A8-20OCT10-1/1

Сечила на дробилката со прецизно режење — заменување и конфигурација

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот ротор прикажува примери за заменување на сечилата за сечила на лопатката и сечила на веслата. Секогаш одржувајте ја оригиналната патека на сечилата која е доставена од фабриката.

Надворешни сечила:


ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Кога поставувате или заменувате сечила, поставете нов машински дел во истиот правец како и пред отстранувањето.

Отстранете ја сигурносната навртка (A), завртката со глава (B), подлошките (C) и чаурите (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите, сигурносните навртки и завртките со глава ако се истрошени.

Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете завртка со глава, подлошка и сигурносна навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.



H87281 —UN—01AUG07

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Подлошки
D—Чаури

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент	60 N·m (44 lb.-ft.)


OUO6075,0001451 -A8-27MAR13-1/3

Конфигурација на сечило:

ВАЖНО: Рамнотежата на дробилката МОРА да се одржува. Заменете ги И ДВЕТЕ сечила на единичниот носач како И ДВЕТЕ сечила на спротивниот носач (180 степени). За заменување на едно искршено сечило, МОРА да се постават четири сечила, или пак во исто време може да бидат заменети сите сечила. Ова МОРА да биде направено за да се одржи рамнотежата.

Ако сечилото (A) е скршено, заменете ги сечилата (A — D).

A—D— Сечило на лопатката



H107307 —UN—22MAR13

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001451 -A8-27MAR13-2/3

Внатрешни сечила:

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Кога поставувате или заменувате сечила, поставете нов машински дел во истиот правец како и пред отстранувањето.

Отстранете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B).


Отстранете и проверете ги чаурите (C и D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите, сигурносните навртки и завртките со глава ако се истрошени.

Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ги завртките со глава и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент.....60 N·m (44 lb.-ft.)



H98142 —UN—21SEP10

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Чаури
D—Чаури

OUO6075,0001451 -A8-27MAR13-3/3

Сечила на дробилката со екстра прецизно режење — заменување и конфигурација

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прикажаниот ротор прикажува примери за заменување на сечилата за сечила на лопатката и правите сечила. Секогаш одржувајте ја оригиналната патека на сечилата која е доставена од фабриката.

Надворешни сечила:


ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Кога поставувате или заменувате сечила, поставете нов машински дел во истиот правец како и пред отстранувањето.

Отстранете ја сигурносната навртка (A), завртката со глава (B) и чаурите (C, D, E, F).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите, сигурносните навртки и завртките со глава ако се истрошени.

Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ја завртката со глава, подлошката, чаурите и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.



H99000 —UN—12NOV10

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Чаура
D—Чаура
E—Чаура
F—Чаура

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент.....60 N·m (44 lb.-ft.)


OUO6075,000153C -A8-19JUN13-1/3

Конфигурација на сечило:

ВАЖНО: Рамнотежата на дробилката МОРА да се одржува. Заменете ги И ДВЕТЕ сечила на единичниот носач како И ДВЕТЕ сечила на спротивниот носач (180 степени). За заменување на едно искршено сечило, МОРА да се постават четири сечила, или пак во исто време може да бидат заменети сите сечила. Ова МОРА да биде направено за да се одржи рамнотежата.

Ако сечилото (A) е скршено, заменете ги сечилата (A — D).

ВАЖНО: Потврдете го растојанието помеѓу сечилата на роторот и стационарните ножеви со рачно вртење на роторот, пред да работите со дробилката.



H107308 —UN—22MAR13

A—D— Сечило на лопатката

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153C -A8-19JUN13-2/3

Внатрешни сечила:

ЗАБЕЛЕШКА: Ако ги отстранувате сечилата или чаурите поради цели на проверка, бидете сигурни да ги поставите сечилата во ИСТИОТ носач од кој биле извадени. Ова мора да биде направено за да се одржи рамнотежата. Тоа е добра пракса за да се означи секое сечило пред да се врши отстранување.

Кога поставувате или заменувате сечила, поставете нов машински дел во истиот правец како и пред отстранувањето.

Отстранете ја сигурносната навртка (A) и завртката со глава (B).


Отстранете и проверете ги чаурите (C и D).

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете и заменете ги чаурите, сигурносните навртки и завртките со глава ако се истрошени.

Заменете ги сечилата и чаурите. Поставете ги завртките со глава и сигурносната навртка. Затегнете ја навртката според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносна навртка на сечилото на дробилката—Вртлив момент.....60 N·m (44 lb.-ft.)



H99002 —UN—12NOV10

A—Сигурносна навртка
B—Шраф со глава
C—Чаури
D—Чаури

OUO6075,000153C -A8-19JUN13-3/3

Среден поделувачки нож — заменување


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Сечилото на ножот е остро.

Отстранете ги машинските делови (A) и фрлете го средниот поделувачки нож (B).


ЗАБЕЛЕШКА: Ножот мора да биде поставен наспроти средниот поделник така што да нема празнина.

Заменете го средниот поделувачки нож и поставете ги претходно отстранетите машински делови.

A—Машински делови **B—Среден поделувачки нож**



H98691 —UN—19OCT10



H98692 —UN—19OCT10


OUO6075,0000A31 -A8-20OCT10-1/1

Сечила на дробилката — центрирање

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Целосно подигнете ја дробилката и отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

A—Клинови за брзо заклучување **B—Штитник**




H98146 —UN—21SEP10

Продолжува на следната страница OUO6075,00009C4 -A8-21SEP10-1/4

Отстранете ги шрафовите со глава (A) и штитникот (B).

Олабавете ја завртката за нагодување и прстенот за заклучување (C) на левата страна.

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Штитник
C—Прстен за заклучување




H98147 —UN—21SEP10

OUO6075,00009C4 -A8-21SEP10-2/4

Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот на лежиштето (B).

Олабавете ја завртката за нагодување (C) на десната страна.

A—Завртки со глава (2 употребени)
B—Капак на лежиштето
C—Прстен за заклучување



H98148 —UN—21SEP10

Продолжува на следната страница


OUO6075,00009C4 -A8-21SEP10-3/4

Поставете го роторот на дробилката (A) лево или десно за да осигурете дека сите сечила на роторот (B) ги чистат стационарните ножеви (C).

Затегнете ги прстените за заклучување на двете страни во насока на ротирањето и затегнете ги со завртките за нагодување.

Поставете го капакот на лежиштето на десната страна и штитниците на дробилката на левата страна.

A—Ротор на дробилката
B—Сечила на роторот
C—Стационарни ножеви



H87317 —UN—30JAN07


OUO6075,00009C4 -A8-21SEP10-4/4

Прекинувач за нагодување на дробилката

Прекинувачот за нагодување на дробилката (A) се наоѓа на левата страна од машината.

Прекинувачот за нагодување на дробилката му овозможува на возачот да ја подигнува или спушта дробилката во различни положби.

A—Прекинувач за дробилката



H97565 —UN—14SEP10


OUO6075,00009C6 -A8-21SEP10-1/1

Погонски брзини на дробилка — променување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Ослободете ја бравата (A) и ротирајте го заштитниот елемент (B) околу зглобот (C).

A—Брава
B—Штитник
C—Зглоб



H105440 —UN—18MAY12

Продолжува на следната страница

OUO6075,000113F -A8-18MAY12-1/2

Положба на бавна брзина:

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно малку да ја ротирате ременицата додека ја движите рачката на менувачот.

Поместете ја рачката на менувачот (A) во положба (B).

- Пченка

Неутрална положба:

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно малку да ја ротирате ременицата додека ја движите рачката на менувачот.

Поместете ја рачката на менувачот (A) во положба (C).


Положба на висока брзина:

ЗАБЕЛЕШКА: Можеби ќе биде потребно малку да ја ротирате ременицата додека ја движите рачката на менувачот.

Поместете ја рачката на менувачот (A) во положба (D).

- Зрна

Затворете го штитникот и прицврстете го со бравата.



H105441 —UN—18MAY12

A—Рачка на менувачот
B—Положба на бавна брзина
C—Неутрална положба
D—Положба на висока брзина

OUO6075,000113F -A8-18MAY12-2/2

Крила на задната врата—прилагодување (остаток премиум)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.).


Отстранете и задржете ги сигурносните расцепки (A) и полошките (B).

Нагодете ги шините за лизгање (C) во посакуваните отвори на плочата за нагодување.


- Отвор 1: 6,7 m (22 ft.) положба на хедерот
- Отвор 2: 7,6 m (25 ft.) положба на хедерот
- Отвор 3: 9,1 m (30 ft.) положба на хедерот

Поставете ги претходно отстранетите подлошки и сигурносни расцепки.

A—Сигурносни расцепки
B—Подлошки
C—Шини за лизгање



H98656 —UN—19OCT10



H98657 —UN—19OCT10

SS43267,0000612 -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (електро мотор)—прилагодување (остаток премиум)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прилагодувања на крилата на задната врата може да бидат направени ако фабричките поставки не даваат соодветна широчина на распостилање или рамномерна дистрибуција.

Фабричката поставка на крилата на задната врата е за платформи од 9.1 m (30 ft.)

Олабавете ги навртките (A) и прилагодете ги крилата на задната врата (B) на различните отвори (C) доколку е потребно за соодветно дистрибуирање на сламата, т.е. широчината на распостилање. Видете во делот за крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки во понатамошниот текст од овој дел.

Стегнете ги навртките и повторете како што е потребно на останатите крила на задната врата.




H98365 —UN—30SEP10

A—Навртки
B—Крила на задна врата
C—Отвори

SS43267,0000613 -A8-04JUN15-1/1

Крила на задната врата (електрично прилагодување)—фабрички поставки (остаток премиум)



Поставки на крилата на задната врата за платформи од 9.1 m (30 ft.) (поглед од долната страна на крилата на задната врата)

A—Лопатка 1
B—Среден отвор
C—Лопатка 2
D—Среден отвор
E—Лопатка 3
F—Среден отвор
G—Лопатка 4
H—Среден отвор
I— Лопатка 5
J— Среден отвор

ЗАБЕЛЕШКА: Местото на отворите се од средината на надворешната страна на задната врата кога ги прилагодувате крилата на надворешната врата.

SS43267,0000616 -A8-04JUN15-1/1

Advanced PowerCast дискови на распрскувачот — заменување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги машинските делови (A) и носачот (B).

По потреба, проверете и заменете ги гумениот држач (C) и прстите (D). Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни делови.


ВАЖНО: Заменете ги сите гумени држачи за да ја задржите ротациската рамнотежа на дискот.

По потреба, поставете го резервниот гумен држач и прстите.


Осигурете дека гумените држачи и носачот се поставени назад во истите отвори како од отстранувањето.

Затегнете ги машинските делови и повторете, ако е потребно, на останатите сечила на дискот.

A—Машински делови
B—Носач
C—Гумен држач
D—Прсти



H113274 —UN—26MAR15



H98694 —UN—19OCT10

Продолжува на следната страница

SS43267,0000592 -A8-26MAR15-1/2

Отстранете ги завртките со глава (A) од плочката (B).

По потреба, проверете и заменете го носачот за лопатка (C). Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни делови.


ВАЖНО: Заменете ги сите носачи за лопатки за да ја задржите ротациската рамнотежа на дискот.

Поставете резервен носач за лопатка, по потреба.


Затегнете ги машинските делови и повторете, ако е потребно, на останатите сечила на дискот.

ЗАБЕЛЕШКА: Во зависност од потребата според културата која се жнее, отстранете ги лопатките за ситни зрна и поставете ги лопатките за пченка.

A—Завртки со глава
B—Плочка
C—Носачи за лопатка



H98695 —UN—19OCT10




H102241 —UN—23JUN11

Лопатка за мали зрна / лопатка за пченка


SS43267,0000592 -A8-26MAR15-2/2

Распрскувач (општи информации)



H98186 —UN—23SEP10

Распрскувач со единична брзина



H98187 —UN—23SEP10

Распрскувач со двојна брзина

⚠ ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад распрскувачот додека тој работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите нагодување на распрскувачот.

Пред да правите сервисирање или одржување на подигнат распрскувач, ставете го потполно клинот за блокирање на неговото место.

ЗАБЕЛЕШКА: За понатамошни информации за нагодување на распрскувачот преку прекинувачи во кабината, погледнете го поглавјето Конзола на потпирачот за рака CommandTouch.

OUO6075,0000B75 -A8-21MAR11-1/1


Распрскувач — положба за откос

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот. Пред да правите сервисирање или одржување на подигнат распрскувач, ставете го потполно клинот за блокирање на неговото место.

ВАЖНО: Обрачот на распрскувачот МОРА секогаш да биде во "долна" положба додека работи, како што е прикажано.

ЗАБЕЛЕШКА: Распрскувачот може да биде завртен кон нагоре за да се овозможи материјалот да биде испразнет во форма на откос.

Подигнете го обрачот на распрскувачот (A) додека не се порамни со засекот (B) кога пристапувате до распрскувачот или го подигнувате во положба за откос.



H98188 —UN—23SEP10

A—Обрач на распрскувачот B—Засек


Продолжува на следната страница

OUO6075,00009D3 -A8-23SEP10-1/3

Отстранете го клинот за брзо заклучување (A) од клинот (B) и спуштете ја потпорната цевка (C).


ЗАБЕЛЕШКА: Поставете го клинот назад во складирана положба и затегнете го со клинот за брзо заклучување.

A—Клин за брзо заклучување
B—Клин
C—Потпорна цевка




H98189 —UN—23SEP10

OUO6075,00009D3 -A8-23SEP10-2/3



H98190 —UN—23SEP10



H98191 —UN—23SEP10

A—Клин
B—Рачка
C—Клин
D—Склоп на брава


Повлечете го клинот (A) за целосно да го подигнете распрскувачот.

Подигнете го распрскувачот со рачката (B) додека клинот (C) целосно не влезе во склопот на бравата (D).


ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ја брзината на распрскувачот на нула, за понатамошни информации погледнете во Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот во поглавјето Конзола на потпирачот за рака CommandTouch.

OUO6075,00009D3 -A8-23SEP10-3/3

Распрскувач — спуштање



H98192 —UN—23SEP10



H98193 —UN—23SEP10

A—Клин
B—Клин
C—Склоп на брава
D—Рачка

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Завртете и поставете го клинот (A) на носачот за да го отклучите распрскувачот.


Ослободете го клинот (B) од склопот на бравата (C) и спуштете го распрскувачот со рачката (D).

OUO6075,00009D4 -A8-08OCT10-1/2

Подигнете ја потпорната цевка (C) додека не се порамни со отворот и задржете ја со клинот (B) и клинот за брзо заклучување (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемете ја брзината на распрскувачот додека не се достигне посакуваната ширина, за понатамошни информации погледнете во Прекинувач за нагодување на брзината на распрскувачот во поглавјето Конзола на потпирачот за рака CommandTouch.

A—Клин за брзо заклучување
B—Клин
C—Потпорна цевка



H98189 —UN—23SEP10

OUO6075,00009D4 -A8-08OCT10-2/2

Дискови на распрскувачот (единична брзина) — заменување


ВНИМАНИЕ: Склоповите на дискот тежат приближно 25 kg (55 lb).

ВАЖНО: Склоповите на дискот се леви и десни. Означете ги положбите на склопот на дискот пред да го отстранувате.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на дискот можат да бидат отстранети за сервисирање или за овозможување дополнително растојание под распрскувачот.

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и склоповите на дискот (B).

A—Клин за брзо заклучување B—Склопови на диск



H98194 —UN—23SEP10

OUO6075,00009D5 -A8-23SEP10-1/2


ВАЖНО: Кога заменувате истрошени или оштетени сечила, осигурете дека истовремено ги заменувате и сечилата на спротивните страни од дискот за да се одржи рамнотежата при ротирање на дискот.

Сечилата се ориентирани во наизменични патеки на отвори за да се добие оптимална ширина за материјалот. Осигурете дека резервните сечила се поставени назад во истите отвори како и претходно отстранетите сечила.

Отстранете ги машинските делови (A) и сечилото (B).

Поставете ги резервните сечила по потреба и затегнете ги машинските делови.

A—Машински делови B—Сечило



H98197 —UN—23SEP10

OUO6075,00009D5 -A8-23SEP10-2/2

Дискови на распрскувачот (двојна брзина) — заменување

ВНИМАНИЕ: Склоповите на дискот тежат приближно 25 kg (55 lb).


ВАЖНО: Склоповите на дискот се леви и десни. Означете ги положбите на склопот на дискот пред да го отстранувате.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на дискот можат да бидат отстранети за сервисирање или за овозможување дополнително растојание под распрскувачот.

Отстранете ги навртките (A) и потпорната обвивка (B).

A—Навртка

B—Потпорна обвивка



H98195 —UN—08OCT10


OUO6075,00009D6 -A8-23SEP10-1/3

Отстранете ја навртката (A) и завртките со глава (B) од склоповите на дискот (C).

A—Навртка

B—Шраф со глава

C—Склопови на диск



H98196 —UN—23SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00009D6 -A8-23SEP10-2/3


ВАЖНО: Кога заменувате истрошени или оштетени сечила, осигурете дека истовремено ги заменувате и сечилата на спротивните страни од дискот за да се одржи рамнотежата при ротирање на дискот.

Сечилата се ориентирани во наизменични патеки на отвори за да се добие оптимална ширина за материјалот. Осигурете дека резервните сечила се поставени назад во истите отвори како и претходно отстранетите сечила.

Поставете ги резервните сечила по потреба и затегнете ги машинските делови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Машински делови на сечило—Вртлив момент.....22 N·m (16 lb.-ft.)



H98198 —UN—23SEP10


OUO6075,00009D6 -A8-23SEP10-3/3

Распрскувач на слама со големо ширење (изборно)

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте некој да стои зад распрскувачот додека тој работи. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да вршите нагодување на распрскувачот.

ЗАБЕЛЕШКА: За да се овозможи оптимална распределба на материјалот, обвивките треба да бидат отстранети кога се врши жнеење со хедери помали од 9,1 m (30 ft.) или хедери за пченка помали од 12 редови.

Кога се поставени сечилата на распрскувачот на слама (A) и обвивките (B), тоа ја зголемува ширината на ширењето и овозможува подобра распределба на материјалот за поголеми хедери. За повеќе информации, посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.



H98199 —UN—23SEP10

A—Сечила **B—Обвивки**

OUO6075,00009D9 -A8-28MAR11-1/1


Затегнатост на погонскиот ремен на дробилката — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Спуштете ја целосно дробилката за соодветно да ги затегнете ремените.

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник




H98146 —UN—21SEP10

OUO6075,00013DF -A8-18JUN13-1/2

Олабавете ја сигурносната навртка (A) и затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

Поставете го штитникот и затегнете го клиновите за брзо заклучување.

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H108275 —UN—18JUN13

OUO6075,00013DF -A8-18JUN13-2/2

Ремен на дробилката — заменување


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Дробилката треба да биде поставена во средна положба за полесно поставување на ременот.

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и штитникот (B).

Отворете ја бравата (C) и завртете го штитникот (D) за да отворите.

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Брава
D—Штитник




H105442 —UN—18MAY12

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-1/10

ЗАБЕЛЕШКА: Означете ја положбата на навртките на затегнувачот пред да ги олабавувате за помош при повторното склопување.

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот.

A—Навртки




H108276 —UN—18JUN13

Продолжува на следната страница

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-2/10

Отстранете ги завртките со глава (A) и штитникот (B).

A—Шрафови со глава **B—Штитник**




H108266 —UN—18JUN13

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-3/10

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од ременот на битерот за празнење (B).

A—Навртки **B—Ремен на битерот за празнење**




H108267 —UN—18JUN13


Продолжува на следната страница

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-4/10

Внатрешен ремен на дробилката:



H107035 —UN—26FEB13



H98161 —UN—21SEP10

A—Внатрешен погонски ремен на дробилката

B—Надворешен погонски ремен на дробилката

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го ременот така што навлегува помеѓу ременикот и страничната обвивка.

Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката (A) од горните ременици.


Отстранете го надворешниот погонски ремен на дробилката (B) од долните ременици.

Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката од долните ременици.


Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-5/10

Надворешен ремен на дробилката:



H107027 —UN—26FEB13



H107028 —UN—26FEB13

A—Внатрешен погонски ремен на дробилката

B—Ремен на битерот за празнење

C—Надворешен погонски ремен на дробилката

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете ги ремените така што да навлегуваат помеѓу ременикот и страничната обвивка.

Отстранете го внатрешниот погонски ремен на дробилката (A) и ременот на битерот за празнење (B) од горните ременици.

Отстранете го надворешниот погонски ремен на дробилката (C) од горните и од долните ременици.

Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.


Продолжува на следната страница

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-6/10

Поставете го ременот на битерот за празнење (A) во ременикот.

Затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Стегнете ја сигурносната навртка (E).

A—Ремен на битерот за празнење
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач
E—Сигурносна навртка




H108277 —UN—18JUN13

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-7/10

Поставете го штитникот (B) и затегнете го со завртките со глава (A).

A—Шрафови со глава
B—Штитник



H108266 —UN—18JUN13


Продолжува на следната страница

OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-8/10

Спуштете ја дробилката во средната положба.

Затегнете ги навртките (A) додека водилката на пружината (B) не дојде до крајот од мерачот (C), како што е прикажано.

A—Навртки
B—Водилка на пружината
C—Мерач



H108278 —UN—18JUN13


OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-9/10

Спуштете ја целосно дробилката за соодветно да го затегнете ременот.

Затегнете ја навртката (A) така што подлошката (B) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (C) и дното на основата. Стегнете ја сигурносната навртка (D).

Поставете го штитникот и затегнете го клиновите за брзо заклучување.


A—Навртка
B—Подлошка
C—Мерач
D—Сигурносна навртка



H108279 —UN—18JUN13


OUO6075,00013E0 -A8-18JUN13-10/10

Ремен на вратилото за подигање на дробилката — нагодување



H1108280 —UN—18JUN13

S660 и S670



H1108281 —UN—18JUN13

S680, S685 и S690

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Вратилото за подигање на дробилката се наоѓа на левата страна над дробилката.

Олабавете ја сигурносната навртка (A) и затегнете ја навртката (B) така што подлошката (C) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

OUO6075,0001539 -A8-19JUN13-1/1

Ремен на вратилото за подигање на дробилката — заменување (S660 и S670)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од ременот на вратилото за подигање на дробилката (B).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на ременот (C) за да го отстраните ременот за контрола на отпадоци во моторот (D).

Отстранете ги завртките со глава од јамките на ременот (E).

Отстранете и задржете ги погонските ремени на растоварната спирала (F).



H108282 —UN—18JUN13

A—Навртки
B—Ремен на вратилото за подигање на дробилката
C—Крак на затегнувачот
D—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)
E—Јамка на ремењот
F—Погонски ремени на растоварната спирала

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153A -A8-19JUN13-1/5

Со хидраулична пумпа:

Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот.

Отстранете ја навртката (C) од носачот на склопот на пумпата.

ЗАБЕЛЕШКА: Обезбедете подлошките и изолаторот да останат во своите места кога вршите отстранување. Поставете ја претходно изваденатa навртка за да ги задржите подлошките и изолаторите во своите места додека е изваден склопот.

Отстранете ги завртките со глава (D) од склопот на пумпата.

Отстранете го штитникот (E) и носачот на склопот на пумпата.

Потпрете ги штитникот и носачот на склопот на пумпата надвор од патеката.

Отстранете го ремењот на вратилото за подигање (F) од горните и од долните ременици.


Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

Порамнете го склопот на пумпата со ременикот и затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....80 N·m (59 lb.-ft.)

ЗАБЕЛЕШКА: Порамнете го клучот на вратилото со склопот на пумпата со делот за клучот во ременикот. Обезбедете подлошките и изолаторите да останат во своите места на носачот на склопот на пумпата.



H98502 —UN—20OCT10

A—Машински делови
B—Спона
C—Навртка
D—Завртка со глава (2 употребени)
E—Штитник
F—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

Поставете го штитникот и носачот на склопот на пумпата и задржете со навртката.

Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и задржете со машинските делови.

Продолжува на следната страница


Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

Поставете ја јамката на ременот (B) и затегнете со завртките со глава.

Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот (G) за да го поставите ременот за контрола на отпадоците во моторот (H).

A—Погонски ремени на растоварната спирала
B—Јамка на ременот
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)



H108284 —UN—18JUN13

OUO6075,000153A -A8-19JUN13-3/5

Без хидраулична пумпа:

Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот (C).


Отстранете го ременот на вратилото за подигање (D) од горните и од долните ременици.

Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

Порамнете го штитникот со отворите на носачот.

Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и задржете со машинските делови.

A—Машински делови
B—Спона
C—Штитник
D—Ремен на вратилото за подигање на дробилката



H98500 —UN—08OCT10

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153A -A8-19JUN13-4/5


Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

Поставете ја јамката на ременот (B) и затегнете со завртките со глава.

Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот (G) за да го поставите ременот за контрола на отпадоците во моторот (H).

A—Погонски ремени на растоварната спирала
B—Јамка на ременот
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)



H108285 —UN—18JUN13

OUO6075,000153A -A8-19JUN13-5/5


Ремен на вратилото за подигање на дробилката — заменување (S680, S685 и S690)

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги завртките со глава (A) и машинските делови (B) од изолациската лента (C).

Отстранете го склопот на пумпата и носачот надвор од патеката.

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Машински делови
C—Изолациска лента



H108283 —UN—18JUN13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-1/8


Олабавете ги навртките (A) за да ја намалите затегнатоста на ременот од ременот на вратилото за подигање на дробилката (B).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на ременот (C) за да го отстраните ременот за контрола на отпадоци во моторот (D).

Отстранете ги завртките со глава од јамките на ременот (E).

Отстранете и задржете ги погонските ремени на растоварната спирала (F).

A—Навртки
B—Ремен на вратилото за подигање на дробилката
C—Крак на затегнувачот
D—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)
E—Јамка на ременот
F—Погонски ремени на растоварната спирала



H108286 —UN—18JUN13

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-2/8

Со хидраулична пумпа:

Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот.

Отстранете ја навртката (C) од носачот на склопот на пумпата.

ЗАБЕЛЕШКА: Обезбедете подлошките и изолаторот да останат во своите места кога вршите отстранување. Поставете ја претходно изваденатa навртка за да ги задржите подлошките и изолаторите во своите места додека е изваден склопот.

Отстранете ги завртките со глава (D) од склопот на пумпата.

Отстранете го штитникот (E) и носачот на склопот на пумпата.

Потпрете ги штитникот и носачот на склопот на пумпата надвор од патеката.

Отстранете го ремењот на вратилото за подигање (F) од горните и од долните ременици.


Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

Порамнете го склопот на пумпата со ременикот и затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....80 N·m (59 lb.-ft.)

ЗАБЕЛЕШКА: Порамнете го клучот на вратилото со склопот на пумпата со делот за клучот во ременикот. Обезбедете подлошките и изолаторите да останат во своите места на носачот на склопот на пумпата.



H98502 —UN—20OCT10

A—Машински делови
B—Спона
C—Навртка
D—Завртка со глава (2 употребени)
E—Штитник
F—Ремен на вратилото за подигање на дробилката

Поставете го штитникот и носачот на склопот на пумпата и задржете со навртката.

Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и задржете со машинските делови.

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-3/8


Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

Поставете ја јамката на ременот (B) и затегнете со завртките со глава.

Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот (G) за да го поставите ременот за контрола на отпадоците во моторот (H).

A—Погонски ремени на растоварната спирала
B—Јамка на ременот
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)



H108287 —UN—18JUN13

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-4/8


Порамнете го склопот на пумпата со ременикот и затегнете ги завртките со глава (A) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....80 N·m (59 lb.-ft.)

Поставете ја изолаторската лента (B) и затегнете ја со машинските делови (C).

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Изолациска лента
C—Машински делови



H108288 —UN—18JUN13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-5/8

Без хидраулична пумпа:

Отстранете ги машинските делови (A) и лентата (B) од двете страни на штитникот (C).


Отстранете го ремењот на вратилото за подигање (D) од горните и од долните ременици.

Поставете го резервниот ремен во обратниот редослед.

Порамнете го штитникот со отворите на носачот.

Поставете ја лентата и на двете страни од штитникот и задржете со машинските делови.

A—Машински делови
B—Спона
C—Штитник
D—Ремен на вратилото за подигање на дробилката



H98500 —UN—08OCT10

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-6/8


Поставете ги погонските ремени на растоварната спирала (A).

Поставете ја јамката на ремењот (B) и затегнете со завртките со глава.

Затегнете ја навртката (C) така што подлошката (D) да дојде во положба помеѓу крајот на мерачот (E) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка (F).

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот (G) за да го поставите ремењот за контрола на отпадоците во моторот (H).

A—Погонски ремени на растоварната спирала
B—Јамка на ремењот
C—Навртка
D—Подлошка
E—Мерач
F—Сигурносна навртка
G—Крак на затегнувачот
H—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)



H108287 —UN—18JUN13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-7/8


Поправете го склопот на пумпата со ременикот и затегнете ги завртките со глава (A) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....80 N·m (59 lb.-ft.)

Поставете ја изолаторската лента (B) и затегнете ја со машинските делови (C).

A—Завртки со глава (4 употребени)
B—Изолациска лента
C—Машински делови



H108288 —UN—18JUN13

OUO6075,000153B -A8-19JUN13-8/8


Резервоар за зрна/скала за моторот

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Употребете ја скалата (A) за да пристапите до резервоар за зрна.

Повлечете го клинот за блокирање (B) и завртете го држачот за раце (C) нагоре додека држачот за раце не влезе на место.

A—Скали
B—Клин за блокирање
C—Држач за рака



H96783 —UN—09JUN10



H102411 —UN—23JUN11


OUO6075,00007CA -A8-23JUN11-1/1

Отвори за испуштање на резервоарот за зрна

Вратите на отворот за празнење во резервоарот за зрна (A) се лоцирани на десниот крај на двете напречни спирали и мора да се отворат за време на складирање или чистење на резервоарот за зрна.

Олабавете ги завртките со глава и лизгајте ги вратите подалеку од отворите за испуштање.

A—Врати на отворот за испуштање



H80946 —UN—27MAY04

OUO6075,0000A44 -A8-21OCT10-1/1

Корито за примерок од резервоарот за зрна

Коритото за примерок од резервоарот за зрна (A) му овозможува на возачот да земе примерок од жниената култура од товарната спирала без да се влегува во резервоарот за зрна.


Со машината полна со жниена култура, поместете ја повеќенаменската рачка во неутрална положба и нанесете ја сопирачката за паркирање.

Исклучете го хедерот, но оставете го сепараторот вклучен.

ВНИМАНИЕ: Не дозволувајте друго лице да проверува примерок од резервоарот за зрна.

Отворете ја вратата (B). Долниот крај од коритото на резервоарот за зрна исфрла примерок од жниената култура.

A—Корито за примерок **B—Врата**



H96883 —UN—14JUN10



H96884 —UN—14JUN10

OUO6075,0000A45 -A8-13DEC10-1/1

Сензори за наполнетост на резервоарот за гориво — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Погонот на хедерот мора да биде вклучен за сирената да се озвучува.

Сензор за наполнетост од 3/4 на резервоарот за зрна:

Сензорот за наполнетост од 3/4 (A) се наоѓа на предната страна од товарната спирала за чисти зрна или на десната страна од капакот на резервоарот за зрна. Ако работете во услови на култури со низок проток, сензорот на резервоарот за зрна (C) може да се премести во долниот отвор на десниот капак на резервоарот за зрна.


Нагодете го сензорот со негово поместување повисоко или пониско во отворот (B) или во отворите (E) за да ја нагодете точката на “превртување“. Колку повисоко е поставен сензорот, толку повеќе полн ќе биде резервоарот за зрна кога сирената ќе се озвучува.

Иконата за наполнетост на резервоарот за зрна од 3/4 се појавува на екранот кога зрното ќе го достигне сензорот.

Кога резервоарот за зрна е полн 3/4, ротациските светла се палат за да му сигнализираат на операторот со количката за зрна дека резервоарот за зрна е речиси полн.

Сензор за наполнетост од 4/4 на резервоарот за зрна:

Сензорот за наполнетост до 4/4 на резервоарот за зрна (D) се наоѓа на десната страна од резервоарот за зрна или на капакот на резервоарот за зрна.



H96916 —UN—16JUN10

A—Сензор за наполнетост од 3/4
B—Отвор
C—Сензор за наполнетост од 3/4 (изборна положба)
D—Сензор за наполнетост од 4/4
E—Отвори

Иконата за наполнетост на резервоарот за зрна од 4/4 се појавува на екранот кога зрното ќе го достигне сензорот.

Нагодете го сензорот со негово поместување повисоко или пониско во отворите (E) за да ја нагодете точката на “превртување”. Колку повисоко е поставен сензорот, толку повеќе полн ќе биде резервоарот за зрна кога сирената ќе се озвучува.

OUO6075,000104A -A8-27FEB12-1/1

Капаци на резервоарот за зрна (ако постојат) — работење

ВНИМАНИЕ: Пред да ја транспортирате машината на јавни патишта, капаците на резервоарот за зрна мора да бидат затворени и антената да биде затегната со куката на покривот од кабината. Избегнувајте контакт со ниски електрични кабли и ниски гранки од дрвја.

ЗАБЕЛЕШКА: Сепараторот не се вклучува додека капаците на резервоарот за зрна не бидат целосно отворени.

Товарната спирала на чисти зрна се подигнува кога капаците на резервоарот за зрна се отворени. Спиралата се спушта надолу кога капаците се затворени.

Притиснете го прекинувачот за кратенки на функциите за преклопување (A) на потпирачот за рака. За повеќе информации за подигнување или спуштање на капаците на резервоарот за зрна, погледнете во Поставка на функциите за преклопување во поглавјето Екрани на приказот на CommandCenter.

A—Прекинувач за кратенки на функциите за преклопување



H96897 —UN—15JUN10



H94727 —UN—27JAN10

OUO6075,00007EF -A8-15JUN10-1/1

Капаци за резервоарот за зрна (ако постојат) — нагодување

ЗАБЕЛЕШКА: Нагодете ја само затегата на левата страна од машината. Затегите на десната страна од машината не може да се нагодуваат.

Целосно подигнете ги капаците на резервоарот за зрна.


Олабавете ја навртката (A) и нагодете го винтот (B) сè додека не се постигне номинално растојание (C) помеѓу краевите на затегата, како што е прикажано.

ЗАБЕЛЕШКА: Зголемувањето на растојанието на затегата го зголемува и растојанието помеѓу левиот капак и предниот/задните капаци.

Намалувањето на растојанието на затегата го намалува и растојанието помеѓу левиот капак и предниот/задните капаци.

Затегнете ја навртката кога ќе се постигне растојанието.

Повторете ако е потребно и на останатата затега.



H96901 —UN—15JUN10

A—Навртка
B—Винт
C—Номинално растојание, 64 mm (2-1/2 in.)

OUO6075,00007F0 -A8-21OCT10-1/1


Капаци на напречната спирала на резервоарот за зрна

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отстранете ги клиновите за заклучување (A) и клиновите (B) кои ги држат краевите на капакот на спиралата (C) со резервоарот за зрна. Држете го капакот во посакуваната положба и поставете ги претходно отстранетите клинови и клинови за заклучување.

Капаците треба да бидат рамни и монтирани така што секој капак е на исто растојание од спиралата низ целата должина.

ЗАБЕЛЕШКА: Поставете ги капаците на спиралата во горна положба за сите култури.




H80947 —UN—27MAY04

A—Клинови за заклучување
B—Клинови
C—Капаци на спиралата

OUO6075,0000A46 -A8-27OCT10-1/1

Место на завртки за смолкнување



H111120 —UN—17APR14

A—Смолкнувачка завртка (употребени се 3)

ЗАБЕЛЕШКА: Обезбедени се дополнително три завртки за смолкнување. Локациите варираат во зависност од величината на моторот, нивоа на емисии на мотор и стапката на празнење на резервоарот за жито.

Ако се скршат смолкувачките завртки кај погонскиот дел за празнење, отстранете ги и заменете ги со екстра смолкнувачките завртки (A) од прикажаната локација.

OUO6075,00017C7 -A8-17APR14-1/1


Сигурносен винт на погонот на растоварната спирала

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Употребувајте сигурносен винт (A) доставен само од John Deere, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни сигурносни винтови.

Екстра смолкнувачките завртки ќе ги најдете на машината. За повеќе информации видете за место на смолкнувачки завртки во овој дел.

ВАЖНО: Не поставувајте внатрешна цевка на гумата или вреќа на крајот од растоварната спирала. Какво било ограничување на крајот од спиралата може да предизвика оштетување на системот на растоварната спирала и може да предизвика оштетување на сигурносниот винт.



H96888 —UN—14JUN10

A—Сигурносен винт

OUO6075,00017C6 -A8-16APR14-1/1

Дефлектор на товарната спирала на резервоарот за зрна

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Поставете го дефлекторот (A) според потребите.

Вртење во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот:

- Ветровити услови при жнеење култури како што се семе за трева или маслодајна репка.
- Пченка — резервоарот за зрна ќе се полни кон лево и кон назад.

Вртење во насока на движењето на стрелките на часовникот:

- Зрна — резервоарот за зрна ќе се полни кон десно и кон напред.



H96890 —UN—14JUN10

A—Дефлектор

OUO6075,0000A47 -A8-21OCT10-1/1


Товарна спирала на резервоарот за зрна (наставки за резервоарот за зрна) — преклопување

ВНИМАНИЕ: Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Му овозможува на возачот да ја намали висината на машината за 0,5 m (1-1/2 ft.) кога наставките на резервоарот за зрна се исто така спуштени.

Држете го горниот дел од спиралата и испуштете ги стегачите (A). Спуштете ја спиралата на капакот на напречната спирала.

A—Стегачи



H102235 —UN—15JUN11

OUO6075,0000CA6 -A8-15JUN11-1/1

Товарна спирала на резервоарот за зрна (капаци за резервоарот за зрна) — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека капаците на резервоарот за зрна се целосно подигнати.

Нагодете ја навртката (A) додека товарната спирала на резервоарот за зрна (B) не дојде во контакт со куќиштето на преминот (C).

Нагодете ги навртките (A) за дополнителен 1/2 круг и затегнете ја навртката (D) за да го заклучите винтот со окце во место.

ЗАБЕЛЕШКА: Ова го држи куќиштето на товарната спирала цврсто наспроти куќиштето на преминот осигурувајќи дека товарната спирала е целосно активирана со управувачот на менувачот на брзини.

A—Навртка
B—Товарна спирала на резервоарот за зрна
C—Куќиште на преминот
D—Навртка



H98919 —UN—28OCT10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001149 -A8-24MAY12-1/2


Олабавете ја навртката (A) и нагодете ја затегата (B) со рака сè додека не се осети мал отпор на затегата.

ЗАБЕЛЕШКА: Продолжете или скратете ја затегата за да го зголемите или намалите просторот помеѓу куќиштето на товарната спирала и куќиштето на преминот.

Клинот на крајот од затегата треба слободно да ротира кога е соодветно нагоден.

Осигурете дека носачот (C) е насочено кон предниот дел од машината и затегнете ја навртката (A) за да ја заклучите затегата (B) во место.


A—Навртка
B—Затега
C—Носач




H98920 —UN—28OCT10

OUO6075,0001149 -A8-24MAY12-2/2

Плочка на сензор за протокот на маса — чистење



H1022235 —UN—15JUN11



H98923 —UN—28OCT10

A—Стегачи
B—Сензор за протокот на маса

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Држете го горниот дел од товарната спирала на резервоарот за зрна и ослободете ги стегачите (A).

Спуштете ја товарната спирала на резервоарот за зрна за да пристапите до плочката на сензорот за протокот на маса (B).

Подигнете ја целосно товарната спирала на резервоарот за зрна наспроти куќиштето на преминот и задржете со стегачи.

OUO6075,00010A5 -A8-05MAR12-1/1

Плочка на сензорот за протокот на маса (капаци на резервоарот за зрна) — чистење

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

НЕМОЈТЕ да го влечете или отстранувате клинот (A) за да ја спуштите товарната спирала на резервоарот за зрна. Отстранувањето на клинот може да резултира во лична повреда или оштетување на машината.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.


Отстранете го клинот за брзо заклучување (B) и клинот (C) од затегата (D).

Употребете ја рачката (E) за помош при спуштањето на товарната спирала на резервоарот за зрна (F) за да пристапите до плочката на сензорот за протокот на маса (G).


Целосно подигнете ја товарната спирала на резервоарот за зрна наспроти куќиштето на преминот.

Порамнете ја затегата со отворот и задржете ја со клин и со клин за брзо заклучување.

A—Клин
B—Клин за брзо заклучување
C—Клин
D—Затега
E—Рачка
F—Товарна спирала на резервоарот за зрна
G—Сензор за протокот на маса



H102236 —UN—15JUN11



H102237 —UN—15JUN11


OUO6075,0000A67 -A8-15JUN11-1/1

Погонски синџир на растоварната спирала — нагодување

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја сигурносната навртка (A). Стегнете ги навртките (B) сè додека подлошката (C) не се израмни со крајот на мерачот (D). Затегнете ја навртката за заклучување.

A—Навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Крај на мерач



H96891 —UN—14JUN10

OUO6075,000113B -A8-10MAY12-1/1

Оквирен носач на растоварната спирала — нагодување


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

1. Занишајте ја растоварната спирала во положба за складирање или во положба за транспорт.

ЗАБЕЛЕШКА: Не смее да има празнина помеѓу растоварната спирала (A) и носечката плоча (B) на местото (C) кога е соодветно нагодено.

2. Ако постои празнина помеѓу растоварната спирала и носечката плоча, олабавете ги завртките со глава (D) и нагодете го оквирниот носач (E) вертикално додека носечката плоча не дојде во контакт со површината на растоварната спирала.

ЗАБЕЛЕШКА: Горната површина на оквирниот носач (E) МОРА да биде паралелна со врвот на плочата на резервоарот за зрна (F).




H106291 —UN—19DEC12

A—Растоварна спирала
B—Носечка плоча
C—Локација
D—Завртки со глава
E—Оквирен носач
F—Плоча на резервоарот за зрна


3. Затегнете ги завртките со глава кога оквирот е нагоден.

OUO6041,0000825 -A8-29JAN13-1/1

Положба на растоварната спирала — нагодување



H106293 —UN—07DEC12



H106322 —UN—11DEC12

A—Завртки со глава (8 употребени)
B—Капак
C—Сигурносна расцепка
D—Навртка и подлошка
E—Клин
F—Навртка
G—Винт со окце
H—Носечка плоча

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Растоварната спирала МОРА да ја допира носечката плоча кога е соодветно нагодена.

1. Отстранете ја сигурносната расцепка (C), навртката и подлошката (D) и клинот (E).
2. Олабавете ја навртката (F) и нагодете го винтот со окце (G) додека растоварната спирала полека не дојде во контакт со површината на носечката плоча (H).
3. Поставете ги претходно извадените делови и капакот после нагодувањето на растоварната спирала.

OUO6041,0000826 -A8-29JAN13-1/1

Положби на рачката за заклучување на растоварната спирала

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Положба за теренска работа:

Спуштете ја рачката за заклучување (A) како што е прикажано и поставете го клинот (B) и затегнете го со клинот со пружина (C).

Положба за складирање/положба за транспорт:

Подигнете ја рачката за заклучување (A) како што е прикажано и поставете го клинот (B) и затегнете го со клинот со пружина (C).

A—Рачка за заклучување
B—Клин
C—Клин со пружина



H106300 —UN—10DEC12

Положба за теренска работа



H106292 —UN—10DEC12

Положба за складирање/положба за транспорт

OUO6041,0000827 -A8-29JAN13-1/1


Погонски ремен на растоварната спирала — заменување (S660 и S670)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека хидрауличниот цилиндар на растоварната спирала е исклучен и повлечен.

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на ремент (A) за да го отстраните ремент за контрола на отпадоци во моторот (B).

A—Крак на затегнувачот
B—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)




H108390 —UN—25JUN13

Продолжува на следната страница

OUO6075,000153F -A8-25JUN13-1/3

Олабавете го затегнувачот (A) на погонскиот ремен на растоварната спирала.

A—Затегнувач



H105391 —UN—09MAY12

OUO6075,000153F -A8-25JUN13-2/3

Отстранете го синџирот од запченикот (A).

Отстранете ги завртките со глава од јамките на ременот (B).

Отстранете ја јамката на ременот и ремените (C).


Поставете ги резервните ремени и претходно изваденатa јамка на ременот.

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот за да го поставите ременот за контрола на отпадоци во моторот.

Поставете го штитникот и затегнете го со завртките со глава.

Поставете го погонскиот синџир и нагодете го затегнувачот сè додека подлошката не се порамни со крајот на мерачот.

A—Запчаник
B—Јамка на ременот
C—Ремени



H108394 —UN—25JUN13

OUO6075,000153F -A8-25JUN13-3/3

Погонски ремен на растоварната спирала — заменување (S680, S685 и S690)


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека хидрауличниот цилиндар на растоварната спирала е исклучен и повлечен.

Отстранете ги завртките со глава (A) и склопот на потпорната пумпа надвор од патеката.

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на ременот (B) за да го отстраните ременот за контрола на отпадоци во моторот (C).

A—Шрафови со глава
B—Крак на затегнувачот
C—Ремен за контрола на отпадоци во моторот (ако постои)




H108393 —UN—25JUN13

OUO6075,0001540 -A8-25JUN13-1/3

Олабавете го затегнувачот (A) на погонскиот ремен на растоварната спирала.

A—Затегнувач



H105391 —UN—09MAY12

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001540 -A8-25JUN13-2/3

Отстранете го синџирот од запченикот (A).

Отстранете ги завртките со глава од јамките на ременот (B).

Отстранете ја јамката на ременот и ремените (C).

Поставете ги резервните ремени и претходно изваденатa јамка на ременот.

Поставете го склопот на пумпата и затегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава—Вртлив момент.....80 N·m (59 lb.-ft.)

Употребете ја одвојната шипка за да ја намалите затегнатоста од кракот на затегнувачот за да го поставите ременот за контрола на отпадоци во моторот.

Поставете го штитникот и затегнете го со завртките со глава.

Поставете го погонскиот синџир и нагодете го затегнувачот сè додека подлошката не се порамни со крајот на мерачот.



H108395 —UN—25JUN13

A—Запчаник
B—Јамка на ременот
C—Ремени

OUO6075,0001540 -A8-25JUN13-3/3

Заварување во близина на електронски контролни единици

ВАЖНО: Не стартувајте го моторот со користење на опрема за заварување. Струјните кола и напоните се премногу високи и може да предизвикаат трајно оштетување.

1. Исклучете го негативниот (-) кабел (кабли) на акумулаторот.
2. Исклучете го позитивниот (+) кабел (кабли) на акумулаторот.
3. Спојте ги заедно позитивниот и негативниот кабел на акумулаторот на возилото. Не прикачувајте на рамот на возилото.
4. Отстранете или поместете ги приклучоците на кабелскиот сноп подалеку од просторот каде ќе се заварува.
5. Поврзете ја масата на апаратот за заварување во близина на точката на заварување и подалеку од контролните единици.



TS953 —UN—15MAY90

6. Откако површината на поправање е готова и сите компоненти се назад во нивните соодветни положби, поврзете го најпрво позитивниот (+) кабел (кабли), на акумулаторот а потоа поврзете го негативниот (-) кабел (кабли) на акумулаторот.

OUO6075,00003DD -A8-01JUL09-1/1


Одржувајте ги чисти приклучоците на електронската контролна единица

ВАЖНО: Не отворајте ја контролната единица и не чистете ја со млаз под висок притисок. Влага, прашина и други загадувачи може да предизвикаат трајно оштетување.

1. Одржувајте ги приклучоците чисти и без непознати материјали. Влага, прашина и други загадувачи може да предизвикаат нагризување на приклучоците со тек на време, а тоа ќе предизвика слабо електрично поврзување.
2. Ако некој приклучок не се употребува, поставете соодветен капак против прашина или соодветен капак за да го заштитете од непознати материјали и влага.
3. Контролните единици не може да се поправат.
4. Бидејќи контролните единици се компонентите кои НАЈМАЛКУ може да откажат, изолирајте можни дефекти со извршување на дијагностичка постапка. (Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.)
5. Приклучоците на кабелскиот сноп и приклучоците на електронските контролни единици можат да се поправат.


DX,WW,ECU04 -A8-11JUN09-1/1

Почитувајте ги мерките за претпазливост при сервисирање на електричниот систем



H85704 —UN—17APR06

S660 и S670



H96581 —UN—30JUN10

S680, S685 и S690

ВНИМАНИЕ: Машините мора да бидат на рамна површина за прецизно да се проверат нивоата на течноста. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Чувајте го акумулаторот подалеку од искри и оган затоа што гасот кој се испушта од електролитите е експлозивен. За да избегнете создавање на искри, поврзете го кабелот за приклучок (маса) на крајот, а откачете го на почетокот. За да избегнете шокови и изгореници, пред да сервисирате некој дел од електричниот систем или кога ги отстранувате акумулаторите, поставете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во положба OFF (исклучено).

OUO6075,00015A4 -A8-25JUN13-1/1

Ракување со основни електрични компоненти / предупредувања за возила опремени со системи контролирани преку компјутер

- Никогаш не одвојувајте ги акумулаторите додека клучот за стартување е во вклучена положба и моторот работи.
  Зошто: Ова може да предизвика скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.
- Не приклучувајте кабли за помошно стартување додека клучот за стартување е во вклучена положба.
  Зошто: Ова може да предизвика скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.
- Одвојте ги батериите пред да вршите полнење (ако е можно)
  Зошто: Електричните оптоварувања во машината може да го забават процесот на полнење. Полначите на акумулатори можат да предизвикаат скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.
- Никогаш не вршете помошно стартување на машината со напон кој е повисок од оној со кој машината е дизајнирана да работи
  Зошто: Ова може да ги оштети електронските компоненти
- Не ги приклучувајте или одвојувајте електричните приклучоци додека клучот за стартување е во вклучена положба или додека машината работи.
  Зошто: Ова може да предизвика грешки во компјутерскиот систем поради прекинување на компјутерската програма додека таа работи, а електричните скокови во напонот може да ги оштетат електронските компоненти.
- Не нанесувајте енергија или маса на која било компонента како тест, освен ако не сте посебно упатени да го сторите тоа.
  Зошто: Поврзувањето погрешен напон на погрешна точка од електронскиот систем може да предизвика дефекти во електронските компоненти.
- Кога заварувате на машината, осигурете да го поврзете водот за маса на деловите кои се заварууваат. За максимална заштита, исклучете ги сите електронски контролори пред да заварувате.
  Зошто: Високите напони поврзани со заварувањето можат да ги оштетат кабелските снопови кои се вклучени во патеката на масата. Заварувањето може да предизвика електрични скокови во напонот што може да ги оштети електронските компоненти.

KC01776,00003CF -A8-19MAR01-1/1

Безбедно ракување со акумулатори

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и оган подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волт-метар или хидрометар.

Секогаш отстранувајте го најпрво заземјениот (-) приклучок од акумулаторот и заменувајте го заземјениот приклучок последен.

Сулфурната киселина во електролитот на акумулаторот е отровна и доволно јака за да ја изгори кожата, да направи дупки во облеката и да предизвика слепило ако дојде во контакт со очите.

Избегнете опасности преку:

- Полнење на акумулаторите во добро проветрена просторија
- Носење на заштита за очи и гумени ракавици
- Избегнувајте употреба на воздушен притисок за да го чистете акумулаторот
- Избегнувајте вдишување на пареата што се ослободува кога се додава електролит
- Избегнувајте пролевање или капење на електролитите
- Користење на соодветна постапка за помошен акумулатор или полнач.

Ако киселината дојде во контакт со кожата или очите:

1. Обилно измијте ја кожата со вода.
2. За да помогнете да се неутрализира киселината, нанесете сода бикарбона или вар на оштетените места на кожата.
3. Мијте ги очите со вода 15—30 минути. Веднаш побарајте медицинска помош.


Ако случајно се проголта киселина:

1. Во никој случај не предизвикувајте повраќање.
2. Пијте големи количини на вода или млеко; но не повеќе од 2 L (2 qt).
3. Веднаш побарајте медицинска помош.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Кутиите на акумулаторите, приклучоците и поврзаните додатни опреми содржат олово и соединенија на олово, хемикалии познати на државата Калифорнија дека предизвикуваат рак и го оштетуваат репродуктивниот систем. **Измијте ги рацете по работата.**



TS204 —UN—15APR13



TS203 —UN—23AUG88

DX,WW,BATTERIES -A8-02DEC10-1/1

Акумулатори — безбедно поставување


ВНИМАНИЕ: Машините мора да бидат на рамна површина за прецизно да се проверат нивоата на течноста. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Избегнете сериозна повреда или смрт поради експлозии. Можат да се насоберат високи нивоа на водороден гас ако кутијата за акумулаторот нема соодветна вентилација. Секогаш поставете ги повторно цевките за вентилација (A) откако ќе извршите сервисирање или одржување на акумулаторите или на кутијата за акумулатор. Осигурете дека цревата за вентилација не се искривени или прекинати.

Резервните акумулатори мора да имаат наставки за вентилација погодни за приклучување црева за вентилација. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни акумулатори опремени со наставки за вентилација.


Ако цевките за вентилација не се приклучени на акумулаторот, тогаш капакот на акумулаторот мора да остане отворен секогаш кога моторот на машината работи или секогаш кога акумулаторите се полнат со надворешен полнач.

A—Цевки за вентилација



H85705 —UN—17APR06

S660 и S670



H96586 —UN—30JUN10

S680, S685 и S690

OUO6075,0001541 -A8-01JUL13-1/1

Кабли на акумулаторот — поврзување

ВНИМАНИЕ: АКУМУЛАТОРИТЕ СЕ САМО НЕГАТИВНО ЗАЗЕМЈЕНИ. Секогаш поврзете ја лентата за заземјување на акумулаторот со негативните (-) приклучоци на акумулаторот. Поврзете го кабелот на стартерот со позитивниот (+) приклучок на акумулаторот. Обратниот поларитет на акумулаторот или на приклучоците на алтернаторот резултира во трајно оштетување на електричниот систем. Приклучувајте ја лентата за заземјување со негативната (-) клема на крајот.

ВАЖНО: Акумулаторите мора да ги имаат истите положби на клемите.

Кога приклучувате акумулатори:

Исклучете ги сите прекинувачи и дополнителни опреми. Исчистете ги приклучоците на акумулаторот и клемите.

ПОТЧУКНЕТЕ ЈА БРЗО лентата за заземјување во негативниот приклучок. Не смее да се појави искрење. Ако се појави искрење, НЕ ОСТВАРУВАЈТЕ ГО ПОВРЗУВАЊЕТО. Проверете положбата на акумулаторот да не е обратна.

Ако сè уште се појавува искрење, проверете повторно дали сите прекинувачи и дополнителни опреми се исклучени. Потоа, проверете да нема краток спој, прекршени жици или лабави или кородирани приклучоци.

Поврзете ги негативните (-) ленти за заземјување на акумулаторот.

OUO6075,00007D7 -A8-19MAR07-1/1

Акумулатори — полнење

Одржувајте го акумулаторот целосно наполнет, особено за време на ладни временски услови. Неуспешноста да се одржува акумулаторот наполнет, над 12,50 волти, може да резултира во намален век на траење на акумулаторот.

ВНИМАНИЕ: Никогаш не полнете замрзнат акумулатор. Одмрзнете на собна температура пред да приклучувате полнач за акумулатори. Полнете акумулатори само во добро проветрена просторија. Исклучете ги и двата кабли од клемите на акумулаторот кога ги полните акумулаторите внатре во комбајнот.

ВАЖНО: Ако акумулаторите не се целосно наполнети, електролитот може да замрзне.

Одредете кој акумулатор мора да биде наполнет.

Одвојте ги и двата кабли на акумулаторот и поврзете го позитивниот кабел на полначот со клемата "+" и негативниот кабел на полначот со клемата "-".

Следете ги упатствата дадени заедно со полначот. Секогаш полнете ги акумулаторите со полнач од 12 волти.


OUO6075,00007D8 -A8-19MAR07-1/1

Акумулатори — проверување на специфичната тежина

ВНИМАНИЕ: Акумулаторите мора да бидат на рамна површина за прецизно да се проверат нивоата на течноста. Нивото на течност во акумулаторот треба да биде видливо на врвот од секој отвор за полнење кој ги покрива плочките во секоја ќелија.

Гасот од акумулаторот може да експлодира. Држете искри и пламен подалеку од акумулаторот. Користете џебна батерија за да го проверете нивото на електролити во акумулаторот.

Никогаш не проверувајте дали е полн акумулаторот со поставување на метален предмет на приклучоците. Користете волт-метар или хидрометар.



TS182 —UN—23AUG88

Проверете ја специфичната тежина на електролитот во секоја ќелија со хидрометар за акумулатор за да ја одредите состојбата на акумулаторот. Наполнете го акумулаторот ако отчитувањата се под 1,225. Заменете го акумулаторот ако разликите помеѓу ќелиите се повеќе од 0,050.

Секогаш исправете го отчитувањето на специфичната тежина според варијациите на температурата на електролитите. Додадете 0,004 за секои 10°F над 80°F. (Додадете 0,007 за секои 10°C над 27°C.) Одземете со истата стапка ако температурата на електролитот е под 80°F (27°C). Точната специфична тежина на целосно наполнет акумулатор изнесува 1,265 — 1,280.

OUO6075,00007D9 -A8-19MAR07-1/1

Поврзување помошни акумулатори

Стартувањето при ладно време може да биде полесно со перелелно поврзување на дополнителен акумулатор од 12 волти.


⚠ ВНИМАНИЕ: Гасот кој го испуштаат акумулаторите е експлозивен. Избегнувајте искри во близина на акумулаторите.

ВАЖНО: Никогаш не ги поврзувајте преспојните кабли при ВКЛУЧЕН контактен клуч или прекинувач за одспојување на акумулатор. Никогаш не го стартувајте моторот со преспојување на извор на електрична енергија со напон поголем од 12 волти.

Отстранете го заштитниот капак од приклучоците.


Првиот кабел за помошно стартување мора да биде најпрво поврзан со позитивниот (+) приклучок на помошниот акумулатор. Поврзете го другиот крај со позитивниот (+) приклучок (A) на акумулаторот на машината. Вториот кабел за помошно стартување мора да биде најпрво поврзан со негативниот (-) приклучок на помошниот акумулатор. Поврзете го другиот крај со негативниот (-) приклучок (B) на акумулаторот на машината.

A—Позитивен (+) приклучок **B—Негативен (-) приклучок**



H104930 —UN—27FEB12

S660 и S670



H96584 —UN—24MAY10


S680, S685 и S690

OUO6075,00017AE -A8-26MAR14-1/1

Акумулатори — Отстранување и поставување (S660 и S670)

1. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (A) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот во положба ИСКЛУЧЕНО.

A—Прекинувач за исклучување на акумулаторот




H83428 —UN—01JUN05

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000FBD -A8-10MAY12-1/4

2. Отстранете ги завртките со глава (A) и капакот (B) за да пристапите до акумулаторите.


A—Шрафови со глава **B—Капак**



H83464 —UN—01JUN05

OUO6075,0000FBD -A8-10MAY12-2/4

3. Одвојте го негативниот (-) кабел (B) од акумулаторите и негативниот приклучок за помошно стартување.
4. Одвојте го позитивниот (+) кабел (A) и позитивниот приклучок за помошно стартување.
5. Отстранете го стегачот (C) и цевките за вентилација на акумулаторот.
6. Исчистете ги акумулаторите и површината за монтирање на акумулаторот.
7. Поставете ги акумулаторите во кутијата за акумулатор и на пластичната кутија.
8. Исчистете ги каблите на акумулаторот и приклучоците и повторно поврзете ги цевките за вентилација на акумулаторот.
9. Поставете го стегачот (C) олабавен.
10. Приклучете го позитивниот (+) кабел (A) и позитивниот приклучок за помошно стартување.
11. Приклучете го негативниот (-) кабел (B) и негативниот приклучок за помошно стартување.



H83385 —UN—11JUL05


A—Позитивен кабел **C—Стегач**
B—Негативен кабел

12. Затегнете го стегачот на акумулаторот.

OUO6075,0000FBD -A8-10MAY12-3/4

13. Поставете го капакот (B) и затегнете го со претходно отстранетите завртки со глава (A).
14. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во насока на движењето на стрелките на часовникот во положба ВКЛУЧЕНО.

A—Шрафови со глава **B—Капак**




H83464 —UN—01JUN05

OUO6075,0000FBD -A8-10MAY12-4/4

Акумулатори — Отстранување и поставување (S680, S685 and S690)

1. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (A) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот во положба ИСКЛУЧЕНО.
2. Отстранете ги завртките со глава (B) и капакот (C) за да пристапите до акумулаторите.




H96582 —UN—30JUN10

A—Прекинувач за исклучување на акумулаторот
B—Завртки со глава (9 употребени)
C—Капак

OUO6075,000123E -A8-09OCT12-1/2

3. Отстранете го стегачот (A) и цевките за вентилација на акумулаторот.
4. Одвојте го позитивниот (+) кабел (B) и негативниот (-) кабел (C).
5. Исчистете ги акумулаторите и површината за монтирање на акумулаторот.
6. Поставетете ги акумулаторите во кутијата за акумулатори.
7. Исчистете ги каблите на акумулаторот, приклучоците и повторно поврзете ги цевките за вентилација на акумулаторот.
8. Приклучете го позитивниот (+) кабел и негативниот (-) кабел.
9. Поставете и затегнете го стегачот на акумулаторот.
10. Поставете го капакот и затегнете го со претходно отстранетите завртките со глава.
11. Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во насока на движењето на стрелките на часовникот во положба ВКЛУЧЕНО.




H96583 —UN—30JUN10

A—Стегач
B—Позитивен кабел
C—Негативен кабел


OUO6075,000123E -A8-09OCT12-2/2

Прекинувач за исклучување на акумулаторот



H83428 —UN—01JUN05

S660 и S670



H96585 —UN—30JUN10

S680, S685 и S690

A—Прекинувач за исклучување на акумулаторот

ВАЖНО: Final Tier 4/Stage IV: Акумулаторот не треба да го исклучувате најмалку 90 секунди откако ќе ја ИСКЛУЧИТЕ машината. За тоа време катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) автоматски ги прочистува цевките од течноста за издув на дизел мотор (DEF), веднаш по ИСКЛУЧУВАЊЕТО на машината. Ако нема доволно време тогаш не е дозволено линиите да се прочистуваат, било која течност што останува во линиите може да кристализира и да ги запуши линиите. Во екстремно студено време, течноста ќе замрзне и вероватно ќе ги пукне линиите.

ЗАБЕЛЕШКА: Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот во положба OFF (исклучено) ако машината била складирана повеќе од 25 денови. Ако периодот на складирање бил повеќе од 90 денови, отстранете го негативниот крај на акумулаторите за да го намалите оптоварувањето на акумулаторите.

Завртете го прекинувачот за исклучување на акумулаторот (A) во насока на движењето на стрелките на часовникот за да го ВКЛУЧИТЕ електричниот систем или завртете го прекинувачот во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го ИСКЛУЧИТЕ електричниот систем на машината.

OUO6075,000179C -A8-13MAR14-1/1


Капак на центарот за осигурувачи

ЗАБЕЛЕШКА: Центарот за осигурувачи се наоѓа на десната страна за машини S660 и S670 и на левата страна кај машини S680, S685 и S690.

Резервните осигурувачи и извлекувачот на осигурувач се наоѓаат под капакот.

Притиснете го јазичето за блокирање (A) и завртете го капакот (B) во насока спротивна на движењето на стрелките на часовникот за да го отворите центарот за осигурувачи.


A—Јазиче за блокирање **B—Капак**



H105753 —UN—04OCT12

OUO6075,0001545 -A8-19JUN13-1/1

Центар за осигурувачи



H105754 —UN—05SEP12

ЗАБЕЛЕШКА: Центарот за осигурувачи се наоѓа на десната страна за машини S660 и S670 и на левата страна кај машини S680, S685 и S690.

- F1 — F2 не е во употреба
- F3 (cc# 0642) Десна контролна единица 2 (RC2) напојување 1
- F6 (cc# 0652) Десна контролна единица 2 (RC2) напојување 2
- F7 (cc# 0342) Десна контролна единица 1 (RC1) напојување 1
- F8 (cc# 0842) Лев модул за напојување 1B (LPM1B) напојување 2
- F9 (cc# 0362) Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 5
- F10 (cc# 8232) Контролна единица на кабината (CAB) напојување 2
- F11 (cc# 0332) Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 3
- F12 (cc# 0322) Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 2
- F13 — Не се користи
- F14 (cc# 8022) Модул за напојување на кабината A (CPMA) напојување 1
- F15 (cc# 0352) Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 4
- F16 — Не се користи
- F17 (cc# 0912) Напојување на сензорот за влага
- F18 (cc# 0372) Десна контролна единица 1 (RC1) напојување 2
- F19 (cc# 8042) Модул за напојување на кабината A (CPMA) напојување 3
- F20 (cc# 8162) Сводно светло и серво ретровизори
- F21 (cc# 8132) Модул за напојување на кабината B (CPMB) напојување 4
- F22 (cc# 8002) Контролна единица на кабината (CAB) напојување 1
- F23 (cc# 8122) Модул за напојување на кабината B (CPMB) напојување 3
- F24 (cc# 8142) Модул за напојување на кабината B (CPMB) напојување 5
- F25 — Не се користи
- F26 (cc# 8992) Разно напојување на кабината 3
- F27 (cc# 0152) Лева контролна единица 1 (LC1) напојување 2
- F28 (cc# 8182) Напојување на вентилаторот за рециркулација 2
- F29 (cc# 8082) Напојување на вентилаторот за рециркулација 1
- F30 (cc# 8242) Непремостено напојување на помошниот излез
- F31 (cc# 0012) Непремостено напојување на акумулаторот
- F32 (cc# 0142) Лев модул за напојување 1A (LPM1A) напојување 4
- F33 (cc# 8092) Дополнително напојување
- F34 (cc# 0112) Лев модул за напојување 1A (LPM1A) напојување 1
- F35 — Не се користи
- F36 (cc# 0312) Десен модул за напојување 1 (RPM1) напојување 1
- F37 (cc# 8172) Компресор на седиштето
- F38 (cc# 8072) Разно напојување на кабината 1
- F39 (cc# 4972) AutoTrac™ (SSU/XSC) непремостено напојување
- F40 (cc# 8052) Модул за напојување на кабината A (CPMA) напојување 4
- F41 (cc# 8032) Модул за напојување на кабината A (CPMA) напојување 2
- F42 (cc# 8152) Разно напојување на кабината 2
- F43 (cc# 5222) Контролна единица на моторот (ECU) напојување 3
- F44 (cc# 0712) Лев модул за напојување 2B (LPM2B) напојување 1

Продолжува на следната страница


- F45 (cc# 0122) Лев модул за напојување 1A (LPM1A) напојување 2
- F46 (cc# 0132) Лев модул за напојување 1A (LPM1A) напојување 3
- F47 (cc# 8192) Напојување за автоматска контрола на температурата (ATC)
- F48 (cc# 5012) Контролна единица на моторот (ECU) напојување 1
- F49 (cc# 8062) Модул за напојување на кабината A (CPMA) напојување 5
- F50 — Не се користи
- F51 (cc# 0162) Лева контролна единица 1 (LC1) напојување 1
- F52 — Не се користи
- F54 (cc# 0422) Напојување на контролна единица на преносот ProDrive™ (PTP) (ако постои)
- F55 (cc# 5022) Контролна единица на моторот (ECU) напојување 2
- F56 (cc# 5042) Пумпа за трансфер на гориво
- F57 (cc# 0222) Лев модул за напојување 2B (LPM2B) напојување 2
- F58 — Не се користи
- F62 — Не се користи
- F63 (cc# 5062) Напојување на дозната пумпа
- F64 (cc# 0212) Лев модул за напојување 2A (LPM2A) напојување 1
- F67 — Не се користи
- F68 (cc# 0172) Лев модул за напојување 1A (LPM1A) напојување 5
- F69 (cc# 0972) Напојување 2 на дробилката за остатоци Flex (ако постои)
- F70 — Не се користи
- F71 — Не се користи
- F73 (cc# 0252) Лева контролна единица 2 (LC2) напојување 1
- F74 (cc# 0972) Напојување 1 на дробилката на остатоци Flex (ако постои)
- F75 — F77 Не се користи
- F78 (cc# 0242) Лева контролна единица 2 (LC2) напојување 1
- F79 — Не се користи
- F80 (cc# 0722) Лев модул за напојување 2B (LPM2B) напојување 2

OUO6075,000159C -A8-25JUN13-2/2

Правила за безбедност при заменување халогенски светилки

ВНИМАНИЕ: Халогенските светилки (A) содржат гас под притисок. Неправилното ракување со светилка може да предизвика нејзино распрскување во мали делови. За да избегнете можна повреда:

- **Исклучете го прекинувачот за светла и почекајте светилките да се изладат пред да ги променувате светилките. Оставете го прекинувачот исклучен сè додека не е готово заменувањето на светилката.**
- **Носете заштита за очи кога ја променувате светилката.**
- **Држете ја светилката за нејзината основа. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.**
- **Користете чиста крпа и алкохол за да отстраните отпечатоци од прсти од стаклото на светилката пред да ја поставите. Ако се наталожи масло на светилката, тоа ќе предизвика прегревање и прерано откажување.**
- **Немојте да ја испуштите или да ја гребете светилката.**
- **Држете ја светилката подалеку од влага.**
- **Не користете ја светилката надвор од нејзиниот затворен простор. Светилката има висок внатрешен притисок и ако напука или се скрши може да експлодира и да предизвика повреда.**



TS266 —UN—23AUG88



H59774 —UN—30AUG99

A—Халогенска светилка

- **Поставете ја искористената светилка во пакувањето на новата светилка и отстранете ја прописно. Држете подалеку од деца.**

OUO6075,0001356 -A8-12DEC12-1/1

Светилка на предно светло на кабината — заменување

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на предното светло (B).

Ротирајте го куќиштето на светлото кон надвор од кабината.

Завртете го склопот на светилката (C) во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.


ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Заменете ја светилката.


Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето.

Завртете го куќиштето на светлото во претходната работна положба и поврзете го кабелскиот сноп.

Повторете на останатите светла, по потреба.



H96621 —UN—25MAY10



H96622 —UN—25MAY10

A—Приклучок
B—Склоп на предно светло
C—Склоп на светилка

OUO6075,0000784 -A8-04NOV10-1/1


Предни светла на кабината — нагодување

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

Вертикално нагодување: Олабавете ја завртката со глава (A). Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката со глава. Повторете на останатите светла, по потреба.

Хоризонтално нагодување: Завртете го склопот на светлото кон лево или десно во посакуваната положба. Повторете на останатите светла, по потреба.



H96624 —UN—25MAY10

A—Завртка со глава

OUO6075,0001052 -A8-27FEB12-1/1

Халогенска светилка за светло на кабината — заменување

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

Отстранете ги завртките (A) и леќата на предната плоча (B) од куќиштето.

Стиснете ги држачите (C) за да го отстраните склопот на светилката (D).

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Извадете и заменете ја светилката.

Прикачете го склопот на светилката со користење на држачите на основата на светилката.


Порамнете ги леќите на предната плоча со приклучокот внатре во куќиштето и застегнете ги со завртките.

Повторете на останатите светла, по потреба.

A—Шрафови
B—Леќа на предна плоча
C—Држач
D—Склоп на светилка



H96625 —UN—25MAY10



H96626 —UN—25MAY10


OUO6075,0000787 -A8-04NOV10-1/1

Халогенски светла на кабината — нагодување

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

Олабавете ја завртката со глава (A). Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката со глава. Повторете на останатите светла, по потреба.



H96628 —UN—25MAY10

A—Завртка со глава

OUO6075,0001053 -A8-27FEB12-1/1

Светилка за светло на контролната табла (ако постои) — заменување

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката (B).


Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Извадете и заменете ја светилката.

Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето и поврзете го кабелскиот сноп.

Повторете на останатите светла, по потреба.



H98976 —UN—02NOV10

A—Приклучок **B—Склоп на светилка**

OUO6075,0000A6F -A8-04NOV10-1/1

Светилка за ниско транспортно светло (ако постои) — заменување

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката (B).


Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Извадете и заменете ја светилката.

Притиснете го склопот на светилката и завртете го во насока на движењето на стрелките на часовникот во куќиштето и поврзете го кабелскиот сноп.

Повторете на останатите светла, по потреба.



H96629 —UN—02NOV10

A—Приклучок **B—Склоп на светилка**

OUO6075,0000A70 -A8-04NOV10-1/1


Светилка за ниско транспортно светло (ако постои) — нагодување

ВНИМАНИЕ: Целосно спуштете ја доставната комора пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

Нагодете ги завртките (A) за да го завртете склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете со завртките. Повторете на останатите светла, по потреба.

A—Завртки




H98977 —UN—02NOV10

OUO6075,0001054 -A8-27FEB12-1/1

Правила за безбедност при заменување ксенонски светла со висок интензитет на празнење (HID)

ВНИМАНИЕ: Неправилното ракување со светилка може да предизвика нејзино распрскување во мали делови. За да избегнете можна повреда:

- **Исклучете го прекинувачот за светла и почекајте светилките да се изладат пред да ги променувате светилките. Оставете го прекинувачот исклучен сè додека не е готово заменувањето на светилката.**
- **Висок напон поминува низ електричното поврзување помеѓу светлата и единицата за баласт; ова поврзување не смее никогаш да биде исклучено без претходно исклучување на кабелскиот сноп на возилото, а потоа баластот.**
- **Носете заштита за очи кога ја променувате светилката.**
- **Држете ја светилката за нејзината основа. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.**
- **Користете чиста крпа и алкохол за да отстраните отпечатоци од прсти од стаклото на светилката пред да ја поставите. Ако се наталожи масло на светилката, тоа ќе предизвика прегревање и прерано откажување.**



TS266 —UN—23AUG88

- **Немојте да ја испуштите или да ја гребете светилката.**
- **Држете ја светилката подалеку од влага.**
- **Не користете ја светилката надвор од нејзиниот затворен простор. Светилката има висок внатрешен притисок и ако напука или се скрши може да експлодира и да предизвика повреда.**
- **Поставете ја искористената светилка во пакувањето на новата светилка и отстранете ја прописно. Држете подалеку од деца.**

OUO6075,0001357 -A8-12DEC12-1/1


Светилка за светло со висок интензитет на празнење (ксенон) (изборно) — заменување

ВНИМАНИЕ: Избегнете сериозна повреда или смрт од струен удар или експлозија на ламбата. Ламбите се напојувани со 25.000 волти. Пред да работите на HID-ксенонски светла или баласт, осигурете дека светлата се ИСКЛУЧЕНИ, моторот е ИСКЛУЧЕН, сопирачката за паркирање е поставена и дека носите соодветна заштита за очите.

Ако претходно сте работиле со светлата, почекајте најмалку пет минути пред да ја сервисирате светилката.

Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

Ксенонските светла (A) со висок интензитет на празнење (HID) се наоѓаат на двете страни од кабината, како што е покажано.




H966644 —UN—27MAY10


A—HID-ксенонски светла

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000790 -A8-04NOV10-1/2



H96646 —UN—27MAY10



H96634 —UN—26MAY10

Ротирајте го куќиштето на светлото (A) кон надвор од кабината.

Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (B) од склопот на светлото.

Отстранете ги завртките со кружна глава на приклучницата (C) и отстранете го задното куќиште (D).

Отворете го јазичето за заклучување (E) и отстранете ја HID-ксенонската светилка (F).

ВАЖНО: Ракувајте ја светилката за нејзината основа и избегнувајте да го допирате стаклото.

Извадете и заменете ја светилката.

Поставете го задното куќиште на куќиштето на светлото и затегнете го со завртките со кружна глава на приклучницата.

Поврзете го кабелскиот сноп и завртете го куќиштето на светлото во претходната работна положба.

Повторете на останатите светла, по потреба.



H96635 —UN—26OCT10

A—Куќиште на светло
B—Приклучок
C—Завртки со кружна глава на приклучницата (3 употребени)
D—Задно куќиште
E—Јазиче за заклучување
F—HID-ксенонска светилак

OUO6075,0000790 -A8-04NOV10-2/2


Светла со висок интензитет на празнење (ксенон) (изборно) — нагодување

ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување или нагодување на предните светла.

ЗАБЕЛЕШКА: Склоповите на светло можат да се нагодуваат по потреба за да се постигнат точни агли на осветлување.

Вертикално нагодување: Олабавете ја завртката со глава (A). Завртете го склопот на светлото кон нагоре или надолу во посакуваната положба и затегнете ја завртката со глава. Повторете на останатите светла, по потреба.

Хоризонтално нагодување: Завртете го склопот на светлото кон лево или десно во посакуваната положба. Повторете на останатите светла, по потреба.




H96647 —UN—27MAY10


A—Завртка со глава

OUO6075,0001055 -A8-27FEB12-1/1

Замена на сигнални светла (светилки без диоди што емитираат светлост, т.е. LED диоди)



H111426 —UN—12JUN14



H96614 —UN—25MAY10

⚠ ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување на светилниците.

Притиснете ја кон надолу леќата (A) и завртете во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да ја отстраните.


Отворете го држачот (B) од јазичето за заклучување (C).

Отстранете го склопот на светилката (D) од приклучокот (E).

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

Заменете ја светилката и поставете во обратен редослед.

Повторете на останатите светла, по потреба.



H96615 —UN—25MAY10

A—Леќи
B—Осигурувач
C—Јазиче за заклучување
D—Склоп на светилка
E—Приклучок

OUO6075,0001838 -A8-12JUN14-1/1


Замена на сигнални светла (светилки со диоди што емитираат светлост, т.е. LED диоди)

⚠ ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник пред да вршите заменување на светилниците.

ЗАБЕЛЕШКА: Светлосно емитирачките диоди, т.е. ЛЕД се потребни за да се исполнат локалните и владините регулативи, поради потребните барања за висина при патен превоз кога се инсталирани 710/70R42 гумите.

Олабавете ја навртката од крилото (A) и отстранете го сигналното светло (B) од електричниот приклучок.

Заменете го сигналното светло и поставете по обратен редослед.



H111428 —UN—12JUN14

A—Крилеста навртка **B—Светилник**

Повторете на останатите светла, по потреба.

SS43267,0000593 -A8-26MAR15-1/1

Светла за празнење, помошни теренски светла, работни светла на пристапната врата, светла за стрниште, светло на резервоарот за зрна и светло на растоварната спирала — заменување


Одвојте го приклучокот на кабелскиот сноп (A) од склопот на светилката.

Завртете го склопот на светилката во насока спротивна од движењето на стрелките на часовникот за да го извадете.

Извадете и заменете ја светилката.

ЗАБЕЛЕШКА: Резервните светилки се осетливи на допир со кожата. Носете заштитни ракавици или избегнувајте да ја допирате површината на светилката.

F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
Задни гуми 1 = 500/85R24.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

SS43267,000055F -A8-27MAR15-1/1

Барања за баласт (S685 HillMaster™ и S690 HillMaster™)

ЗАБЕЛЕШКА: Барањата за баласт варираат врз основа на конфигурацијата.

Барањата за баласт базирани на стандардна проценета конфигурација за пченка, 133 L (35 gal.) гориво во резервоар и полн житен резервоар. Тоа може да не се однесува на сите сценарија.

Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на две тркала		Погон на четири тркала		Погон на две тркала		Погон на четири тркала	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	0	0	0	0
608C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
630R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625D	0	0	0	0	NR	1	0	0
630D	0	0	0	0	NR	NR	NR	1
630X	0	0	0	0	0	0	0	0

BPU = Појасна пикап платформа
R = Ригидна платформа
F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
Задни гуми 1 = 500/85R24.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company


SS43267,0000560 -A8-27MAR15-1/1

Налепница за положби на џеб за дигалка

⚠ ВНИМАНИЕ: Секогаш испразнете го резервоарот за зрна пред да ја подигнувате машината.

Блокирајте ги и двете страни на гумите за да спречите движење на машината.

Налепницата за положби на џебот за дигалка (A) се наоѓа на скалата на кабината. Налепницата ги прикажува точните положби за подигнување на машината со користење на соодветни дигалки.



H106687 —UN—24JAN13

A—Налепница за положби на џеб за дигалка

OUO6075,0001392 -A8-24JAN13-1/1

Разработување на моторот

S660 и S670, S680 и S690 (ниво 2/фаза II)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло John Deere Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Ако моторното масло Break-In™ се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот по најмногу 100 часови.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ се користи, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 работни часови, а најмногу за периодот наведен за маслата John Deere Plus-50™ II или Plus-50™ (за повеќе информации погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

ВАЖНО: НЕ додавајте масло за надоместување, сè додека нивото на маслото не е под ознаката 'ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.


НЕ употребувајте моторно масло Plus-50™ или Plus-50™ II за време на периодот на разработување на нов мотор или на мотор на кој е извршен главен ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.

За време на периодот на разработување почесто проверувајте го нивото на моторното масло. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ наполнувајте над ознаката FULL (ПОЛНО). Нивото на масло во рамките на штрафираното подрачје се смета за прифатлив работен опсег.


ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.

Избегнувајте продолжени периоди на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во празен од повеќе од 5 минути, исклучете го моторот.




H95375 —UN—16FEB10

S660 и S670 (Tier 2/Stage II)



H95419 —UN—19FEB10

S680 и S690 (ниво 2/фаза II)



H112961 —UN—17FEB15

A—Шипка за мерење

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II, John Deere Plus-50™ или масло со сезонски степен на вискозност (за препораки за масло, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Продолжува на следната страница

SS43267,0000565 -A8-19MAR15-1/6

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ), додајте масло по потреба (за препораки за масло, погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи).

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Break-In е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

Продолжува на следната страница

SS43267,0000565 -A8-19MAR15-2/6

S660, S670, S680, S685, и S690 (ниво 4/фаза IV)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

За време на почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 работни часови и најмногу за интервалот наведен за маслото John Deere Plus-50™ (за понатамошни информации, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

Ако едно од овие масла се користи за почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 часови, а најмногу за 400 часови.

ВАЖНО: НЕ додавајте дополнително масло додека нивото на маслото е ПОД ознаката ADD (B) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.

НЕ употребувајте моторно масло Plus-50™ или Plus-50™ II за време на периодот на разработување на нов мотор или на мотор на кој е извршен главен ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.


За време на периодот на разработување почесто проверувајте го нивото на моторното масло. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ полнете над ознаката FULL (C). Нивото на масло во рамките на штрафираното подрачје се смета за прифатлив работен опсег.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.


Избегнувајте продолжени период на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во празен од повеќе од 5 минути, исклучете го моторот.

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II или друго масло за дизел мотор (за препораки за масло, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).




H95306 —UN—11FEB10

S660 и S670



H95396 —UN—17FEB10

S680, S685, и S690



H113142 —UN—11MAR15

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е целосно завртена во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на масло треба да биде меѓу ADD и врвот на накрсно изрежаната област на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ADD, додадете масло колку што треба (видете во делот за гориво и подмачкувачи за препораки за масло).

Продолжува на следната страница

SS43267,0000565 -A8-19MAR15-3/6

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката ADD на шипката за мерење.

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere и Company

SS43267,0000565 -A8-19MAR15-4/6

Сите машини

Ако темпрературата на воздухот е под -10°C (14 °F) користете го грејачот на моторниот блок (ако има во опрема).

Индикаторот за температура треба да биде во зелената зона (A) за време на нормалното работење.

ВАЖНО: Спречете можно оштетување на моторот. Не ИСКЛУЧУВАЈТЕ го моторот ако предупредувачкото светло за температурата е ВКЛУЧЕНО или ако лентите се во црвената зона. ИСКЛУЧУВАЊЕТО на моторот предизвикува температурата на разладното средство уште повеќе да се зголеми, што предизвикува оштетување на машината. Намалете го оптоварувањето и нека моторот работи на пониска брзина за да се намали температурата на разладното средство. Ако температурата не се намали брзо, исклучете го моторот и одредете ја причината пред да продолжите со работењето.

Внимателно набљудувајте го мерачот на температурата. Ако мерачот се движи во црвената зона, намалете го оптоварувањето на моторот и одредете ја причината пред да продолжите со работењето.



H105918 —UN—05OCT12

A—Зелена зона (нормално работење)


SS43267,0000565 -A8-19MAR15-5/6

Проверувајте го нивото на разладното средство периодично и внимавајте од знаци на истекување. Отстранете го капакот на напливниот резервоар (A), додадете разладно средство во напливниот резервоар и наполнете до линијата ”Max Cold” (макс. ладно) (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите ”Max Cold” (макс. ладно) и ”Min Cold” (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата ”Min Cold” (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

A—Капак на напливниот резервоар

B—Линија Max Cold (макс. ладно)



H105922 —UN—05OCT12

SS43267,0000565 -A8-19MAR15-6/6

Нагодување на ременските погони - првите 50 работни часови

ВНИМАНИЕ: Никогаш не ги проверувајте или нагодувајте ременските погони во текот на работата на моторот. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Проверете ги сите нагодувања на затезната навртка на пружина по првите 50 работни часови. Повеќето оптегнувања на ременот се случуваат во првите работни часови.

По првите нагодувања, проверете го нагодувањето на ременот по потреба. Подлошката на загегнубвачот на пружината треба да е во положбата мешу крајот на мерачот и дното на скалата.

OUO6075,000056C -A8-14JAN10-1/1

Проверки при стартување на моторот во првите 100 работни частови

Работете со машината 10 часови дневно (погледајте го поглавјето Подмачкување и одржување).


Следете го приказот CommandCenter за дијагностичките кодови за грешка во температура на моторот и притисок на моторното масло. Ако кодовите се појават во текот на калибрирање на машината, видете во поглавјето Дијагностички кодови на грешки., за понатамошни информации.

Проверете го нивото на моторно масло (ако е потребно, додадете John Deere Break-In Oil) и нивото на разладното средство почесто и проверувајте ги знаковите на истекување.


Проверете цревата на системот за влез на воздух и спојките на системот за влез на воздух се стегнати.

OUO6075,000056D -A8-14JAN10-1/1

Сервисирање во периодот на разработување после 100 работни часови (Tier 2/Stage II)



H81205 —UN—15JUN04



H95377 —UN—16FEB10


S660 и S670

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (A) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.

Отстранете и задржете го капакот и соодветно фрлете го филтерот за масло (B).

Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со соодветно количество моторно масло (за спецификации за маслото, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Гориво и подмачкувачи).




H95420 —UN—09MAR10

S680 и S690


A—Одвод **B—Филтер за маслото**

OUO6075,0001554 -A8-09JUL13-1/1

Сервисирање во периодот на разработување после 400 работни часови (Final Tier 4/Stage IV)



H81205 —UN—15JUN04



H95310 —UN—11FEB10


S660 и S670

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (A) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.

Отстранете и задржете го капакот и соодветно фрлете го филтерот за масло (B).

Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со соодветно количество моторно масло (за спецификации за маслото, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Гориво и подмачкувачи).




H95397 —UN—17FEB10

S680, S685 и S690

A—Одвод **B—Филтер на маслото**


SS43267,0000566 -A8-19MAR15-1/1

Ниво на масло во моторот




H95375 —UN—16FEB10

S660 и S670 (Tier 2/Stage II)




H95419 —UN—19FEB10

S680 и S690 (ниво 2/фаза II)



H95306 —UN—11FEB10

S660 и S670 (конечно ниво 4/фаза IV)



H95396 —UN—17FEB10

S680, S685 и S690 (конечно ниво 4/фаза IV)


ВАЖНО: Од суштинско значење е да го одржувате пропишаното ниво на моторно масло за да обезбедите долг сервисен век. Проверете го нивото на моторното масло кога машината е паркирана на рамна површина.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Дневно проверувајте го нивото на масло во моторот со шипката за мерење (A). Не работете со моторот кога нивото на маслото е под ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.


Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката"ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ), додајте масло по потреба (за препораки за масло, погледнете во поглавјето Гориво и подмачкувачи).

A—Шипка за мерење
B—ADD Ознака (за додавање)
C—FULL Ознака (за полно)



H112961 —UN—17FEB15

Ниво 2/фаза II




H113142 —UN—11MAR15

Конечно ниво 4/фаза IV


SS43267,0000568 -A8-19MAR15-1/1

Ниво на хидростатичкото/хидрауличното масло



H97523 —UN—04AUG10

S660 и S670



H106938 —UN—14FEB13


S680, S685 и S690

Проверете го нивото на хидростатичкото/хидрауличното масло додека хедерот е на земјата и сите цилиндри се вовлечени. Нивото на маслото треба да биде до врвот на окното за проверка (A) со целосно спуштена доставна комора. Додајте масло по потреба, но не пренаполнувајте.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот пред да го проверувате хидрауличното масло во запчестиот преносник. Маслото не смее да биде под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење (B).

A—Окно за проверка

B—Шипка за мерење



H1106937 —UN—14FEB13

Ниво на хидрауличното масло (запчест преносник на моторот)

OUO6075,0001557 -A8-19JUN13-1/1


Ниво на разладното средство

ВАЖНО: На напливниот резервоар се користи специјален капак. Ако капакот е оштетен или недостига, мора да биде заменет со еквивалентен капак.

Дозволете моторот да се олади. Разладното средство во напливниот резервоар треба да биде на линијата ”Max Cold” (макс. ладно) (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите ”Max Cold” (макс. ладно) и ”Min Cold” (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата ”Min Cold” (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

A—Линија Max Cold (макс. ладно)



H105923 —UN—05OCT12

OUO6075,000128C -A8-17OCT12-1/1


Систем за гориво

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да извршувате работи за одржување на филтрите за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека садот на предчистачот е целосно поставен за да се спречи навлегување на воздух во системот за гориво.

Затворете го вентилот за прекин на гориво сместен на резервоарот за гориво.

Отстранете го садот на предчистачот (A) и исчистете ја преградата ако е користено нечисто гориво.



H98377 —UN—30SEP10

Сад на предчистачот на горивото (сите машини)

A—Сад на предчистачот


SS43267,0000569 -A8-19MAR15-1/4

S660 и S670 (Tier 2/Stage II)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Отворете го одводот (C) за да проверите дали системот за гориво има вода во второстепениот елемент (D) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Ако проблемот сè уште постои, променете ги филтрите за гориво (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).



H104937 —UN—28FEB12


A—Одвод
B—Главен филтер за гориво
C—Одвод
D—Второстепен филтер за гориво

SS43267,0000569 -A8-19MAR15-2/4

S680 и S690 (Tier 2/Stage II)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Ако проблемот сè уште постои, променете ги филтрите за гориво (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).



H104938 —UN—28FEB12

A—Одвод
B—Главен филтер за гориво

Продолжува на следната страница


SS43267,0000569 -A8-19MAR15-3/4

S660, S670, S680, S685 и S690 (конечно ниво 4/фаза IV)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).


Ако се користи нечисто гориво, заменете го филтерот (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

A—Одвод **B—Главен филтер за гориво**



H104939 —UN—28FEB12

S660 и S670



H104940 —UN—28FEB12


S680, S685 и S690

SS43267,0000569 -A8-19MAR15-4/4

Одушник на резервоарот за гориво

Визуелно проверувајте го еднаш неделно одушникот на резервоарот за гориво (A). Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

A—Одушник на резервоарот за гориво




H106003 —UN—23OCT12

OUO6075,00012CA -A8-27JUN13-1/1

Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF) (конечно ниво 4/фаза IV)

Визуелно проверувајте го оддишникот на резервоарот (A) на течноста за издув на дизел моторот (DEF), седмично. Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Доколку оддишникот е покриен со нечистотија, тоа не му дозволува на резервоарот да диши. Отстранете го оддишникот од цревото и исчистете.

A—Оддишник на резервоар на течност за издув на дизел мотор (DEF)



H106799 —UN—05FEB13

OUO6075,00013BC -A8-27JUN13-1/1

Положби на лопатката за воздух на моторот

ЗАБЕЛЕШКА: Пред работа во поле, проверете го лостот за воздух на моторот да е поставен во избраната положба за работа во поле.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете ја лопатката за воздух на моторот во посакуваната положба.

Положба за транспорт:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е поместена во положба за транспорт (1) кога машината мора да биде транспортирана.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт) во ова поглавје.

Положба за стандардна теренска работа:


ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за стандардна теренска работа (2) кога работите во нормални теренски услови.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа) во ова поглавје.

Положба за продолжена теренска работа:

ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.



H106789 —UN—05FEB13


A—Клин за блокирање
1— Положба за транспорт
2— Положба за стандардна теренска работа
3— Положба за продолжена теренска работа

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за продолжена теренска работа (3) за зголемен капацитет на ладење кога вршите жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.


За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа) во ова поглавје.

OUO6075,0001825 -A8-05JUN14-1/1

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа)



H111372 —UN—05JUN14



H111378 —UN—06JUN14

Положба за транспорт


A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Навртки, M8 (употребени се 2)
D—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.


1. Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја лопатката за воздух кон надвор додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете ги навртките (C) и држачот (D).
3. Поставете ги претходно отстранетите навртки назад на завртките со глава.

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001827 -A8-06JUN14-1/2



H111392 —UN—06JUN14



H111393 —UN—06JUN14


Положба за стандардна теренска работа

A—Завртка со глава, M8 x 40
B—Носач
C—Носач
D—Навртки, M8 (употребени се 2)


4. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (A) низ држачот (B) како што е прикажано.
5. Поставете го држачот (C) како што е прикажано и прицврстете со навртките (D).

OUO6075,0001827 -A8-06JUN14-2/2

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа)



H111373 —UN—05JUN14



H111386 —UN—06JUN14


Положба за транспорт

A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)
D—Плоча
E—Навртка, M8 (употребени се 2)
F—Носач


ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

1. Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја лопатката за воздух кон надвор додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава (C) од панелот (D).
3. Отстранете ги навртките (E) и носачот (F).

Продолжува на следната страница



H111394 —UN—06JUN14



H111395 —UN—06JUN14

Положба за продолжена теренска работа


A—Навртки, M8 (употребени се 2)
B—Завртки со глава, M8 x 40 (употребени се 2)
C—Носач
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)

4. Поставете ги претходно отстранетите навртки (A) назад на завртките со глава.
5. Поместете го лостот за воздух нанадвор и поставете ја завртката со глава (B) низ држачот (C) како што е прикажано.
6. Поставете го држачот (D) како што е прикажано и прицврстете со навртките (E).

OUO6075,0001828 -A8-06JUN14-2/3

7. Поставете го претходно отстранетиот панел (A) и прицврстете со завртките со глава (B).


A—Плоча
B—Завртки со глава, M8 x 25 (употребени се 3)




H111396 —UN—06JUN14

OUO6075,0001828 -A8-06JUN14-3/3

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт)



H111371 —UN—05JUN14



H111374 —UN—06JUN14

Положба за стандардна теренска работа


A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Завртки со глава, M8 x 40 и навртки, M8 (употребени се 2)
D—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.


ЗАБЕЛЕШКА: Пред да работите на терен, лопатката за воздух на моторот мора да биде поместена во избраната положба за теренска работа.

1. Повлечете го клинот за заклучување (A) и поместете ја лопатката за воздух кон внатре додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете ги и сочувајте ги завртките со глава и навртките (C) и држачот (D).

Продолжува на следната страница



H111390 —UN—06JUN14



H111391 —UN—06JUN14

Положба за транспорт


A—Носач
B—Завртка со глава, M8 x 40
C—Навртка, M8
D—Носач
E—Навртки, M8 (употребени се 2)
F—Завртка со глава, M8 x 40 и навртка, M8

3. Поместете го лостот за воздух навнатре и поставете ја завртката со глава низ држачот (A) како што е прикажано и прицврстете со навртка (C).
4. Поставете го претходно отстранетиот држач (D) и прицврстете со навртките (E).
5. Поставете ја претходно отстранетата завртка со глава и навртка (F) на држачот како што е прикажано.

OUO6075,0001826 -A8-06JUN14-2/2

Чистење на одделот за мотор

ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.




H95319 —UN—11FEB10

OUO6075,0000575 -A8-17MAR10-1/1

Чистење на филтер на издувни гасови

Сервисирање на машината или на приклучните уреди за време на чистење на филтерот на издувни гасови може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.

За време на автоматска или рачна/стационарна работа при чистење на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи температури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.



RG17488 —UN—21AUG09

DX,FILTER -A8-20JAN10-1/1


Предупредување за потребно запирање на машина

Случај на мандатно запирање на машина

ВАЖНО: Во некои ситуации, силата на машинскиот мотор може да биде намалена како што е опишано. При известување, веднаш поставете ја машината во безбедна состојба и или преместете ја на безбедно место. Мандатното запирање на машината може да биде отстрането единствено од страна на сервисен техничар.

Индикаторот за неисправност на системот за емисија на издувни гасови на моторот свети кога ќе се случи

RG22491 —UN—21AUG13



грешка што е поврзан со емисијата на издувните гасови.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-1/6

Индикаторот за предупредување свети во ситуација кога е потребно дејство од страна на операторот.


RG22492 —UN—21AUG13



DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-2/6

Индикаторот за запрен мотор свети во ситуација кога е потребно неодложно дејство од страна на операторот и сервисирање.

RG22493 —UN—21AUG13



Продолжува на следната страница


DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-3/6

Настаната системска грешка кај емисијата на издувни гасови

Преостануваат 30 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за предупредување светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 30 минути до рестрикција на силата” кај машините со екран.

- Моторната сила е нормална.
- Работењето на машината е нормално.

RG26361 —UN—04SEP14




- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-4/6

Преостануваат 20 минути, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешка поврзана со емисијата на издувни гасови. Се прикажува “Помалку од 20 минути до рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила и вртливиот момент се намалени.
- Вклучен клуч - исклучен клуч привремено ќе обезбедат целосна сила.

RG26972 —UN—26MAR15




- Поставете ја машината во безбедносна состојба.
- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-5/6

Преостануваат 2 минути или помалку, индикаторите за неисправност на системот за емисија на издувни гасови кај моторот и индикаторите за запирање на моторот светат и алармот се огласува за да го предупредат операторот за грешката поврзана со емисијата на издувни гасови која не е поправена. Се прикажува “Рестрикција на силата” кај машините со екрани.

- Моторната сила е само во празен од.
- Поставете ја машината во безбедносна состојба.

RG26972 —UN—26MAR15



- Контактирајте ја сервисната услуга.

DX,MACHSTOPWARN,AG -A8-02OCT15-6/6

Преглед на издувниот филтерски систем (конечно ниво 4/фаза IV)

Вашата машина е опремена со мотор усогласен за емисија кој ги чисти и филтрира издувните гасови. При нормално работење со машината и со системот во АВТОМАТСКИ режим, системот има потреба од минимална интеракција од страна на возачот.

За да избегнете непотребно таложење на дизел честички или саѓи во системот на филтерот за издувни гасови;

- Употребете АВТОМАТСКИ режим на чистење на филтерот на издувните гасови
- Избегнувајте непотребно работење на моторот во место
- Користете соодветно моторно масло. Видете го поглавјето Горива и подмачкувачи за препораки.
- Користете само гориво со ултра ниско ниво на сулфур. Видете го поглавјето Горива и подмачкувачи за препораки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за информации за моторот.


Постојат два режими на системот за филтер за издувни гасови:

- Автоматски (A)
- Оневозможен (B)

H94480 —UN—31MAR10



Икона за информации за моторот



H109998 —UN—18MAR14

A—АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови
B—Исклучување на режимот за чистење на филтерот на издувните гасови
C—Икона за чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за чистење на филтер на издувни гасови во паркирана состојба (C) може да биде активна или неактивна (во сива боја) во зависност од нивото на рестрикција на филтерот за издувните гасови. Видете Чистење на филтер на издувни гасови во паркирана состојба понатаму во ова поглавје.

Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана положба е завршено или контактниот клуч е завртен. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во ова поглавје.

SS43267,00005A1 -A8-31MAR15-1/1

Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови

ВАЖНО: Исклучете го автоматскиот систем за чистење на издувни гасови само кога е потребно.

⚠ ВНИМАНИЕ: Кога чистењето во режимот АВТОМАТСКИ или ПАРКИРАН е вклучен, температурата на издувните гасови може да биде повисока во условите без товар или полесен товар и во одредено време во текот на циклус на чистење на филтерот за издувните гасови.

Исклучете го системот за чистење на филтерот за издувните гаосви во условите каде тоа не не безбедно за повисоки температури на издувните гасови.


Како на пример:

- Во затворен простор или под покров освен ако системот за надворешно вентирирање на издувните гаосви кај високи температури е поврзан.
- Кога нема доволно време машината да заврши со циклусот на чистење пред да се исклучи.
- Кај условите на висок ниво на прав или плева.
- Покрај подрачјето за полење со гориво.

OUO6075,000071B -A8-28JUN11-1/1

АВТОМАТСКИ режим на работа на издувниот филтерски систем (конечно ниво 4/фаза IV)

ЗАБЕЛЕШКА: Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана положба е завршено или контактниот клуч е завртен. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во ова поглавје.



H109999 —UN—18MAR14



H105919 —UN—05OCT12

АВТОМАТСКИ режим (A) му овозможува на системот на филтерот на издувни гасови интелигентно да врши чистење на филтерот кога тоа е потребно. Индикаторите на приказот во столпчето во аголот и приказот на потпирачот за рака му даваат информации на операторот поврзани со активноста на системот на филтерот на издувни гасови.

ВАЖНО: Може да настане оштетување на компонентите за чистење на издувните гасови ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека вршите чистење на филтерот на издувни гасови или кратко откако ќе заврши чистењето. Алармот се активира и на приказот се прикажува порака за предупредување. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на приказот за да овозможите компонентите да се изладат.

Индикаторот за чистење на филтерот за издувни гасови (B) се осветлува кога системот на филтерот за издувни гасови активно врши чистење на филтерот за издувни гасови.

Затнување на филтерот на издувни гасови — Во зависност од работните услови, системот на филтерот за издувни гасови може да побара промена во работењето. Екранот на потпирачот за рака ќе препорача промена во работењето.

A—АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови

B—Индикатор за чистење на филтерот за издувни гасови

OUO6075,000179F -A8-18MAR14-1/1

Паркирно прочистување на издувниот филтер (конечно ниво 4/фаза IV)

ВАЖНО: Може да настане оштетување на компонентите за чистење на издувните гасови ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека вршите чистење на филтерот на издувни гасови или кратко откако ќе заврши чистењето. Алармот се активира и на приказот се прикажува порака за предупредување. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на приказот за да овозможите компонентите да се изладат.

Чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба е автоматизиран процес кој му овозможува на системот да го исчисти филтерот на издувни гасови кога тоа е потребно. За време на процесот, брзината на моторот ќе биде контролирана од системот и машината мора да биде паркирана за да се заврши постапката. Времето потребно за процесот на чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана состојба зависи од нивото на затнување на филтерот, амбиентните температури и моменталната температура на издувните гасови. Приказот ќе го прикаже проценетото време на завршување.

Следете ги упатствата прикажани на приказот за да го завршите процесот на чистење на филтерот за издувни гасови во паркирана положба.

ЗАБЕЛЕШКА: Чистењето на филтерот на издувните гасови во паркирана положба може да надмине 40 минути.

Пред започнување на процесот за чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба:

- Поставете ја машината на отворено
- Вклучете ја сопирачката за паркирање
- ИСКЛУЧЕТЕ го хедерот и прекинувачите за сепараторот
- Поставете ја брзината на моторот на бавен празен од
- Сензорот за детекција на предмети на задната композитна плоча МОРА да биде чист и доволно оддалечен од какви било предмети

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за информации за моторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за чистење на филтерот за издувни гасови во паркирана положба (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи посакуваната икона:

- Икона за откажување (B) - овозможува операторот да ја откаже постапката.

H94480 —UN—31MAR10



Икона за информации за моторот



H110000 —UN—18MAR14



H112858 —UN—09FEB15

A—Икона за чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба

B—Икона за откажување

C—Икона за наредна страница

- Икона за наредна страница (C) - овозможува операторот да ја започне постапката.

Следете ги упатствата прикажани на останатите екрани.

ВАЖНО: За време на чистењето на филтерот, брзината на моторот ќе биде контролирана од машината.

Продолжува на следната страница

Откако ќе започне процесот, се појавува екран за статусот.

Процесот за чистење на филтерот во паркирана положба (слика A) има два чекора, подготовка и чистење. За време на чекорот за подготовка, системот на филтерот на издувни гасови ќе ја контролира брзината на моторот за да ја зголеми температурата на издувните гасови. За време на чекорот на чистење, од системот на филтерот на издувни гасови ќе се исчистат дизел честичките или саѓите.


Системот го информира (слика B) операторот кога ќе заврши чистењето на филтерот во паркирана положба. Ако не ја враќате машината на сервисирање веднаш после постапката, овозможете моторот да се врати во нормална работна температура пред да го исклучите.

ЗАБЕЛЕШКА: Во кое било време од постапката во паркирана положба, процесот може да се откаже со давање гас, активирање на преносот или со исклучување на моторот.

Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана положба е завршено. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во ова поглавје.



Слика A



Слика B

SS43267,00004F3 -A8-09FEB15-2/2

Предупредувачки пораки на екранот за ладење на моторот (конечно ниво 4/фаза IV)

Порака на екранот за неопходно ладење

ВАЖНО: Пораката на екранот се појавува кога моторот ќе се ИСКЛУЧИ за време на прочистувањето на издувниот филтер.

Може да настане оштетување на компонентите за чистење на издувните гасови ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека вршите чистење на филтерот на издувни гасови или кратко откако ќе заврши чистењето. Алармот се активира и на приказот се прикажува порака за предупредување. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на приказот за да овозможите компонентите да се изладат.

Кога контактниот клуч ќе се заврти на ИСКЛУЧЕНО за време на прочистувањето на издувниот филтер на екранот се појавува следново:

Неопходно ладење


Моторот ќе се рестартира за:

X Минути

Грешка во овозможувањето на ладење

Може да резултира компонентите да се

Оштетат



H108673 —UN—30JUL13

A—Одбројувач на времето

Запалете го моторот веднаш за да спречите оштетување на компонентите.

Одбројувачот на време (A) покажува кога е безбедно да се ИСКЛУЧИ контактниот клуч.

OUO6075,00015D1 -A8-31JUL13-1/3

Екран што покажува дека ладењето е во тек

Кога машината е рестартирана на екранот се појавува следнава:

Ладењето е во тек

Грешка во овозможувањето на ладење

Може да резултира компонентите да се


Оштетат

Машината може да се исклучи за

X Минути

Одбројувачот на време (A) покажува кога е безбедно да се ИСКЛУЧИ контактниот клуч.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (B) за влез/прифаќање е истакната за да се вратите на главното мени на комбајната.



H108674 —UN—30JUL13

A—Одбројувач на времето **B—Икона за внесување/прифаќање**

Продолжува на следната страница

OUO6075,00015D1 -A8-31JUL13-2/3

Порака на екранот за завршено ладење

Кога ладењето е завршено на екранот се појавува следнава:


Ладењето е завршено

Машината може да се исклучи

Машината е доволно ладна за да се спречи оштетување на компонентите.

Допрете или притиснете го прекинувачот за потврда кога иконата (A) за влез/прифаќање е истакната за да се вратите на главното мени на комбајната.

A—Икона за внесување/прифаќање




H108675 —UN—30JUL13

OUO6075,00015D1 -A8-31JUL13-3/3

Сензор за препознавање на предмети (конечно ниво 4/фаза IV)

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека сензорот не е попречен и не е покриен со кал или отпадоци од посевот.

Сензорот (A) кој се наоѓа на задната композитна плоча потврдува дека предметите се оддалечени повеќе од 2 m (6.5 ft.) од издувната пареа (покачени температури на издувните гасови) за време на процесот на чистење на филтерот на издувни гасови. Ако сензорот детектира дека има предмети поблиску од 2 m (6.5 ft.), системот ќе го прекине процесот на чистење на филтерот на издувни гасови.



H106571 —UN—16JAN13

A—Сензор

OUO6075,0001390 -A8-26JUL13-1/1

Катализаторски систем за селективно намалување (SCR) (конечно ниво 4/фаза IV)

ВАЖНО: Отстранувањето на компоненти или промена на системот за дополнителна обработка е нелегално. Исто така, противзаконски е да се користи течност за издув на дизел мотор (DEF), што не ги исполнува дадените спецификации или пак работење со возило без течност за издув на дизел мотор (DEF).

Користењето на погрешни и неодобрени компоненти за пост-обработка може да го оштети системот за пост-обработка на возилото и да ја намали исправната работна состојба на системот за пост-обработка. Никогаш не разменувајте делови кои се дополнително обработени помеѓу машините со следнава опрема: привремено ниво 4/фаза III B и конечно ниво 4/фаза IV.

ЗАБЕЛЕШКА: Катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) го надгледува квалитетот на течноста за издув на дизел моторот (DEF) што протекува низ него. Доколку се детектира течност различна од течноста за издув на дизел моторот (DEF) или се детектира неправилна концентрација на уреа, системот ќе прикаже код на утврдената грешка.

Катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) се снабдува со течноста за издув на дизел моторот (DEF), во дополнителниот моторен систем за обработка. Течноста за издув на дизел мотор (DEF) заедно со деловите кои се дополнително обработени допринесуваат за намелено количество на издувни гасови. Побарајте спецификации и информации за течност за издув на дизел (DEF) мотор во поглавјето за горива и подмачкувачи.

Електронските системи на машината го надгледуваат нивото на течност за издув на дизел мотор (DEF) за да се обезбеди нејзино соодветно работење. Аголниот екран го прикажува моменталното ниво (A) на течност за издув на дизел мотор (DEF). Кога нивото на течност за издув на дизел мотор (DEF) достигнува до одредени нивоа, системите го менуваат начинот на работа на машината. Препорачливо е резервоарот да се дополнува со течност за издув на дизел мотор (DEF), секој пат кога машината ќе се полни го гориво. Препорачливо е резервоарот да се дополнува со течност за издув на дизел мотор (DEF), секој пат кога машината ќе се полни го гориво. За повеќе информации погледнете во поглавјето за полнење и празнење на резервоарот за течност за издув на дизел мотор (DEF).



H106106 —UN—06NOV12

A—Индикатор на ниво на течноста за издув на дизел моторот (DEF)

Ниво на течност за издув на дизел мотор (DEF) и промени во работата:

- Кога нивото ќе достигне 10%, индикаторот за ниво трепка, алармот се озвучува и се појавува порака за ниско ниво на течност.
- Кога нивото ќе достигне 0%, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност и ограничена моќност на моторот.
- Кога ќе се достигне загуба на налевањето, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност, ограничена моќност на моторот и ограничена брзина. Предупредувачкиот индикатор за гаснење на моторот свети (Црвено) и функфионирањето на машината е оневозможено.

Течноста за издув на дизел мотор (DEF) замрзнува на температура од -11°C (12°F) и не може да протече до катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR). Системите ги насетуваат ниските температури и овозможуваат моторот да стартува дури и без проток на течност за издув на дизел мотор (DEF). Течноста за ладење на моторот се користи за одмрзнување на течноста во резервоарот на течност за издув на дизел мотор (DEF) додека моторот сеуште работи. Замрзнувањето и одмрзнувањето на течност за издув на дизел мотор (DEF) не го намалува нејзиниот квалитет.

OUO6075,0001303 -A8-26JUL13-1/1


Стартување на моторот

ВНИМАНИЕ: Проверете дека нема никого во близина на машината при стартувањето на моторот. Озвучете ја сирената за да ги предупредите другите лица.

Издувните гасови може да предизвикаат болест или смрт. Ако е потребно машината да работи во затворен простор, тогаш отстранете ги издувните гасови од тој простор со продолжена цевка што се поставува на издувната цевка.

Ако немате продолжена издувна цевка, тогаш отворете ги вратите за да влезе воздух од надвор.

1. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба.
2. Проверете дали прекинувачите за вклучување на хедерот (B) и на сепараторот (C) се на OFF (исклучено).



H95320 —UN—11FEB10

A—Повеќенаменска рачка
B—Прекинувач за вклучување на хедерот
C—Прекинувач за вклучување на сепараторот

Продолжува на следната страница

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената пред стартувањето на моторот за да ги предупредите другите да се оддалечат од машината.

За да ја избегнете можноста од лични повреди или смрт, стартувајте го моторот САМО од седиштето на возачот. Не го стартувајте моторот со краток спој на клемите на стартерот. Машината ќе стартува во брзина ако нормалната постапка е заобиколена.

ВАЖНО: За да не го оштетите стартерот, не работете со него подолго од 30 секунди при секој обид. Ако моторот не се стартува, почекајте најмалку две минути пред да се обидете повторно.


ЗАБЕЛЕШКА: Ако температурата е под -5 °C (23 °F), можеби ќе биде потребно да користите помош при стартувањето во студено време (видете Помош при стартување во студено време во делот Работење со моторот).

Кога контактниот клучот е вклучен на START се јавува задоцнување од неколку секунди. Ова овозможува контролните единици да се напојат, релеите да се затворат и соленоидот на стартерот да добие напон.

Ознаката под капакот на кутија за складирање на потпирачот за рака ги покажува информациите за стартување на моторот.

3. Свирнете со сирената и свртете го контактниот клуч (A), сместен на столбот за управување, во положба START (стартување).

   Положбите на клучот се:



H95321 —UN—02NOV10

A—Контактен клуч

Прва положба	Дополнителна опрема
Втора положба	OFF (исклучено)
Трета положба	Run (работи)
Четврта положба	Start (стартување)

ЗАБЕЛЕШКА: Дијагностичките кодови за грешки (DTC) ќе се прикажат ако кодот за запирање на моторот се појавува на приказот. Приказот го прекинува нормалното работење, укажувајќи на проблем кој бара машината да биде исклучена и проблемот веднаш да биде поправен. Кодовите ќе се прикажуваат сè до решавањето на проблемот. Ако проблемот не може да биде решен, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

4. Ослободете го клучот по стартувањето на моторот и оставете го моторот да работи пет минути во долен празен од за да се загрее маслото.

OUO6075,0000581 -A8-13DEC10-2/2

Исклучување на моторот

1. Спуштете го хедерот или релеј целосно до земја.
2. Поместете ја повеќенаменската рачка (A) во неутрална положба (B) и притиснете го прекинувач за ниската брзина на моторот (C).
3. Прекинувачите за вклучување на хедерот (D) и на сепараторот (E) се на OFF (исклучено).

ВАЖНО: Разладувањето на турбокомпресорот и некои делови од моторот е овозможено од маслото на моторот. Сопирање на топол мотор може да предизвика штета на тие делови.

4. Пред сопирањето на моторот кој што работеше при оптоварување, движете ја машината со празен од на две - три минуту за турбокомпресорот да се разлади.

ВНИМАНИЕ: Поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да ја напуштите машината.

5. Свртете го контактниот клуч на OFF (исклучено).

ВАЖНО: Конечно ниво 4/фаза IV: Акумулаторот не треба да го исклучувате најмалку 90 секунди откако ќе ја ИСКЛУЧИТЕ машината. За тоа време катализаторскиот систем за селективно намалување (SCR) автоматски ги прочистува цевките од течноста за издув на дизел мотор (DEF), веднаш по ИСКЛУЧУВАЊЕТО на машината. Ако нема доволно време тогаш не е дозволено линиите да се прочистуваат, било која течност што останува во линиите може да кристализира и да ги запуши линиите. Во екстремно студено време, течноста ќе замрзне и вероватно ќе ги пукне линиите.



H95322 —UN—11FEB10

A—Повеќенаменска рачка
B—Неутрална положба
C—Прекинувач за ниската брзина на моторот
D—Прекинувач за вклучување на хедерот
E—Прекинувач за вклучување на сепараторот

OUO6075,0001304 -A8-05AUG13-1/1

Безбедно ракување со течност за стартување

ВНИМАНИЕ: Течноста за стартување е лесно запалива. НЕ КОРИСТЕТЕ ја во близина на оган, искри или пламен. Прочитајте ги ПРЕДУРПЕДУВАЊА на контејнерот. Заштитете го контејнерот од оштетување. НЕ носете дополнителни или празни резервоари во кабината.

Ако течноста за стартување не се користи неколку дена, отстранете го резервоарот. Проверете ја течноста и работата на вентил со одново инсталирање и притискање прскалката. Ако течноста не се емитира, користете нов резервоар.

За да избегнете случајно испарување кога го складирате садот под висок притисок, држете го капакот на садот. Складирајте во ладна, зашитиена локација.



TS1356 —UN—18MAR92

Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.Не палете или пробивајте сад за течност за стартување.

OUO6075,0000585 -A8-17MAY10-1/1

Помошни средства за стартување во ладни временски услови (ако е вградено)

ВНИМАНИЕ: Избегнете лична повреда или оштетување на моторот. Испрскајте ја течноста само додека моторот работи.


Помошта при стартување единствено функционира во позициите “Run” (контакт) или “Старт” (стартувај).
